Институт
за
европска
политика.
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА **ПОГЛАВЈЕ 23**

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2022 – СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА
# ПОГЛАВЈЕ 23

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2022 – СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ЗА **ПОГЛАВЈЕ 23**

ЗА ПЕРИОДОТ ОКТОМВРИ 2022 – СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

Издавач:
Институт за европска политика – Скопје

За издавачот:
д-р Симонида Кацарска

Уреднички:
д-р Симонида Кацарска
д-р Ардита Абази Имери
м-р Јулијана Караи

Авторки:
Ангела Делевска
Беба Жагар

Лектор:
Дејан Василевски

Графички дизајн и печатење:
Релатив

Скопје, декември 2023 година

Овој извештај е подготвен во рамки на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската унија. Содржината на овој извештај е единствена одговорност на авторите и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската унија.

# Содржина:

Вовед.....8
Методологија.....10

1. Правосудство.....11
   - Стратешки документи.....12
   - Управувачки тела.....14
   - Независност и непристрасност.....22
   - Одговорност.....33
   - Професионалност и компетентност.....38
   - Квалитет на правда.....44
   - Ефикасност.....51

2. Борба против корупцијата.....57
   - Институционална рамка.....58
     - Државна комисија за спречување на корупцијата.....58
     - Јавно обвинителство.....61
   - Правна рамка.....65

3. Фундаментални права.....67
   - Судската практика на Европскиот суд за човекови права.....68
   - Народен правобранител.....69
   - Тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.....71
   - Затвори и притвори.....76
   - Заштита на лични податоци.....78
   - Слобода на мисла, совест и религија.....78
   - Слобода на изразување.....78
     - Притисок врз новинари.....79
   - Ранливи групи и начелото на недискриминација.....82
     - Комисија за спречување и заштита од дискриминација.....82
     - Лица со попреченост.....83
   - Род.....86
   - Говор на омраза.....89
     - Дела од омраза.....89
   - ЛГБТИ+.....91
   - Роми.....93

Библиографија.....96

# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| АЗЛП | Агенција за заштита на лични податоци |
| АКМИС | Автоматизиран информациски систем за управување со судските предмети |
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ГРЕКО | Група држави против корупцијата |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДКСК | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕКЧП | Европска конвенција за човекови права |
| ЕНЕР | Електронски национален регистар на прописи |
| ЕПИ | Институт за европска политика |
| ЕРА | Академија за европско право |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗНМ | Здружение на новинари на Македонија |
| ИКТ | Информатичка комуникациска технологија |
| ИРИ | Меѓународниот републикански институт |
| ИРЛ | Истражувачка новинарска лабораторија |
| ЈОРСМ | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ЛГБТИ | Лезбиска, геј, бисексуална, транс и интерсексуална заедница |
| МАНУ | Македонска академија на науките и уметностите |

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| МИА | Медиумска информативна агенција |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МРТ | Македонска радио-телевизија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НВО | Невладина организација |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| ОЈОГОКК | Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СЕРЕЈ | Европска комисија за ефикасност на правдата |
| СЈО | Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите (Специјално јавно обвинителство) |
| СЈОРСМ | Совет за јавни обвинители на Република Северна Македонија |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници |
| ССРСМ | Судски совет на Република Северна Македонија |
| УБК | Управа за безбедност и контраразузнавање |
| УВМК | Управа за водење на матичните книги |
| УПОЗ | Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија |
| УФП | Управа за финансиска полиција |
| ХКЧП | Хелсиншки комитет за човекови права |

# Вовед

Овој извештај во сенка ги обединува во единствена кохерентна целина сите наоди, заклучоци и препораки што произлегоа од следењето на областите содржани во Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права. Ова е осми ваков извештај што го објавува Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, земајќи ги предвид коментарите и мислењата на невладините организации. Претходните седум извештаи ги покриваа следните периоди: октомври 2014 година – јули 2015 година,[1] јули 2015 година – април 2016 година,[2] мај 2016 година – јануари 2018 година,[3] јуни 2018 година – март 2019 година,[4] април 2019 – март 2020 година,[5] април 2020 – септември 2021 година[6] и октомври 2021 – септември 2022 година.[7]

Извештајот го опфаќа периодот од почетокот на октомври 2022 година, заклучно со крајот на септември 2023 година. Во извештајот се прикажани податоци што се релевантни и пред октомври 2022 година, доколку тие биле потребни за контекстуализација или за појаснување на новините од тековниот извештаен период, а се релевантни за извештајниот период. Периодот на опфат на извештајот соодветствува на извештајниот период на Европската комисија (ЕК) за Република Северна Македонија (РСМ). Овој нацрт-извештај ја следи структурата на Поглавјето 23, согласно извештајот на ЕК. На крајот на секоја област во рамка се издвоени препораките и главните заклучоци.

1 Неда Чаловска и др., „Правосудството и темелните права во Република Македонија“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2015, <https://epi.org.mk/docs/Analiza_Mreza.pdf>.

2 Неда Чаловска, Вислав Стојановски и Александар Јовановски, „Извештај во сенка за Поглавје 23 за периодот од јули 2015 до април 2016 година“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, 2016, <https://epi.org.mk/docs/Izvestaj_mk.pdf>.

3 Велимир Деловски и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот од мај 2016 до јануари 2018 година“, Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, 2018, <https://epi.org.mk/docs/Mreza23_izvestaj%20vo%20senka_2018.pdf>.

4 Ива Цоневска и др., „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2018 – март 2019 година“, 2019.

5 Ива Цоневска и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот јуни 2019 – март 2020“, Институт за европска политика – Скопје, 2020, <https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2020/05/Izvestaj_vo_senka_2020.pdf>.

6 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот април 2020 – септември 2021“, Институт за европска политика – Скопје, 16 декември 2021, https://epi.org.mk/post/20027.

7 Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022“, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23011.

Извештајниот период беше проследен во знак на вклученоста на земјата во скрининг процесот, добивањето на скрининг извештајот за Кластер 1, „Темелни вредности“,[8] како и подготовката на стратешките документи за отворање на истоимениот кластер,[9] паралелно со постојната нагласена политичка поларизација околу „францускиот предлог“ и уставните измени и загрижувачките случувања во областа на владеењето на правото. Дополнително, се презентираше и извештајот на франко-германската работна група за институционална реформа на ЕУ, позиционирајќи го почитувањето на владеењето на правото како неприкосновено уставно начело, суштински за ефективното функционирање на ЕУ и предуслов за пристапување.[10] Со ова, постои потреба од значајни практични промени што се на линија со европските стандарди и докажување на посветеноста од страна на институциите за реформите во областа.

Овој извештај во сенка е изготвен во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“. Проектот е финансиран од Европската унија и има цел да помогне во креирањето на одржливи реформи за владеење на правото во насока на пристапувањето во Европската унија.

8 „Скрининг извештај за Северна Македонија Кластер 1 – Темели (Screening Report North Macedonia Cluster 1 – Fundamentals)“ (Европска комисија, 20 јули 2023), https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-07/MK%20Cluster_1%20Draft%20screening%20report_external%20version.pdf.

9 „СЕП ги седна на маса невладините, заедно ќе ги подготвуваат документите за преговорите со ЕУ“, МКД, 24 август 2023, https://m.mkd.mk/node/523612.

10 Оливие Коста и др., „ИЗВЕШТАЈ НА ФРАНКО-ГЕРМАНСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНА РЕФОРМА НА ЕУ – Пловење на отворено море: Реформирање и проширување на ЕУ за 21 век“ (REPORT OF THE FRANCO-GERMAN WORKING GROUP ON EU INSTITUTIONAL REFORM – Sailing on High Seas: Reforming and Enlarging the EU for the 21st Century), 18 септември 2023, https://www.politico.eu/wp-content/uploads/2023/09/19/Paper-EU-reform.pdf.

# Методологија

При подготвувањето на овој извештај се примени методологијата за следење на областите што се фокус на работа на „Мрежа 23“ – Правосудство, борба против корупција и темелни права,[11] изработена во 2015 година и веќе применета на претходните извештаи. Таа вклучи истражување на официјалните извори на државните и правосудните институции, анализа на медиумското известување за одредени случувања во овие области во предметниот период, многубројни анализи и извештаи подготвени од граѓански организации, како и податоци добиени преку испратени барања за пристап до информации од јавен карактер.

За подготовка на овој извештај во сенка беа направени и консултации со граѓански организации, институции и експерти. Најнапред беа направени консултации за доставување на релевантни анализи, извештаи и истражувања поврзани со Поглавјето 23. Потоа, на 21 декември 2023 година се одржа дискусија за извештајот, што овозможи да се добие значителен, суштински придонес на претставниците на релевантните државни, правосудни институции и граѓански организации во финализацијата на овој документ, со што нивните забелешки, видувања и коментари се вградени во овој извештај во сенка.

Дел од податоците и случувањата опфатени во овој извештај се подетално прикажани и анализирани во кварталните извештаи за владеење на правото во поглед на пристапувањето во ЕУ, кои редовно, во текот на целата година, ги објавуваме на нашата интернет-страница, достапни на следниот линк: https://epi.org.mk/cat/mesecni-izvestai.

11 Наталија Шикова (уред.), „Методологија за мониторинг и евалуација на јавните политики од Поглавјето 23 – правосудство и фундаментални права од законодавството на Европската унија“ (Центар за управување со промени), <https://epi.org.mk/docs/Metodologija_mk.pdf>.



# 1. Правосудство

Во извештајниот период, спроведувањето на реформите во правосудниот сектор стагнираше, имајќи ја предвид временската рамка за реализација на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 година, како и доцнењето на новата Развојна стратегија за правосудниот сектор 2023-2027 година. Од друга страна, постапувањето на правосудните институции во конкретни случаи од јавен интерес, иако неповрзани со спроведувањето на Стратегијата, предизвикаа негативни реакции во стручната и во општата јавност, што влијаеше врз евроинтеграцискиот процес, довербата на граѓаните во реформските процеси и во правосудството, воопшто. Исти реакции предизвика и Законот за измени на Кривичниот законик по скратена постапка, чии одредби ја доведуваат во прашање заложбата за борба против криминалот и корупцијата.[12]

12 „Реакција по повод измените на Кривичниот законик во скратена постапка“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 6 септември 2023 година, https://bit.ly/3RCwT6Z.

# СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Петгодишниот период од спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022, согласно извештајот за процена за 2022 година на Министерството за правда, заврши со 140 целосно реализирани активности од вкупно 227.[13] Од преостанатите активности, 18 се во тек, 14 доцнат, 43 се спроведуваат континуирано, шест зависат од претходно донесување на одделни законски измени и шест се неспроведливи поради промена во пристапот.[14] Во однос, пак, на мерките во Акцискиот план, 52% од нив се целосно реализирани, 34% се делумно реализирани и 14% се нереализирани.[15] Бројката на реализирани и/или делумно реализирани мерки и активности главно се однесува на оние со кои се предвидуваа измени на постојни или донесување нови закони (т.н. регулаторни мерки), кои се веќе спроведени или се во последните фази од нивното донесување. Сепак, дел од процесите за изработка и донесување на одредени законски решенија сѐ уште не се завршени[16] или има извесни предизвици во примената на оние што се веќе донесени.[17]

Од друга страна, обврската за обезбедување на независен судски буџет во висина од износот предвиден со Законот за судски буџет сѐ уште е далеку од остварена, а не се направени ниту значителни активности за подобрувањето на состојбата со човечките ресурси, преку спроведувањето на Стратегијата на човечки ресурси за судската мрежа[18] и Стратегијата на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа.[19] Дополнително, за нереализацијата на дел од мерките и активностите, освен објективните фактори поврзани со политичкото и социјалното опкружување, честите изборни процеси и застојот на работата на Собранието, во голема мера придонесе и нивното несоодветно дефинирање, отсуството на јасни и мерливи индикатори, нереалните рокови, несоодветно проценетите извори на финансиски средства, промената на предвидените мерки и активности во Акцискиот план во текот на периодот на спроведувањето и недоволната координација на институциите/надлежните тела и носители на мерките

13 Министерство за правда, „Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 за 2022 година“, 2022, https://bit.ly/47VOYCn.

14 Исто.

15 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршена ревизија на успешност, ’Ефективност на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 и спроведување на Акцискиот план на стратегијата’“, 2022, https://bit.ly/3Jy04oh.

16 Закон за парничната постапка, Закон за правда за децата итн.

17 Особено во однос на примената на одредени одредби од Законот за јавното обвинителство, Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија и Законот за бесплатната правна помош. Блупринт група за реформи во правосудство, „Втор полугодишен мониторинг бриф: Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година – период на следење: јануари 2022 – јуни 2022“ (Институт за европска политика – Скопје, 19 септември 2022), https://bit.ly/3NnEySR.

18 „Стратегија на човечки ресурси за судската мрежа“, септември 2020, https://bit.ly/3trhzNE.

19 „Стратегија на човечки ресурси за јавнообвинителската мрежа“, октомври 2020, https://bit.ly/3GcekBs.

и активностите.[20] Нецелосното остварување на предвидените мерки и активности се должи и на недоволното следење и евалуација на целокупниот процес на реформи и спроведување на Стратегијата.[21]

Констатираните проблеми се очекува да се надминат со новата Развојна стратегија за правосудниот сектор и Акциски план 2023-2027 година, чие донесување беше најавено за почетокот на летото 2023 година,[22] но таа сè уште не е донесена. Работната група за изготвување на Развојната стратегија заседаваше во мај 2023 година, по што нацрт-стратегијата и акцискиот нацрт-план беа испратени на мислење и предлози до надлежните институции, на 21 август беа доставени на мислење и до експертскиот тим на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“,[23] а на 12 септември и до ЕК.[24] Согласно изјавите на Министерството за правда, по добивање мислење од ЕК, таа ќе биде доставена за донесување до Владата на Република Северна Македонија.[25]

Постои потреба од утврдување на целисходноста и значајноста на нереализираните и делумно реализираните мерки и активности од Акцискиот план 2017-2022 година и нивна вклученост во новата Развојна стратегија за правосудниот сектор со Акциски план за 2023-2027 година за продолжување на реформите во правосудниот сектор;

Надлежните тела за спроведување, следење и евалуација на новата Развојна стратегија и Акциски план 2023-2027 треба да се воспостават со разграничување на нивните надлежности, согласно утврдена методологија и деловник за работа, работејќи координирано, транспарентно и инклузивно;

Да се дефинираат јасни и мерливи индикатори со примена на општо прифатени стандарди, реални рокови, извори на финансиски средства, активности, а за нивната промена транспарентно да се известува и периодично ажурира Акцискиот план.

20 Државен завод за ревизија, „Конечен извештај за извршена ревизија на успешност, 'Ефективност на спроведување на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022 и спроведување на Акцискиот план на Стратегијата'“.

21 Исто.

22 „Изготвена стратегијата за реформа односно развој на правосудството 2023-2027“, 24 вести, 23 април 2023, https://24.mk/details/izgotvena-strategijata-za-reforma-odnosno-razvoj-na-pravosudstvoto-2023-2027.

23 Согласно клучните активности од компонента 1 од Проектот – Правосудство: Подобрување на капацитетите на правосудните органи за остварување на правда на транспарентен и одговорен начин, https://gmr.lbg.ac.at/wp-content/uploads/sites/12/2022/05/leaflet_a4_mk.pdf.

24 „Министерството за правда во соработка со тимот од Проектот за владеење на правото организираше работна средба со членовите на работната група за планирање на активностите за финализирање на Предлог – Развојната стратегија за правосуден сектор 2023-2027“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 19 октомври 2023, https://www.pravda.gov.mk/vest/6607.

25 Исто.

# УПРАВУВАЧКИ ТЕЛА

Извештајниот период го опфаќа периодот по екстензивната, но брза легислативна интервенција,[26] што ја потврди постојната недореченост на законите што резултира со нивно произволно толкување, како и присуството на политичко влијание врз работата на правосудните органи, особено врз работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија (ССРСМ).

Посоченото најпрвин се констатираше со оставката на претседателката на ССРСМ,[27] која дојде на функцијата во април 2021 година[28] поради наводен „притисок од политички бизнис-елити“,[29] а како резултат на реакциите при номинирањето и именувањето членови и заменици-членови на новиот Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО), Комисијата за приемен испит за деветтата генерација на слушатели на почетна обука при АСЈО и Комисијата за завршен испит за седмата генерација слушатели на почетна обука при АСЈО.[30] Поточно, првичните реакции произлегоа од страна на преостанатите членови на Советот поради наводно однапред утврден список на кандидати од страна на претседателката на Советот, без можност за расправа по нив и без можност за предлог на кандидати од страна на преостанатите членови на Советот.[31] Реакциите резултираа со предлог и избор на нови кандидати за Управниот одбор на АСЈО и двете комисии при АСЈО,[32, 33] кои, од друга страна, предизвикаа нови реакции во јавноста, како и од Државната комисија

26 Со цел унапредување на независноста и непристрасноста на правосудниот систем, како мерки за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022, во 2019 и 2020 година се донесоа третиот сет измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет. Во насока на зголемување на независноста на правосудството се и Законот за јавно обвинителство и Законот за изменување и дополнување на Законот за Совет на јавни обвинители.

27 „Соопштение од 422. седница на Судскиот совет на РСМ – 05.12.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3G2etpH.

28 „Павлина Црвенковска едногласно избрана за нов претседател на Судскиот совет“, Академик, 28 април 2021, https://akademik.mk/pavlina-crvenkovska-ednoglasno-izbrana-za-nov-pretsedatel-na-sudskiot-sovet/.

29 Според изјавата дадена за медиумите, поранешната претседателка на Судскиот совет, Павлина Црвенковска, поднела оставка поради дистрибуција на лажни информации до новинарите, како и опструкција и намерно одложување на внатрешните процеси во Советот, кои се од суштинско значење за успешно завршување на задачите и за функционирањето на судството. „Претседателката на Судски совет, Црвенковска поднесе оставка“, Цивил Медиа, 29 ноември 2022, https://civilmedia.mk/pretsedatelkata-na-sudski-sovet-tsrvenkovska-podnese-ostavka/.

30 „Соопштение од 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 24.11.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3XsfCxZ.

31 „Бунт во Судскиот совет, членовите избрани од судиите спречија да помине готов список за гласање за клучни места во Академијата за судии и јавни обвинители“, Сакам да кажам, 26 ноември 2022, https://bit.ly/3GDIqfu.

32 „Соопштение од 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 24.11.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3XsfCxZ.

33 „Соопштение од продолжението на 420. седница на Судскиот совет на РСМ – 07.12.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/47wRM8D.

за спречување на корупција (ДКСК),[34] за судир на интереси[35] и голема концентрација на моќ што им се дава на избраните лица.[36]

Слични реакции предизвика и одлуката на Советот за јавни обвинители на Република Северна Македонија (СЈОРСМ) за избор на двајца членови од редот на јавните обвинители во Управниот одбор на АСЈО, меѓу кои се најде и новиот Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК).[37] Поточно, јавноста реагираше дека неговиот избор отвора можност за  влијание и пристрасност во спроведувањето на завршниот испит и оценувањето на слушателите од седмата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО, меѓу кои беше неговата сопруга.[38] Поради реакциите, новиот шеф на ОЈОГОКК се повлече од позицијата.[39] Во оваа насока, од функцијата вршител на должност директор на АСЈО[40] и кандидатура за нов претседател на Судскиот совет, се повлече и се иззема и кандидатот од Судскиот совет, кој остана само на првичната позиција за која беше избран – член на Управен одбор на АСЈО.[41]

Причината за оставката на претседателката на ССРСМ ниту беше истражена, ниту елаборирана.[42] На петти декември 2022 година беше избрана нова претседателка на ССРСМ,[43] која по само четири месеци од изборот, спротивно на Законот за судскиот совет[44] и Деловникот за работа на Судскиот совет,[45] во отсуство на уредена постапка

34 „Антикорупциска контра Герасимовски: Не се консултирал со нас, не може судија да извршува три функции", А1 on, 2 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/antikorupciska-kontra-gerasimovski-ne-se-konsultiral-so-nas-ne-mozhe-sudija-da-izvrshuva-tri-funkcii/.

35 „Судскиот совет не гледа проблем што нивниот член Герасимоски извршува две функции истовремено", МКД.мк, 18 декември 2022, https://www.mkd.mk/makedonija/sudstvo/sudskiot-sovet-ne-gleda-problem-shto-nivniot-chlen-gerasimoski-izvrshuva-dve.

36 „Герасимовски доби и трета функција, стана директор на Академијата: Не се откажувам од ниедна, сѐ е чисто", А1 on, 30 ноември 2022, https://a1on.mk/macedonia/sudijata-gerasimovski-dobi-i-treta-funkcija-stana-direktor-na-akademijata-ne-se-otkazhuvam-od-niedna-se-e-chisto/.

37 „Записник од 69. седница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/46lPrfM.

38 „Герасимовски и Рајевска незаконски избрани во Управен, судскиот и обвинителски совет како на пазарче со толкувањето закони", А1 on, 27 ноември 2022, https://a1on.mk/macedonia/gerasimovski-i-rajevska-nezakonski-izbrani-vo-upraven-sudskiot-i-obvinitelski-sovet-kako-na-pazarche-so-tolkuvanjeto-zakoni/.

39 Изборот на претседателката на Врховниот суд за член на Управниот одбор на АСЈО, каде што нејзината снаа ја посетуваше почетната обука, предизвика исти реакции како и изборот на Основниот јавен обвинител на ОЈОГОКК за истата позиција. Меѓутоа, таа не се повлече од функцијата. „Абази се повлече од академијата ама Беса Адеми нема таква намера", Алфа ТВ, 12 ноември 2022, https://bit.ly/3MJUKPl.

40 „Соопштение за одржана конститутивна седница на Управниот одбор на Академијата", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 30 ноември 2022, https://bit.ly/3SJ6WDG.

41 „Герасимовски поднесе оставка од функцијата директор на Академијата за судии и обвинители", А1 on, 5 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/gerasimovski-podnese-ostavka-od-funkcijata-direktor-na-akademijata-za-sudii-i-obviniteli/.

42 Блупринт група за реформи во правосудството, „Како да се врати довербата на граѓаните во Судскиот совет на РСМ? Помеѓу статус кво и коренити реформи – Препораки за унапредување на правната и институционалната рамка во која дејствува Судскиот совет на РСМ", 2023, необјавен.

43 „Соопштение од 422. седница на Судскиот Совет на РСМ – 05.12.2022 година".

44 „Закон за Судски совет на Република Северна Македонија", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/2019, член 34, 35, 36.

45 „Деловник за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 274/2019, член 12, 13.

за разрешување и без потребното мнозинство, беше разрешена од функцијата.[46] Разрешувањето на новата претседателка на Советот беше иницирано со спорното дополнување на дневниот ред на седницата[47] и без почитување на законските прописи за иницирање на дисциплинска одговорност на член на советот. Имено, во постојните прописи, предвидени се постапката и условите за избор на претседател на Советот, но не и постапката, условите и основите за разрешување од функцијата претседател на Советот,[48] односно постојат само одредби што ја регулираат дисциплинската постапка и одговорноста на член на Советот.[49] Па, така, доколку доследно ги применувал релевантните прописи, Судскиот совет не можел да донесе одлука за разрешување на претседателката без претходна одлука за нејзино разрешување како член на Судскиот совет. Истото се однесува и за оставката на претходната претседателка.[50] Дополнително, одлуката за разрешување се донесе со несоодветно мнозинство гласови од страна на членовите на Советот, односно, наместо со осум гласа, одлуката беше донесена со седум гласа, од кои еден беше и гласот на членот кој ја иницирал иницијативата за разрешување.[51]

На четврти мај 2023 година, членовите на Советот ја „озаконија" својата одлука со повторна повреда на одредбите од законот и деловникот во однос на исклучувањето на јавноста од седниците на ССРСМ,[52] ставање на првичната одлука надвор од сила[53] и

46 Претседателката на Судскиот совет беше разрешена затоа што одбила на Дневниот ред да стави точка за гласање, како и по обвиненија дека го скрила писмото што го испратила американската амбасадорка до Судскиот совет на 11 април, во кое се критикувала работата на судовите. „Соопштение од 438. седница на Судскиот совет на РСМ – 26.04.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3IVSi6t.

47 За предлогот за дополнување на предложениот дневен ред, Советот гласаше преку електронскиот систем што го користи. Со шест гласа „за" и шест гласа „против", предлогот првично не беше донесен, по што член на Советот изјави дека се сомнева во резултатите од електронското гласање и побара гласањето да се повтори со кревање на рака. При повторното гласање предлогот е изгласан со седум гласа „за" и пет гласа „против" од присутните членови на седницата, со право на глас. Притоа, не беше понудено ниту образложение за сомнежите во резултатите, ниту, пак, образложение за разликата во резултатите од гласањето. „Извештај за 438. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 26 април 2023 година", Коалиција „Сите за правично судење", https://drive.google.com/file/d/1Vrpta0K7JBPkocvnLh-Cmrypm5-M-6mV/view?fbclid=IwAR2_hEZIifzdgHnpuF99SYyJtQo5-Sno5u8KAVA7KlIYuGTJRUhLgwzYh0M

48 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија, член 34, 35, 36.

49 Исто.

50 Претходниот претседателка не би можела да поднесе оставка само од функцијата претседател на Судски совет, согласно одредбите што го регулираат тоа прашање.

51 „Извештај за 438. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија одржана на 26 април 2023 година", Коалиција „Сите за правично судење", https://drive.google.com/file/d/1Vrpta0K7JBPkocvnLh-Cmrypm5-M-6mV/view?fbclid=IwAR2_hEZIifzdgHnpuF99SYyJtQo5-Sno5u8KAVA7KlIYuGTJRUhLgwzYh0M.

52 На две од трите седници одржани на четврти мај 2023 година беше незаконито исклучена јавноста со повикување на член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет, според кој јавноста може да биде исклучена единствено и само „заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија", што не беше случај. Меѓучовечките односи помеѓу членовите на ССРСМ не се и не можат да бидат основа за исклучување на јавноста. Дополнително, од ваквиот начин на постапување на Советот, се забележа и контрадикторно постапување на Советот во иста ситуација. Така, на седницата одржана на 26 април 2023 година, истата оваа точка беше јавна и граѓаните можеа да ја следат дискусијата и одлучувањето по неа. Блупринт група за реформи во правосудство, „Судскиот совет продолжува со незаконитото и нетранспарентното постапување – Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 4 мај 2023", 5 мај 2023, https://bit.ly/47pkAjX.

53 Законот за Судскиот совет не препознава ниту можност за членовите на Советот, донесена одлука, да ставаат надвор од сила, туку само да укинат или, пак, да поништат одлука.

обезбедување на соодветен број гласови.[54] Дополнително, на една од трите одделни седници, која беше единствено јавна, се избраа и новиот претседател и заменик-претседател на Советот,[55] по првпат од редот на судиите, а согласно одлуката на Уставниот суд од седми март 2023 година со која се даде можност за претседател и заменик-претседател на Советот да можат да бидат избрани и членови на Советот кои се судии.[56]

Наведените постапки на Судскиот совет беа предмет на анализа и предизвикаа загриженост и реакции во однос на легитимитетот и транспарентноста,[57] како од домашните,[58] така и од меѓународните чинители.[59] Се побараа оставки од членовите на Советот[60] и запреа проектите и финансиските средства наменети за него од страна на дипломатските претставништва.[61] Воедно, поранешната претседателка поднесе кривична пријава и тужба за оспорување на одлуката за разрешување,[62] додека од друга страна, Судскиот совет расправаше за можен судир на интереси за време на нејзиниот мандат.[63] До крајот на извештајниот период, Управниот суд сѐ уште нема одлучено по поднесената тужба.[64]

Како резултат на посочените реакции, двајцата членови на Советот од редот на судиите (поточно Апелациското подрачје Скопје и управните судови и Врховен суд

54 „Соопштение од 440. итна затворена седница на Судскиот совет на РСМ – 04/05/2023“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3CtcJEh; „Соопштение од 441. итна затворена седница на Судскиот совет на РСМ – 04/05/2023“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3RanHX5.

55 „Соопштение од продолжение на 439. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 04.05.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 4 мај 2023, https://bit.ly/3ukXxIg.

56 „Укинат дел од член 8 од Законот за Судски совет што се однесува на изборот на претседател“, официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 7 март 2023, https://ustavensud.mk/?p=23710.

57 Блупринт група за реформи во правосудството, „Судскиот совет продолжува со незаконитото и нетранспарентното постапување – Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 4 мај 2023“.

58 „Министерот Лога предложи распуштање на Судскиот совет“, ТВ 21, 19 јуни 2023, https://mk.tv21.tv/ministerot-loga-predlozhi-raspushtane-na-sudskiot-sovet/; „Пендаровски: Судскиот совет се посрамоти“, Deutsche Welle, 29 мај 2023, https://www.dw.com/mk/pendarovski-celiot-sostav-na-sudskiot-sovet-se-posramoti-vo-ocite-na-javnosta/a-65763482.

59 „Агелер: Судскиот совет не ги исполни своите законски обврски, 8 ноември 2023“, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32676162.html.

60 Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата, „Барање за поднесување на оставка на членовите на Судскиот совет“, 10 мај 2023, https://transparency.mk/wp-content/uploads/2023/05/reakczi%D1%98a-sudski-sovet-1.pdf.

61 „Холандија стави во мирување проект со Судскиот совет поради скандалите“, Радио Слободна Европа, 26 мај 2023, https://bit.ly/3uAgg2z.

62 „Експретседателката на Судскиот совет, Весна Дамева, поднесе кривична пријава до Скопско обвинителство и тужба до Управниот суд за нејзино разрешување“, Сакам да кажам, 19 мај 2023, https://bit.ly/3sIspIH.

63 Се појави информација дека поранешната претседателка на Советот учествувала во постапки при одлучување одговорност за судии, каде што како странка се јавувал нејзиниот сопруг. Според Судскиот совет, сопругот на Дамева, Младен Дамев, претседател на Управниот одбор и генерален директор на „Скопски пазар“, се јавувал како оштетен и како тужител во неколку предмети што се воделе и што сѐ уште се водат во Кривичниот и во Апелациониот суд. „Судскиот совет расправаше за судир на интереси на експретседателката Дамева“, Meta.mk, 5 јуни 2023, https://meta.mk/sudskiot-sovet-raspravashe-za-sudir-na-interesi-na-ekspretsedatelkata-dameva/.

64 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.

на РСМ (ВСРСМ)) поднесоа оставки[65] од функцијата,[66] по што се објави оглас за нивна замена.[67] Во насока на соодветно спроведување на постапката за избор на нови членови, Советот објави јавен повик наменет за здруженија и фондации од областа на владеење на правото со цел тие да номинираат претставници (член и заменик-член) кои ќе бидат дел од Комисијата за спроведување на изборите.[68] Како резултат на незаконското постапување на Советот што претходеше на распишаната постапка за избор, здруженијата го бојкотираа повикот.[69] Со цел комплетирање на Комисијата за избор, Советот се обрати до Адвокатската комора на РСМ, од каде што беше номиниран член и негов заменик.[70] Конечните кандидатски списоци за избор на новите членови на Советот од редот на судиите се утврдија по прифаќање на приговорот од судијата и претседателот на Основниот суд Кавадарци,[71] со кој, од друга страна, се утврди неконзистентно постапување на членовите на Советот, кога е во прашање нивниот „формализам" околу прифаќањето на условите за исполнување на таксативно наброените документи потребни за кандидатура за член на Советот.[72]

Изборот се спроведе на 13 јули 2023 година, со што се избраа два нови члена на Судскиот совет.[73] Односно, се избра и единствениот кандидат од изборното подрачје на ВСРСМ, за кој во медиумите претходно беа пласирани повеќе информации за запирање на иницираната постапка од Советот за негово нестручно и несовесно работење,[74] како и постапката пред обвинителството за коруптивни дејства во текот на вршењето на

---

65 „Соопштение за 444. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 08.06.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3SSV3v9.

66 На седницата на која им беше констатиран престанок на мандатот, двајца членови накратко ги образложиле причините поради кои поднесуваат оставка од функцијата член на Судски совет. Видно од нивните излагања е дека, меѓу другото, оставката се должи и на несогласувањето по однос на начинот на којшто Советот постапува и одлучува, како и дека можат многу повеќе да придонесат како судии во рамките на судовите во коишто работат, отколку како членови на Советот.

„(Видео) Двајцата членови го напуштија Судскиот совет: Врховната судијка укажа на незаконски одлуки, Герасимовски впери прст во превирањата", Makfax News Agency, 8 јуни 2023, https://bit.ly/3SSYgdX.

67 „Оглас за избор на членови на Судскиот совет од редот на судиите, и тоа: Еден член од редот на судиите од Апелациско подрачје Скопје и еден член од редот на судиите од Врховен суд на РСМ", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 120/2023.

68 „Јавен повик до здруженијата и фондациите во областа на човековите права и владеењето на правото", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 13 јуни 2023, https://bit.ly/46otYmt.

69 Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата и Блупринт група за реформи во правосудството, „Номинација на членови во комисијата за спроведување на избори за членови на Судскиот совет", 23 јуни 2023, https://bit.ly/40SmHdJ.

70 Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Коалицијата „Сите за правично судење", 17.11.2023.

71 „Соопштение од 448. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Ge8RJ8.

72 Институт за човекови права, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет за периодот јануари-јули 2023 година", август 2023, https://bit.ly/3ZuDLpr.

73 „Наќе Георгиев и Антоанета Димовска избрани од редот на судиите за нови членови на Судскиот совет", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 17 јули 2023 година, https://bit.ly/45cJt0h.

74 „Судски совет потврди дека ја запрел постапката против врховниот судија Наќе Георгиев, нема информација за претседателот на Управен, Бурим Сејдини", 360 степени, 4 јули 2023, https://360stepeni.mk/sudski-sovet-potvrdi-deka-ja-zaprel-postapkata-protiv-vrhovniot-sudija-nake-georgiev-nema-informatsija-za-pretsedatelot-na-upraven-burim-sejdini/.

функцијата судија во Основен суд Струмица и во Апелациски суд Штип.[75] Меѓу другото, неговиот избор покажа уште една системска слабост во моделот за избор на членови на ССРСМ, вкоренета во Законот за Судски совет, во кој недостигаат одредби за задолжителни критериуми за учество и конкретни изборни прагови за кандидатите.[76] Поточно, за избраниот кандидат, гласот го дале само шест судии од вкупно 16 судии запишани во Судскиот изборен именик за овој суд.[77] На изборите гласале 13 судии од кои мнозинството (седум) дале неважечки гласачки ливчиња, што може да се смета како форма на изборен бојкот.[78] Оваа состојба беше дополнително обременета и со тоа што нелегитимно избраниот член по неколку дена поднесе неотповиклива оставка[79] поради тоа што требаше да се изврши избор за судија на член од неговото семејство.[80] Последователно, се објавија два огласа за пополнување на испразнетото место,[81] кои пропаднаа поради тоа што немаше пријавено ниту еден судија од ВСРСМ, што укажува на отсуство на доверба на судиите во Судскиот совет.

Како одговор на погоре образложените случувања во Судскиот совет, Европската унија испрати оценска мисија,[82] со цел да ги детектира слабостите во работата на Советот[83] и да понуди препораки за идни чекори што ќе доведат до негово целосно реформирање.[84]

75 „Судии со постапки во Судскиот совет и обвинителство потврдени за кандидати за членови на советот“, ТВ Телма, 5 јули 2023, https://telma.com.mk/2023/07/05/sudii-so-postapki-vo-sudski-sovet-i-obvinitelstvo-potvrdeni-za-kandidati-za-chlenovi-na-sovetot/.

76 Блупринт група за реформи во правосудството, „Реакција по повод избори на два члена на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и изборот на јавни обвинители од Советот на јавни обвинители на РСМ“, 14 јули 2023, https://bit.ly/3Gc86jB.

77 Исто.

78 „Врховните судии ги испочкртаа гласачките ливчиња и го бојкотираа Наќе Георгиев, но тој со само 6 гласа сосе неговиот е избран за нов член на Судскиот совет. Избрана е и Антоанета Димовска“, Сакам да кажам, 13 јули 2023 година, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vrhovnite-sudii-gi-ispochkrtaa-glasachkite-livchina-i-go-bojkotiraa-nake-georgiev-no-toj-so-samo-6-glasa-sose-negoviot-e-izbran-za-nov-chlen-na-sudskiot-sovet-izbrana-e-i-antoaneta-dimovska/.

79 „Соопштение од 450. седница на Судскиот совет на РСМ – 25.07.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Rz2Hdp.

80 „Нејасната ’турнеја‘ на врховниот судија Наќе Георгиев – По нецели две недели новиот член на Судски поднесе оставка, за синот да стане судија“, Призма – Балканската истражувачка репортерска мрежа (БИРН) Македонија, 25 јули 2023, https://prizma.mk/nejasnata-turneja-na-vrhovniot-sudija-nake-georgiev/.

81 „Оглас за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 252/2023; „Оглас за избор на 1 (еден) член од редот на судиите од Врховниот суд на Република Северна Македонија“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 203/2023.

82 „Судски совет од утре ’под лупа‘ на ЕУ – почнува оценската мисија“, Канал 5, 26 јули 2023, https://kanal5.com.mk/sudski-sovet-od-utre-pod-lupa-na-eu-pochnuva-ocenskata-misija/a592935.

83 За време на посетата на оценката мисија, нејзиниот експертски тим имаше разговори со клучните чинители од земјата, вклучително и Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, посебно и како дел од Блупринт групата за реформи во правосудството.

84 „Извештајот на оценската мисија на ЕУ ќе биде разгледуван транспарентно пред медиумите, најави претседателот на Судскиот совет“, 360 степени, 25 септември 2023 година, https://360Stepeni.mk/izveshtajot-na-otsenskata-misija-na-eu-ke-bide-razgleduvan-transparentno-pred-mediumite-najavi-pretsedatelot-na-sudskiot-sovet/.

Нешто што би можело да се издвои како позитивно во работата на Судскиот совет беше носењето на новиот Етички кодекс за своите членови[85] во кој се инкорпорира нов член: Етичко однесување на социјалните мрежи.[86] Понатаму, по критиките од експертската јавност и укажувањето на потребата од подобрување и прецизирање на Програмата и Акцискиот план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025,[87] Судскиот совет во декември 2022 пристапи кон нивна измена и дополнување согласно сугестиите.[88] Дополнително, на 29 септември 2023 година потпиша Меморандум за соработка со СЈОРСМ за меѓусебна координација, планирање и реализирање на заеднички активности: проекции за соодносот на кандидати за идни судии и јавни обвинители при уписот на нови слушатели во АСЈО, заеднички настап пред државните институции за обезбедување подобри материјално-финансиски услови за работа, поголема самостојност во буџетирањето и унапредување на статусот на стручната служба.[89]

Што се однесува до СЈОРСМ, Советот ги пополни старите и новите испразнети места за членови во Советот и согласно тоа работи во полн состав. Поточно, на десетти јануари 2023 година го избра членот на Советот од редот на јавните обвинители за подрачјето на Вишото јавно обвинителство Гостивар,[90] а на 26 април 2023 година го избра членот на Советот, припадник на заедниците во земјата.[91] Преостанатите двајца членови на Советот беа избрани од страна на Собранието на 18 јули[92] и 26 јули 2023 година.[93] Последниот избор на член на Советот предизвика реакции од страна на опозицијата,[94] а

85 „Соопштение од 417. седница на Судскиот совет на РСМ – 19.10.2022 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bitly./3X106J6.

86 Етички кодекс за членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 228/2022.

87 Судски совет на Република Северна Македонија, „Програма и Акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025“, 7 септември 2022, https://bit.ly/3DNooPw.

88 „Соопштение од продолжението на 421. седница на Судскиот совет на РСМ“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3kkhKsK.

89 „Меморандум – нов почеток на соработка на Судски совет и Совет на јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 27 септември 2023, https://bit.ly/3PysYWB.

90 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 10 јануари 2023, https://bit.ly/43h4kj4.

91 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 27 април 2023, https://bit.ly/3sXALps; „Соопштение за избор“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3Gd1Zvl.

92 „Давање свечена изјава“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, 25 јули 2023, https://www.sobranie.mk/ns-newsarticle-davane-svecena-izjava-25-juli-2023.nspx.

93 „Кети Петкова даде свечена изјава како нов член на Советот на јавни обвинители“, 360 степени, 26 јули 2023, https://360stepeni.mk/foto-keti-petkova-dade-svechena-izjava-kako-nov-chlen-na-sovetot-na-javni-obviniteli/.

94 „Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ против предлогот Кети Петкова да стане член на Советот на јавни обвинители“, A1 on, 19 јули 2023, https://a1on.mk/macedonia/pratenicite-na-vmro-dpmne-protiv-predlogot-keti-petkova-da-stane-chlen-na-sovetot-na-javni-obviniteli/.

согласно и на јавноста,[95] како резултат на фактот што во 2009 година, согласно тогашниот закон,[96] не бил реизбран за функцијата основен јавен обвинител поради изречена одлука за нестручно и несовесно вршење на функцијата.[97] Дополнително, на 27 септември 2023 година се констатираше престанок на мандатот на досегашниот претседател на Советот, со што на истата седница се избра и новата претседателка.[98] Во оваа насока, од исклучително значење е да се напомене дека предлог за кандидат за нов претседател имаше само досегашниот претседател, додека другите членови на Советот воопшто немаа предлози, па практично и немаше конкуренција за тоа кој ќе биде новиот претседател на Советот.[99]

Неопходно е ревидирање на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност за член на Судскиот совет со цел заострување на основите за иницирање на постапката и проширување на кругот на субјекти кои можат да се јават како подносители на барањето за дисциплинска постапка;

Потребни се измени и дополнувања на одредбите од Законот за Судскиот совет со цел измена и допрецизирање на постапката за избор на членови на Советот, како од редот на судиите, така и од страна на Собранието. Во однос на првиот начин на избор, потребно е воспоставување на задолжителен цензус, т.е. минимален процент на излезност на судиите со цел изборите да бидат валидни, како и утврдување на неопходно мнозинство гласови за да се смета дека кандидатот е избран. Понатаму, во однос на вториот начин на избор, потребно е да се воспостави претходна проверка со вклученост и на проширена седница на ВСРСМ на која учествуваат, покрај сите судии на ВСРСМ, и претседателите на сите судови во земјата. Дополнително, постапката при избор треба да вклучува и задолжително интервју пред надлежното работно тело во Собранието на кое би зеле учество и претставници на претходно споменатите субјекти, како и граѓанските организации;[100]

Претходна проверка и задолжително интервју се потребни и за кандидатите за членови на Советот на јавни обвинители, со цел презентирање на своите достигнувања, програма за работа и мотивација за член на Советот.

95 „Како ʼразрешенатаʻ обвинителка Кети Петкова сега ќе бира и разрешува обвинители?“, 360 степени, 27 јули 2023, https://360stepeni.mk/kako-razreshenata-obvinitelka-keti-petkova-sega-ke-bira-i-razreshuva-obviniteli/.

96 Согласно тогашниот закон, обвинителите се избирале со мандат од шест години и секој избран обвинител поднесувал барање за (ре)избор/продолжување на мандатот, пред да му истечат тие шест години. Во тоа време, Советот на јавни обвинители е тело што одлучувало за продолжување на мандатите на јавните обвинители. Седницата на Советот на 20 јули 2009 година е седница на која за последен пат се одлучувало за ова прашање согласно овој закон, поради станување на функцијата јавен обвинител за трајна согласно тогашниот нов закон.

97 „Одлука за престанок на функцијата јавен обвинител“, Службен весник на Република Македонија, бр. 90/2009.

98 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 27 септември 2023, https://bit.ly/3t2Q3Jh.

99 Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“, 17.11.2023.

100 Блупринт група за реформи во правосудството, „Како да се врати довербата на граѓаните во Судскиот совет на РСМ? Помеѓу статус кво и коренити реформи – Препораки за унапредување на правната и институционалната рамка во која дејствува Судскиот совет на РСМ“.

# НЕЗАВИСНОСТ И НЕПРИСТРАСНОСТ

Правната рамка, како гаранција за независноста на судството, е добро поставена и целосно спроведена,[101] освен во делот на финансиската независност на судскиот буџет. Сепак, и покрај воспоставената правна рамка, недовербата на граѓаните во правосудството е во пораст, на што укажува и последното истражување од Балканскиот барометар, каде што Република Северна Македонија, во споредба со претходната година, бележи зголемување на недовербата за 10%.[102] Ова го покажуваат и податоците од последната анкета на Меѓународниот републикански институт (ИРИ), каде што 80% од граѓаните-испитаници не веруваат или имаат сомнеж во институциите што се во директна борба против организираниот криминал и корупција, а воедно не се ни чувствуваат сигурни дека можат да добијат соодветна заштита на нивните права пред судовите.[103] Клучна улога во јакнење на довербата на граѓаните во правосудството имаат законодавната власт, извршната власт, медиумите, ССРСМ и СЈОРСМ, преку транспарентност во своето дејствување, поттикнување на транспарентноста на судски постапки, спроведувањето на пресудите, а со тоа и одржувањето на јавната доверба во независноста и непристрасноста на правосудството.[104]

Унапредувањето на транспарентноста останува предизвик и за двата совета. Во извештајниот период, седниците на Судскиот совет во најголем дел беа јавни и на нив беше забележано присуство на претставници на медиумите и на граѓанскиот сектор.[105] Меѓутоа, по незаконското разрешување на претседателката на Советот се промени и досегашната практика на присуство на јавноста на седниците, а постоеше и обид за промена на практиката согласно која медиумите имаат можност да го снимаат целиот тек на седниците. Во однос на првото, доколку едно лице е заинтересирано за следење на јавните седници на ССРСМ, неопходно е претходно да добие одобрение од страна

101 Дел од активностите и мерките утврдени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година што се однесуваат на независноста и непристрасноста се спроведени со донесувањето на третиот сет измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет. Во насока на зголемување на независноста на правосудството се и Законот за јавно обвинителство и Законот за изменување и дополнување на Законот за Совет на јавни обвинители. Со третиот сет измени на Законот за судовите и новиот Закон за Судски совет особено се придонесе кон спроведување на препораките на експертската група предводена од Прибе и препораките дадени од Венецијанската комисија.

102 „Балкански јавен барометар – Табела со резултати (Balkan Public Barometer – Results Table)", Совет за регионална соработка [Regional Cooperation Council (RCC)], https://www.rcc.int/balkanbarometer/results/2/public.

103 Меѓународен републикански институт (ИРИ), „Национална анкета на Северна Македонија | април – мај 2023 година (National Survey Of North Macedonia | April – May 2023)", 10 јули 2023, https://www.iri.org/resources/national-survey-of-north-macedonia-april-may-2023/.

104 Леди Бјанку [Ledi Bianku] и Хана Смит [Hannah Smith], „Независност и непристрасност на судството – преглед на релевантната судска практика на Европскиот суд за човекови права", 2021, <https://www.rolplatform.org/wp-content/uploads/2021/09/independence-and-impartiality-of-judiciary-mkd.pdf>.

105 Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Коалицијата „Сите за правично судење", 17.11.2023.

на ССРСМ.[106] Оваа промена без постоење на легитимна причина, директно се коси со начелото на транспарентност и отвореност на институциите.[107] Во однос на второто, обидот беше извршен на седницата одржана на деветти мај 2023 година, на која на медиумите им беше дозволено да снимаат само кратки инсерти, по што беше побарано камерите да бидат отстранети од просторијата, со образложение дека нема доволно простор во конференциската сала, како и дека камерите влијаат на концентрацијата на членовите на Советот.[108] Оваа одлука веќе следниот ден беше сменета, со образложение дека сепак ќе биде дозволено снимање,[109] а следствено и со обезбедување, седниците на Советот да се пренесуваат во живо од страна на Медиумската информативна агенција (МИА).[110] Преостанатите седници на Советот не беа јавни, поради донесување одлука од страна на Советот за исклучување на јавноста. На нејавните седници беше забележан нерамномерен стандард на постапување и толкување на релевантните одредби што го регулираат ова прашање, па дури и нивно прекршување. Имено, Законот за Судскиот совет точно определува во кои ситуации Советот може да донесе одлука за исклучување на јавноста од седниците.[111] Поточно, во член 39 став 2 е наведено дека јавноста може да биде исклучена заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија, а согласно став 3 кога Советот носи таква одлука, должен е да ја извести јавноста за причините за таквата одлука. Дополнително, доколку станува збор за случај во кој Советот треба да донесе одредена одлука по точката за која јавноста би била исклучена, гласањето за одлуката мора да биде јавно, исто како и одлуката за исклучување на јавноста.[112] Тргнувајќи од ваквиот начин на уредување на јавноста за работењето на Судскиот совет, на 440. и 441. седница на Советот, беше констатирано прекршување на одредбите, со исклучување на јавноста, без претходно јавно објавување за одржување на седниците и без претходно дадено образложение на причините за носење на таквата одлука.[113] Како причина за исклучување на јавноста беше наведено дека се работи за сензитивна тема – меѓучовечки односи, а кога се работеше за две исклучително важни

106 Ивана Петковска и Лејла Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“ (Коалиција „Сите за правично судење“, 2023), https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2023/12/63-MISo-2023.pdf.
107 Исто.
108 „Судскиот совет има обврска да биде транспарентен кон јавноста“, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 9 мај 2023, https://bit.ly/47MxWq8.
109 „Камери во Судскиот совет како досега, така и отсега натаму, ќе има“, официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судии на Република Северна Македонија, 19 мај 2023, https://www.facebook.com/SMSovet/posts/pfbid031EpGHec59Gs2bRg6jo8pDR153g4w4HePbYLZsSJ7iAtDhyc47a3apkp1WYRrt966l.
110 „Георгиев: Овој состав на Судскиот совет ќе биде исклучително транспарентен“, Медиумска информативна агенција – МИА, 10 мај 2023, https://bit.ly/3MYWZyi.
111 Закон за Судски совет на Република Северна Македонија.
112 Исто.
113 Блупринт група за реформи во правосудството, „Судскиот совет продолжува со незаконитото и нетранспарентното постапување – Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 4 мај 2023“.

прашања – ставање на решението за разрешување на претседателката надвор од сила, како и донесување на нова одлука за нејзиното повторно разрешување.[114] Од друга страна, на 438. седница на Советот, кога првично се разреши претседателката, граѓаните можеа да ја следат дискусијата и одлучувањето по неа.[115] Нерамномерно постапување беше забележано и при исклучувањето на јавноста од 454. седница, одржана на 14 септември 2023 година, поради извештај што содржи информации што се однесуваат на работењето на претседателот на Основниот суд Кавадарци, кој е изготвен врз основа на наводи доставени до Советот, а изнесени од страна на граѓани, СЈОРСМ, ДКСК и други чинители.[116] Поточно, не беше јасно образложено зошто Советот смета дека овој извештај ќе го загрози угледот на судијата, односно на претседателот на судот, поради што е неопходно да донесе одлука за исклучување на јавноста, кога извештаите за работењето на конкретен суд или претседател на суд претходно секогаш биле јавно презентирани.[117]

Директно прекршување на законските одредби и одредбите од Деловникот на ССРСМ[118] што се однесуваат на транспарентност и јавност во работата на Советот се констатираа и на седницата кога се избра новиот претседател на Советот, со свикување на седницата надвор од работното време на Советот и петнаесетина минути пред почетокот на седницата.[119]

Како предизвик останува континуираното одржување колегиум од страна на членовите на ССРСМ.[120] Ова доведува до заклучок дека членовите на Советот ги дискутираат важните точки од дневниот ред „зад затворени врати“, а потоа со усогласени ставови пристапуваат на јавна седница, на која ги носат претходно договорените одлуки без или со минимум дискусија, со цел да се остави позитивен впечаток пред присутната јавност.[121]

114 Исто.
115 Коалицијата „Сите за правично судење“, „Посебен извештај за седницата на Судскиот совет на РСМ одржана на 04.05.2023 година“, https://drive.google.com/file/d/1PbXN6QrSYuTbew4gEH4tilrgKxNmj8g3/view.
116 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“.
117 Исто.
118 Согласно член 38 од Законот за ССРСМ и член 11 од Деловникот на ССРСМ, денот на одржување на седница на Советот се објавува на интернет-страницата на Советот, веднаш по закажување на седницата, истовремено со доставување на поканата до членовите на Советот. Поканата се доставува најмалку седум дена пред денот на одржување на седницата, но постои можност поради итни и неодложни работи седницата да се закаже и во пократок рок.
119 Блупринт група за реформи во правосудството, „Судскиот совет продолжува со незаконитото и нетранспарентното постапување – Реакција по повод случувањата во Судскиот совет на РСМ на седницата одржана на 4 мај 2023“.
120 Опцијата за одржување на работни состаноци (колегиуми) беше овозможена уште со Деловникот за работа на Судскиот совет од 2015 година, каде што беше предвидено во член 15 дека претседателот на Советот може да свикува и да одржува колегиуми секогаш кога ќе оцени дека има потреба за тоа. Во Деловникот што е моментално е во сила, таа одредба е пресликана во член 19. „Деловник за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 274/2019.
121 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“.

Исто така, потребна е и поголема примена на аудиовизуелни и тонски снимања на седниците и судењата, кои, иако се законска обврска, во практиката не се применуваа доследно и редовно.[122]

Позитивно во работата на ССРСМ продолжи да биде објавувањето на закажани и одржани седници, донесени одлуки, реализирани состаноци и средби, изготвени извештаи, записници и други материјали поврзани со работата на Советот на интернет-страницата на Советот. Во согласност со кажаното е и ангажирањето лице за односи со јавност,[123] како и почестите средби со Судско-медиумскиот совет со цел подобрување на транспарентноста на Советот,[124] чии резултати потребно е да се видат во периодот што следува.

Значајни мерки за подобрување на транспарентноста на судството беа преземени од страна на Судско-медиумскиот совет и ВСРСМ. Преку нивна меѓусебна поддршка и соработка, првично се донесе начелен став за јавно објавување на неправосилни одлуки (пресуди и решенија) од страна на судовите, кои се однесуваат на предмети од јавен интерес,[125] и се поднесе иницијатива до Министерството за правда за измена на член 9 од Законот за движење и управување со предмети[126] и член 99 став 5 од Законот за судовите,[127] со што ќе се овозможи спроведување на оваа начелна позиција. Потоа, се донесе и начелен став за акредитација на медиумите во врска со одобренијата за снимање и фотографирање по конкретен предмет.[128] Во оваа насока, Судско-медиумскиот совет го донесе и Планот за работа на Советот за 2023-2025 година за унапредување на транспарентноста и соработката меѓу новинарите и судиите,[129] согласно кој назначи

122 Извесен период по разрешувањето на поранешната претседателка, повторно можеше да се забележи дека електронскиот системот за тонско снимање и гласањето не беше во функција, за разлика од претходно, така што членовите гласаа со кревање рака. Ниту од поранешниот заменик-претседател Селим Адеми, кој ги водеше седниците до изборот на новиот претседател, ниту од новиот претседател Сашко Георгиев, не се образложи зошто системот токму во тој период не беше во функција. Институт за човекови права, „Извештај од следењето на работата на Судскиот совет за периодот јануари-јули 2023 година“.

123 „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 19 мај 2023, https://bit.ly/3GmG19a.

124 „Средба на Судскиот совет со членови на Судско-медиумскиот совет“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 19 мај 2023, https://bit.ly/3uFqJK5.

125 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Начелен став за објавување на донесените судски одлуки на интернет-страниците на судовите“, 21 декември 2022, https://bit.ly/3GLvZP1.

126 „Министерството за правда ја прифати иницијативата на Судско-медиумскиот совет“, официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 22 јуни 2023, https://bit.ly/49UKzkJ.

127 „Соопштение од одржана Општа седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 30 декември 2022, https://bit.ly/3iJcVsN.

128 „Врховниот суд утврди начелен став за акредитациите на медиумите“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 14 јули 2023, https://bit.ly/3rY1C4n.

129 „Соопштение“, официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 28 април 2023, https://www.facebook.com/SMSovet/posts/pfbid0bMBkxevhhx8z1fhFzQmmabKYV2pjBR9ktec8fbEwqRdPXi2ePTgnyFV7DLnBLXVl.

членови, одговорни за комуникација со Судскиот буџетски совет за обезбедување средства за ангажирање персонал за односи со јавност во апелациските судови и судовите со проширена надлежност,[130] како и да спроведе обука за комуникациски вештини за 40 судии и портпароли на судовите.[131]

Со цел подобрување на професионализмот и надлежноста на судиите, а во насока на соодветно извршување на судските должности, потребно е судиите почесто да се обраќаат на Советодавното тело за судиска етика. Од претходниот извештаен период до септември 2023 година, Советодавното тело нема примено ниту едно барање за советодавно мислења.[132]

Во поглед на транспарентноста на работата на СЈОРСМ може да се констатира дека седниците се отворени за јавноста и на нив може да се присуствува на сите точки, освен кога јавноста е исклучена согласно законот.[133] На седниците, членовите влегуваат во дискусија, но недостига иницијативност кај нив да предлагаат точки на дневен ред што понатаму би биле разгледувани и дискутирани.[134] Што се однесува до објавувањето на интернет-страницата, соопштенијата за одржување на седниците навремено се објавуваат, почитувајќи го пропишаниот рок. Меѓутоа, СЈОРСМ продолжува со практиката на нередовно објавување на записниците од одржаните седници.

Дополнително, објавените записници содржат само општи и генерички податоци и не ја отсликуваат реалната дискусија што се водела на седницата, а не се објавуваат ни во соодветен формат.[135] Истите забелешки се однесуваат и на објавувањето на образложени одлуки за избор, унапредување и разрешување на јавните обвинители, како и другите одлуки што се донесени од негова страна, што е во целост спротивно на Правилникот за работа на СЈОРСМ.[136] Изостанува и активна транспарентност во

130 Исто.

131 „Соопштение“, официјална фејсбук-страница на Судско-медиумскиот совет при Здружението на судиите на Република Северна Македонија, 8 ноември 2023, https://bit.ly/3sRTwe4.

132 „Поставени прашања и одговори“, официјална интернет-страница на Советодавното тело за судиска етика, https://sudiskaetika.mk/#sudija.

133 СЈОРСМ може да ја исклучи јавноста само со одлука, заради заштита на угледот и интегритетот на јавниот обвинител. Согласно член 14 од Деловникот за работата на СЈОРСМ, Советот може да одлучи да ја исклучи јавноста од седниците со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови. Доколку Советот донесе таква одлука, тој е должен да ја извести јавноста за причините за исклучување на јавноста.

134 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“.

135 Записниците од седниците се објавуваат во формат на слики, а не во формат на документи, што ѝ оневозможува на јавноста да ги преземе, за да пристапи полесно до информациите што ѝ се потребни. Исто.

136 Во член 16 став 7 од Правилникот за работата на СЈОРСМ е наведено дека одлуките на Советот мораат да бидат образложени и тие се објавуваат на интернет-страницата на Советот. „Закони и подзаконски акти“, официјална интернет-страница на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3v8rfgH.

делот односи со јавност и објавување информации поврзани со секојдневното дејствување на СЈОРСМ. Во оваа насока, на интернет-страницата отсуствуваат контакт-податоци за лице за односи со јавност, како и податоци за одговорно лице за слободен пристап до информации од јавен карактер, што е спротивно на член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

И покрај повеќегодишните критики и апели за измени на одредени формулации на член 10 од Етичкиот кодекс за јавните обвинители,[137] кои ја ограничуваат способноста на јавните обвинители да коментираат предмети и јавно да дискутираат за работата на СЈОРСМ и на републичкиот јавен обвинител,[138] за време на извештајниот период тие почнаа да се применуваат.[139] Така, кога јавна обвинителка јавно ја критикуваше работата на Советот, за време на научна конференција,[140] Советот го упати прашањето до Етичкиот совет на јавните обвинители за да утврди дали обвинителката треба да одговара за овие забелешки.[141] Формулациите, како и постапувањето на Советот, се спротивни на транспарентното и отчетното дејствување на Советот, а со нив се ограничува и слободата на изразување и можноста за давање на критичко размислување од страна на јавните обвинители. Потребата за промена на Етичкиот кодекс беше нотирана и од страна на Групата на држави против корупцијата (ГРЕКО), по што, последователно, беше изготвен предлог за негова измена и дополнување од Здружението на јавните обвинители.[142] Имено, со предлогот на Здружението се постапува по препораката од ГРЕКО за измена на член 7 за внесување и објаснување на терминот „гостољубивост“, како и измена на стриктната забрана во член 10.[143]

137 Ива Цоневска Вангелова и Исмаил Камбери, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот помеѓу април 2020 и септември 2021 година“, Скопје, 2021, https://bit.ly/3DQ0hOx; Ангела Делевска и Беба Жагар, „Извештај во сенка за Поглавјето 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022“, Скопје, 29 декември 2022, https://epi.org.mk/post/23011.

138 „Етички кодекс на јавните обвинители во Република Северна Македонија“, Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, 5 мај 2021, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2021/05/etichki-kodeks-na-%D1%98avnite-obviniteli-2021.pdf.

139 Коалицијата „Сите за правично судење“, „Извештај за 78. седница на Советот на јавните обвинители на РСМ одржана на 27.04.2023 година“, https://drive.google.com/file/d/1qIOHQu2NZR0MkwoFz1o1iq8fG537RNFP/view.

140 „Ленче Ристоска: Советот на јавни обвинители е извор на тргување со влијание и треба да се реформира“, Телма ТВ, 25 април 2023, https://telma.com.mk/2023/04/25/lenche-ristoska-sovetot-na-javni-obviniteli-e-izvor-na-trguvanje-na-vlijanie-i-treba-da-se-reformira/.

141 „Советот на јавни обвинители ѝ се налути на Ленче Ристовска за изјавата дека тргуваат со влијание“, Сакам да кажам, 27 април 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/sovetot-na-javni-obviniteli-se-naluti-na-lenche-ristoska-za-izjavata-deka-trguvaat-so-vlijanie/.

142 Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 29.11.2023.

143 СЈОРСМ на осумдесет и деветтата седница, одржана на 08.11.2023 година, го донесе предлогот на Здружението на јавните обвинители за изменување и дополнување на Етичкиот кодекс на јавните обвинители и донесе Етички кодекс за изменување и дополнување на Етичкиот кодекс на јавните обвинители на Република Северна Македонија. „Соопштение“, официјална интернет-страница на Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 8 ноември 2023, https://bit.ly/3GmL1ul.

Со изборот на новите органи,[144] Здружението презеде и низа активности за подобрување на транспарентноста и интегритетот на јавните обвинители. Поточно, ја подобри соработката со одредени институции,[145] комори[146] и граѓански организации,[147] меѓу кои и со Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ),[148] и пристапи кон изработка на нова интернет-страница на која би се пласирале информации од интерес на јавноста.[149]

Како што е наведено и во претходните извештаи во сенка, важен аспект од независноста на правосудниот систем е секако и финансиската независност. Имено, финансиската независност и зголемувањето на платите во судството претставуваат предмет на дискусија повеќе години. Сепак, постои конзистентност во политиките на законодавната и извршната власт во неспроведување на правните гаранции за финансиска независност на судскиот систем преку необезбедување на задолжителните 0,8% од БДП во ниту еден државен буџет од донесувањето за Законот за судскиот буџет во 2010 година.[150] Судскиот буџет дури бележи намалување во споредба со минатата година, каде што за 2022 година изнесувал 0,3% од БДП, додека за 2023 година изнесува 0,296% од БДП, што е за 60% помал износ од законски утврдениот лимит.[151] Поради тоа, судскиот буџет е несоодветен за да ги покрие сите потреби на судството и воедно не дозволува поголеми финансиски вложувања за поголема функционалност поради што судовите функционираат со минимум услови за работа. Потребно е зголемување на средствата доделени и на Јавното обвинителство, како клучен орган за сузбивање на криминалот и корупцијата. Одобрениот износ на наменски средства за Јавното обвинителство за 2022 година изнесува 0,22% од Буџетот на Република Северна Македонија,[152] наспроти законски утврдените 0,4% од Буџетот на Република Северна Македонија,[153] што континуирано не ги задоволува неговите потреби.

144 „Избрани нови органи на Здружението на јавните обвинители", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 22 декември 2022, https://jorm.gov.mk/izbrani-novi-organi-na-zdruzhenieto-na-javnite-obviniteli/.

145 „Здружението на јавните обвинители – иницијатор на протокол за соработка меѓу Јавното обвинителство и МВР", официјална интернет-страница на Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 30 март 2023, http://212.13.72.102/mk/news/index/5.

146 „Потпишан Меморандум за соработка меѓу Здружението на јавните обвинители и Адвокатската комора", официјална интернет-страница на Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 23 мај 2023, http://212.13.72.102/mk/news/index/6.

147 „Средба помеѓу ЕПИ и претседателот на Здружението на јавните обвинители", официјална фејсбук-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, 3 февруари 2023, https://www.facebook.com/EPI.Skopje/posts/pfbid031LhbM6fk8hFESvYtx5ys9yKpND5PneZwy5H8vziVmZFsppe6QugsRfuSxvTvjWDKl.

148 „Соработка за јакнење на транспарентноста – средба со ЗНМ", официјална интернет-страница на Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 18 февруари 2023, http://212.13.72.102/mk/news/index/1.

149 Интернет-страницата ќе биде во функција од јануари 2024 година. Придонес кон Извештајот во сенка од страна на Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, 29.11.2023.

150 Центар за правни истражувања и анализи, „План за подобрување на работата и условите во основните судови", 2021, https://bit.ly/3h0kZUN.

151 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 15 декември 2023.

152 Исто.

153 Закон за јавно обвинителство, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.

## Дигитализација на правосудството и АКМИС

Процесот на дигитализација во правосудството се спроведува преку Советот за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи (Совет за ИКТ) во рамките на Министерството за правда. Во извештајниот период, согласно Оперативниот план за дигитализација на правосудните органи, а со поддршка на Мисијата на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во Скопје, заврши опремувањето на петте судници на основните судови во Струмица, Штип, Кавадарци, Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје (која беше и официјално пуштена во употреба на 28 октомври 2022 година).[154] Потоа, на 30 ноември 2022 година, со поддршка на ЕУ, беше официјално пуштена во употреба и најголемата и најопремената дигитална судница во Казнено-поправниот дом „Идризово“.[155] Меѓутоа, со одржување на првото рочиште во судницата на 14 декември 2022 година[156] се појавија одредени реакции, поради непочитување на начелото за јавност на кривичната постапка.[157] Поточно, се реагираше за ненавремено известување на јавноста за рочиштето, ненаведено точновреме и локација за рочиштето во календарот на судења на официјалната интернет-страница на судот, како и непристапност до судницата.[158] Затоа, иако судовите можат да отстапат од начелото на јавност поради одредени законски причини, вклучувајќи ја и безбедноста на учесниците во постапката, безбедносните мерки треба да се приспособат и да бидат во согласност со начелото на сразмерност, откако ќе се разгледаат сите можни алтернативи за обезбедување безбедност и сигурност во судницата.[159]

До крајот на извештајниот период не беше одржано друго рочиште во дигиталната судница во Казнено-поправниот дом „Идризово“. Дополнително, набавената опрема за петте гореспоменати судници се користи само од страна на Основен кривичен суд Скопје и Основен суд Кавадарци.[160]

154 „Соопштение за јавност: Завршен проект – Промоција на новата судница во Основниот кривичен суд Скопје“, судски портал на Република Северна Македонија, 28 октомври 2022.
155 „Официјален почеток на најголемата дигитална судница во државата“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 30 ноември 2022, https://www.pravda.gov.mk/vest/6453.
156 „Соопштение за јавност: Прво судење во новата дигитална судница во рамки на КПУ Идризово“, Судски портал на Република Северна Македонија, 14 декември 2022, https://bit.ly/3T57Vye.
157 Коалиција „Сите за правично судење“, „Економичноста на постапката не смее да биде на сметка на јавноста и транспарентноста“, 2022, https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2023/04/25-JR-122022.pdf.
158 Исто.
159 Европскиот суд за човекови права, Крестовскиј против Русија, бр. 14040/03, [Krestovskiy v. Russia (Application no. 14040/03)], 28 октомври 2010, https://hudoc.echr.coe.int/app/conversion/pdf/?library=ECHR&id=001-101314&filename=001-101314.pdf&TID=ihgdqbxnfi.
160 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.

Сепак, Советот за ИКТ продолжи со активностите за дигитализација. Судскиот буџетски совет го одобри барањето од Советот за обезбедување на финансиски средства за набавка на 46 фемида-лиценци за аудиоснимање и осум лиценци за аудиовизуелно снимање за судовите, а донесена е и одлука за замена на сите компјутери што користат оперативен систем XP.[161] Се презедоа и активности за побрзо ставање во функција на услугата за електронско издавање уверенија од кривичната евиденција за физички и правни лица.[162] Исто така, интензивирани се и унапредени активностите за надградба на формата на уверенијата од казнената евиденција, со потребата за евидентирање на архивски број, името на судот и името на претседателот на судот, а како резултат на укажување од страна на судовите и неможноста на издавање апостил за електронските уверенија.[163]

На први јануари 2023 година почна задолжителната примена на системот за управување со предмети од страна на јавните обвинителства,[164] а во септември 2023 година Министерството за правда, по примерот на спроведениот редовен надзор над Автоматизираниот информациски систем за управување со судските предмети (АКМИС), најави надзор над системот за електронска распределба на предметите во јавните обвинителства.[165] Во следниот период се очекува предлог-законот за дополнување на Законот за јавното обвинителство за оваа намена да се објави на Електронскиот национален регистар на прописи на Република Северна Македонија (ЕНЕР).[166]

Согласно извештаите[167] и планот за надзор над функционалноста на АКМИС,[168] редовно се спроведуваат надзори на функционирањето на АКМИС. Имено, согласно објавените податоци од Министерството за правда, во судовите за 2022 година извршен е надзор на 11 суда,[169] а до септември 2023 година извршен е надзор на десет суда.[170] Дополнително, во годишниот извештај за спроведување на Стратегијата на Министерството за правда

161 Министерство за правда, „Предлог полугодишен извештај за работа на Совет за координирање на информатичко-комуникациска технологија во правосудните органи за јануари/јуни 2023 година“, https://bit.ly/412Y2D6.
162 Исто.
163 Исто.
164 „Од 1 јануари 2023 година задолжително ќе се применува системот за управување со предмети во јавните обвинителства“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 1 јануари 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6465.
165 „Министерството за правда ќе врши надзор над системот за електронска распределба на предметите во јавните обвинителства“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 16 септември 2023, https://pravda.gov.mk/vest/6595.
166 Исто.
167 „Записници од увид во судови“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, https://www.pravda.gov.mk/resursi/22.
168 План за надзор 08-1001/1 од 12.02.2020 и План за надзор 08-33/4 од 31.01.2022.
169 Министерство за правда, „Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 за 2022 година“, 2022, https://bit.ly/47VOYCn.
170 Министерство за правда, „Записници од увид во судови“, https://www.pravda.gov.mk/resursi/22.

за 2022 година се нотира дека редовните надзори даваат резултати, односно дека генерално е забележан напредок во организацијата на судовите околу системот АКМИС.[171] Меѓутоа, од јавнодостапните извештаи од работните посети во судовите од страна на Судскиот совет, констатирани се низа неправилности поврзани со распределбата на предметите преку системот АКМИС и негово манипулирање.[172] Ваков е случајот со Основен суд Куманово, каде што, освен злоупотреба на системот АКМИС од страна на вршителот на должност претседател на судот, со извршениот надзор во февруари 2023 година се констатирани и нарушувања на угледот на судиската функција, како и груби повреди на начелото на недискриминација.[173] За злоупотреба на АКМИС во јуни 2023 година беше поднесена и кривична пријава против претседателот на Управниот суд Скопје од страна на вработените во судот.[174] Идентификуваните злоупотреби на системот АКМИС, последователно, беа предмет на обвинувања и префрлање на одговорноста меѓу министерот за правда и Судскиот совет.[175]

Евидентирани слабости на системот АКМИС има и заради неговата застареност што има потреба од поголеми интервенции.[176] За таа цел, се утврди потреба од надградба на постојниот или воведување на нов софтверски систем, за што од Кралството Норвешка беше ветена донација во износ од 6,8 милиони евра.[177] Последователно, беа организирани и студиски посети во Кралството Норвешка со цел македонските судии и членови на Советот за ИКТ да се запознаат со карактеристиките на норвешкиот систем за управување со судските предмети што во иднина би послужил како пример за развој

171 Исто.

172 „Извештаи (месечен, квартален, полугодишен, годишен)“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3uYoTnO.

173 „Разгорени“ меѓучовечките односи во кумановскиот суд“, Радио Слободна Европа, 12 јули 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/razgoreni-megjuchovechkite-odnosi-vo-kumanovskiot-sud-/32498983.html.

174 Вработените во судот се сомневаат за рачно распределување предмети, намерно застарување на над 190 предмети од 2021 до 2023 година, главно финансиски предмети од Царинската управа и Управата за јавни приходи, како и вработување на блиски роднини. Кривичната пријава е проследена до премиерот, до заменичката на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење, до Финансиската полиција и до Државната комисија за спречување на корупцијата. Обвинетиот претседател на судот ги отфрли наводите како пристрасни. Досега само Финансиската полиција има отворено случај за расветлување на наводите, без наведен рок за понатамошни дејства. „Кривична пријава против шефот на Управниот суд, Бурим Сејдини“, Алсат М, 9 јули 2023, https://alsat.mk/mk/krivichna-prijava-protiv-shefot-na-upravniot-sud-burim-sejdini/.

175 Министерот за правда истакна дека поминале пет месеци од посетата на Советот на судот и било поднесено итно барање до Судскиот совет, но сè уште не биле преземени мерки. Како одговор, Судскиот совет појасни дека АКМИС е во надлежност на министерството, кое врши редовен и вонреден надзор на судовите во однос на истиот. Доколку се утврдат отстапувања или неправилности, Министерството може да подготви извештај за иницирање на соодветни постапки. „Соопштение“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 12 јули 2023, https://bit.ly/3Q1cvKy.

176 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2021 – септември 2022 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 25 ноември 2022, https://epi.org.mk/post/22609.

177 „Норвешка ќе донира 6,8 милиони евра за нов АКМИС систем“, Канал 5, 19 септември 2022, https://kanal5.com.mk/norveshka-kje-donira-6-8-milioni-evra-za-nov-akmis-sistem/a547593.

на новиот систем АКМИС во земјата.[178] Меѓутоа, поради нерасположливи средства од страна на државата за одржување на новиот систем АКМИС, неговото воведување е во стагнација.[179]

И покрај воспоставената правна рамка, која, заедно со Уставот на РСМ, ја гарантира независноста на судството и начелото на поделба на власта, недовербата на граѓаните во судството е во пораст, како што покажува и последното истражување од Балканскиот барометар, во кое Република Северна Македонија, во споредба со претходната година, бележи зголемување на недовербата за 10%. Не е висока довербата ниту во јавното обвинителство;

Потребна е доследна примена на законските одредби и одредбите од Деловникот на ССРСМ што се однесуваат на транспарентност и јавност во работата на Судскиот совет, како и укинување на практиката на донесување одлуки за избор и за разрешување судии без аргументација и зад затворени врати;

Објавувањето на образложени одлуки за избор, унапредување и разрешување на јавните обвинители, како и другите одлуки што се донесени од страна на Советот на јавни обвинители е од исклучителна важност за враќање на довербата на граѓаните во јавното обвинителство. Потребна е и активна транспарентност во делот односи со јавност и објавување информации поврзани со секојдневното дејствување на Советот на јавни обвинители со цел доближување на работата на Советот до јавноста и афирмација на надлежностите на Советот;

Потребно е зголемување на буџетот на судството и јавното обвинителство. Сè уште не се исполнети мерките во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 во кои е предвидено зголемување на судскиот буџет. Законот за судски буџет во однос на издвојување на БДП на судството не се спроведува години наназад;

Потребно е да се направи анализа на досегашната примена на системот АКМИС и да се утврди дали треба да се воведе нов софтверски систем или да се надгради постојниот. Во оваа насока, потребно е утврдување на расположливите средства од страна на државата со цел доследно одржување на системот. Потребен е и потемелен надзор на функционалноста на системот како и доследна и навремена казнивост за неговите злоупотреби.

178 „Претставници на Врховниот суд оствария студиска посета во Осло за унапредувањето на системот АКМИС", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 26 октомври 2022, https://bit.ly/3D27b3Y.

179 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.

# ОДГОВОРНОСТ

Согласно законски измени од 2019 година,[180] во извештајниот период се донесени три одлуки за разрешување судии.[181] Основа за разрешување во две од одлуките е нестручно и несовесно вршење на функцијата – намерно и неоправдано извршување на крупна професионална грешка при различно толкување на правото и фактите, додека во третата одлука, основата за разрешување е незакажување рочишта за доделени предмети.[182] Во извештајниот период, не е разрешен ниту еден претседател на суд. Дополнително, во извештајниот период, ССРСМ нема поведено дисциплинска постапка против судии и претседатели на судови, како и ниту против членови на ССРСМ.[183]

Во однос на постапување по претставки, во извештајниот период ССРСМ постапувал по 446 претставки на граѓаните и правните лица за работата на судовите, претседателите на судовите и судиите, од кои 372 претставки или 85% биле одбиени како неосновани.[184] Најголем дел од поднесените претставки, идентично како и во претходните извештајни периоди, се отфрлени или одбиени како неосновани од причина што подносителите во претставката изнесуваат жалбени наводи, за чие одлучување надлежност имаат само повисоките судски инстанции.[185] Оттука, очигледно е дека низ годините преовладува истиот проблем, односно граѓаните не ги разбираат концептот и намената на претставките, а ССРСМ по однос на проблемот е исклучително пасивен. Во однос на начинот на постапување на ССРСМ по претставките, останува практиката на реферирање на претставката од страна на член на Советот со неколку реченици без притоа да се навлезе во суштинскиот дел и причините поради кои претставката се смета за основана или неоснована, а потоа таа се донесува едногласно од страна на членовите на ССРСМ согласно предлогот на известителот кој ја реферира претставката.[186] Претставките што се основани, од друга страна, немаат можност да се следат.[187] Информации за нив отсуствуваат и во годишните извештаи за работа на Судскиот совет, во рамките на кои се констатира само вкупниот број на основани претставки, без притоа да се даде осврт поради која причина тие биле основани, како и кои мерки биле преземени од страна на

180 „Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 96/2019; „Закон за Судски совет на Република Северна Македонија“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 102/2019.
181 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 15 декември 2023.
182 Исто.
183 Исто.
184 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија“.
185 Исто.
186 Исто.
187 Исто.

координаторот определен во текот на таа година за предметниот суд, кој е надлежен да ја следи работата на судијата на којшто се однесувала поднесената претставка. Затоа, потребно е да се зголемат напорите од страна на ССРСМ за едуцирање на граѓаните за правилно користење на овој механизам, како и за соодветно информирање на граѓаните по однос на постапувањето по основаните претставки, а со цел зголемување на довербата во судството.

Согласно законските измени од 2020 година,[188] во извештајниот период нема разрешено јавни обвинители.[189]

По спроведената дисциплинска постапка против трите јавни обвинителки, инволвирани во претресот на Управата за финансиската полиција[190] и разгледување на извештајот на обвинителот-известител, на 30 март 2023 година, Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавно обвинителската функција при ЈОРСМ, донесе Решение со кое утврди дека претходната шефица на ОЈОГОКК направила сериозен дисциплински прекршок, согласно што поднесе предлог за нејзино разрешување до СЈОРСМ.[191] Втората јавна обвинителка од ОЈОГОКК доби 30% намалување на нејзината месечна плата за период од шест месеци како дисциплинска мерка, а третата јавна обвинителка беше ослободена од одговорност.[192] За предлогот за разрешување, поранешната шефица на ОЈОГОКК на дебатна емисија на национална телевизија изјави дека се работи за притисок и закани да си даде оставка,[193] а по почнатата истрага против поранешниот генерален секретар на Владата за набавка на софтвер за сообраќајни прекршоци.[194]

Предупредувања за потенцијални дисциплински постапки против јавни обвинители со повеќекратни неоправдани отсуства беа испратени од страна на Јавниот обвинител на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија (ЈОРСМ), а како резултат на донесениот извештај од страна на ССРСМ од работна посета во Основен кривичен суд

188 „Закон за јавно обвинителство", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020; „Закон за изменување и дополнување на Законот за советот на јавни обвинители", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.
189 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 5 декември 2023.
190 „Соопштение", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 1 август 2022.
191 „Соопштение", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 30 март 2023, https://jorm.gov.mk/sooopshtenie/.
192 Исто.
193 Вилма Русковска, „Топ тема", Телма ТВ, 3 април 2023, https://www.youtube.com/watch?v=9elwuTJvUXI&t=488s.
194 Вилма Русковска на дебатната емисија посочи дека ѝ била понудена функцијата заменик-јавен обвинител на ЈОРСМ во замена за нејзината оставка. За разлика од неа, на внукот на нејзината сестра, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Куманово, му било ветено работно место во Вишото јавно обвинителство во Скопје. Таа нагласи дека дисциплинската постапка против неа и предлогот за нејзино разрешување се со намера да се „фати на пенал". Исто.

Скопје.[195] Извештајот од работната посета во судот укажа повеќекратно пролонгирање на судски рочишта поради отсуство на јавни обвинители, по што Јавниот обвинител на ЈОРСМ побара детален извештај од страна на ССРСМ за одложувањата на рочиштата и оправдувањата за отсуствата од страна на јавните обвинители.[196]

Во однос на постапување по претставки, во 2022 година СЈОРСМ постапувал по сите поднесени 182 претставки, што, од друга страна, претставува намалување во бројот на поднесени претставки за 78% во однос на претходната година.[197] Најголем дел од претставките се поднесени од оштетени лица за изразување незадоволство од времетраењето на постапката и неажурност во преземањето дејства од страна на јавниот обвинител, кој постапувал по конкретен предмет, како и донесените јавнообвинителски одлуки за отфрлање на предметот.[198] Незначителен е бројот на претставките во кои се искажува незадоволство поради застареност на кривично гонење и неможност јавниот обвинител да преземе дејства по кривичната пријава. Во однос на постапувањето по претставките за време на седниците, од друга страна, може да се констатира дека СЈОРСМ ретко презентира, образложува или поведува каква било дискусија по однос на некоја претставка за време на седниците.[199] Дополнително, во Годишниот извештај на СЈОРСМ за 2022 година се наведува дека во текот на проверката на наводите од претставките, забележани се пропусти во постапувањата на јавните обвинители од формална природа, а во мал дел пропусти и од суштинска природа.[200]

Во текот на извештајниот период се појави загриженост од страна на граѓанските организации во врска со незапознаеноста на СЈОРСМ со работата и постапувањето по предмети од страна на двајца јавни обвинители кои по четири години работа во Специјалното јавно обвинителство (СЈО) се вратија во матичното обвинителство. Оваа загриженост беше изразена по допис од јавен обвинител од ОЈО Куманово, а веста ја објави Коалицијата „Сите за правично судење“.[201] Во член 9 од Законот за Советот на

195 „Јавниот обвинител на РСМ испрати писмено барање до Судскиот совет“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 1 септември 2023, https://jorm.gov.mk/javniot-obvinitel-na-rsm-isprati-pismeno-barane-do-sudskiot-sovet/.

196 Исто.

197 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2022 година“, март 2023 година, https://bit.ly/3RzdmEm.

198 Исто.

199 Емилија Спасовска, „Извештај од мониторингот на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во 2022 година“, Коалиција „Сите за правично судење“, 2022.

200 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија за 2022 година“, март 2023 година, https://bit.ly/3RzdmEm.

201 „Извештај од 78. седница на Советот на јавни обвинители на РСМ одржана на 27.04. 2023“, Коалиција „Сите за правично судење“, https://drive.google.com/file/d/1qIOHQu2NZR0MkwoFz1o1iq8fG537RNFP/view?fbclid=IwAR195t3PmzVIkX6vRSZCzAU6r1Dwde4kSYLEthrnETYlj2B8dVm-IW_8qRc.

јавни обвинители[202] таксативно се наведени надлежностите на Советот, вклучувајќи ја и обврската за разгледување и оценување на годишните извештаи од јавните обвинителства, па загрижувачки е како при оценување на извештаите од обвинителствата, каде што се распределени овие обвинители, Советот не увидел пропусти. Дополнително, еден од јавните обвинители за кој станува збор е одговорен и за канцеларијата за врски со Европравда, која бара подготовка на посебни извештаи за нивната работа во однос на таа функција. Во оваа насока, Јавниот обвинител на ЈОРСМ има донесено и посебни одлуки со кои на споменатите јавни обвинители им се даваат задолженија и обврски што се однесуваат на грижа за материјалите, инвентарот и просториите што ги користеше поранешното СЈО.[203]

Јавните реакции предизвикани од поништувањето на првостепените пресуди во предметите „Таргет-Тврдина“[204] и „Трезор“[205] од страна на Апелацискиот суд Скопје и нивно враќање на повторно судење резултираа со иницирање истрага од страна на Судскиот совет.[206] Со истрагата се утврди неоправдано одложување на предметите согласно што се прекршени законски утврдените рокови.[207] Иако судијата-известител во првиот предмет како објаснување за ваквата состојба ги навел големиот број закажани предмети од висок профил, со истрагата е утврдено дека повеќето закажани предмети биле решени, вклучувајќи и понови предмети од 2022 година.[208] Пропусти поврзани со одложување предмет од страна на истиот судија-известител исто така се утврдени и за предметот „Транспортер“.[209] Судијата-известител за вториот предмет, од друга страна, не даде никакво објаснување за тоа зошто му биле потребни пет месеци за да ја напише пресудата. Согласно констатациите, во следниот период се очекува праведна одлука од страна на Судскиот совет.[210]

202 „Закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.
203 Исто.
204 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 16 декември 2022, https://bit.ly/3Rg4S3H.
205 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3R0Z2m5.
206 „Соопштение од 427. седница на Судскиот совет на РСМ – 11.01.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3oazSaw.
207 Исто.
208 „Апелација неоправдано го чувала во фиока предметот за Мијалков кој е блиску да застари констатираше Судски совет, а се решавале понови предмети“, А1 on, 11 јануари 2023, https://a1on.mk/macedonia/apelacija-neopravdano-go-chuvala-vo-fioka-predmetot-za-mijalkov-koj-e-blisku-da-zastari-konstatirashe-sudski-sovet-a-se-reshavale-ponovi-predmeti/.
209 Утврдени пропусти во предметот „Алфа“, убиство што се случило пред 14 години, и сè уште се одлучува по предметот. Пресудата од последната инстанција е донесена во 2019 година, а судија известувач е Зоран Димитриевски. „Утврдени пропусти кај судии во Апелација во четири предмети, но одговорност засега нема“, Фокус, 11 јануари 2023, https://fokus.mk/utvrdeni-propusti-na-svvvudii-vo-apelatsija-vo-chetiri-predmeti-no-odgovornost-zasega-nema/.
210 „Ќе има ли одговорност?“, ТВ 24, 12 јануари 2023, https://24.mk/details/kje-ima-li-odgovornost.

Судскиот совет продолжува со одбивање на поголемиот број од поднесените претставки од страна на граѓаните, најчесто поради недоволна едуцираност на граѓаните за намената на претставките. Затоа, потребно е да се зголемат напорите од страна на Советот за едуцирање на граѓаните за правилно користење на овој механизам, како и за соодветно информирање на граѓаните по однос на постапувањето по основаните претставки, а со цел зголемување на довербата во судството;

Продолжи трендот на поднесување претставки до Советот на јавни обвинители, но Советот нема голема улога при вршење надзор на работата на јавните обвинители, со оглед на тоа што, доколку членовите на Советот сметаат дека претставките се основани, тие едноставно ги испраќаат до Јавниот обвинител на РСМ, кој потоа треба да преземе дејства за проверка на јавните обвинители. Од друга страна, Јавното обвинителство исто така има надлежност да прима претставки од граѓани, па се поставува прашањето која е потребата да постојат две институции надлежни за постапување по претставки? Исто така, ова може да биде збунувачки за граѓаните кои не би знаеле каде да поднесат претставка. Во таа насока, треба да се даде поголема надлежност во поглед на постапувањето по претставките на Советот на јавните обвинители, особено што е забележано дека ЈОРСМ не одговара на поднесените претставки, а воедно порационално и поефикасно како за граѓаните, така и за јавните обвинители би било тие да одат преку една институција;

Потребно е и двата совета да презентираат, да образложуваат или да поведуваат дискусија по однос на претставките за време на седниците, како и објавување за тоа каков е исходот од постапувањето по претставка што била донесена како основана. Со ова би се зголемила транспарентноста во работата на двата совета, како и довербата на граѓаните во правосудството.

# ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И КОМПЕТЕНТНОСТ

Правната рамка, како и гаранциите за правилна примена на мерит-системот, се веќе воспоставени[211] и нотирани во претходните извештаи во сенка.[212]

Во извештајниот период, Судскиот совет конечно, по подолг временски период, прим-енувајќи ги новите критериуми за избор на судии во повисок суд, како и спроведувајќи вонредно оценување на кандидатите за судии, изврши избор на судии во ВСРСМ и во Апелацискиот суд Гостивар.[213] Поконкретно, на седницата одржана на 29 март 2023 година се избраа двајца судии за граѓанската област на ВСРСМ и двајца судии за кривичната област во Апелацискиот суд Гостивар.[214] Ниеден од петтемина кандидати за кривичната област на ВСРСМ не го добија потребниот број гласови за да бидат избрани.[215] При гласањето, отсуствуваше каква било дискусија и образложение од страна на членовите на ССРСМ за причината за гласање против сите пријавени кандидати.[216] Не се даде ниту соодветно образложение за изборот на петто- и шесто-рангираниот кандидат од конечната ранг-листа за кандидати за судии за кривичната област во Апелацискиот суд Гостивар.[217] Меѓу другото, постапката за избор на осум судии во Апелацискиот суд Скопје, почната на петти јули 2021 година сè уште не е завршена. Една од наведените причини за блокада на постапката беше непостоењето на акредитирана институција за спроведување на психолошкиот

211 Со донесувањето на последните измени и дополнувања на Законот за судови, новиот Закон за Судски совет, Законот за јавно обвинителство и измените и дополнувањата на Законот за советот на јавни обвинители се создаде правна рамка во голема мера усогласена со меѓународните стандарди во однос на избор на судии и јавни обвинители базирано на систем на заслуги. Академијата за судии и јавни обвинители е единствен влез за продуцирање на нови кадри во судството и јавното обвинителство. Што се однесува на правната заштита на судиите за определени мерки што се преземаат кон судиите, се воведе правото на жалба до Совет за жалби при Врховниот суд како еден вид гаранција, како во однос на (не)изборот за судии и претседатели на судови, така и во однос на одлуката за оценување.

212 „Извештаи во сенка за Поглавје 23, изданија“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје, https://bit.ly/3tUCPMR.

213 „Соопштение од 436. седница на Судскиот совет на РСМ – 29.03.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/40MIq5U.

214 Исто.

215 Судијата од Апелациониот суд, Енвер Беџети, беше еден од одбиените кандидати за кривичната област на Врховниот суд. Беџети ѝ стана познат на јавност како судијата-известувач, кој, според анализата на Судскиот совет, со месеци го криел предметот „Таргет-Тврдина“ во фиока, а во кој Сашо Мијалков, Никола Груевски и други поранешни вработени во Управата за безбедност и контраразузнавање се обвинети за кривично дело незаконско прислушување. И покрај тоа што се откри пролонгирање на судската постапка и објавената политика на Судскиот совет за утврдување на можна одговорност за пропусти, Беџети повторно доби четири гласа, двапати помалку од потребните. Другите кандидати добија ист број гласови, односно по четири „за“ и осум „против“ со исклучок на кандидатката за врховна судијка Данка Ристова, која доби шест гласови „за“. „И Врховниот суд останува со само петмина судии“, Слободен печат, 29 март 2023, https://www.slobodenpecat.mk/i-vrhovniot-sud-ostanuva-so-samo-petmina-sudii/.

216 Советот само констатираше дека не се избрани судии за кривична област во Врховниот суд на РСМ, без притоа членовите воопшто да дадат кратко образложение поради која причина сметаат дека ниту еден од кандидатите не треба да биде кариерно унапреден. По однос на ова, евидентно е дека Законот не предвидува обврска за членовите, задолжително да ја образложат својата одлука против избор на кандидат за судија, како што тоа се бара од нив кога поддржуваат избор на определен кандидат за судија, сепак тоа во ниеден случај не значи дека тие не можат и не треба да го направат тоа.

217 „Судскиот совет ги избра Даут Рустеми и Александар Милошески за судии во Апелациски суд Гостивар“, А1 on, 29 март 2023, https://a1on.mk/macedonia/sudskiot-sovet-gi-izbra-daut-rustemi-i-aleksandar-milosheski-za-sudii-vo-apelacionen-sud-gostivar/.

тест и тестот за интегритет на кандидатите.[218] Сепак, по добивање на мислење од страна на Владата на 15 јуни 2023 година, ССРСМ склучи нов анекс договор за една година со компанијата „Виста груп“ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, кои досега ги спроведуваа тестовите.[219] Ова е привремено решение додека друга институција или тело не добие акредитација.[220]

По продолжување на договорот со гореспоменатата компанија и со институтот, се избраа сите 30 кандидати за судии од седмата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО.[221] Имено, на 25 јули 2023 година беа избрани дваесет и четворица судии во повеќето основни судови во земјата, меѓу кои Основниот суд Битола, Основниот суд Свети Николе, Основниот суд Струмица, Основниот суд Тетово, Основниот граѓански суд Скопје, Основниот кривичен суд Скопје и Основниот суд Струмица. Процесот на селекција[222] се базираше на повиците објавени на шести април[223] и на 30 мај 2023 година.[224] Преостанатите шест судии беа избрани на 26 септември 2023 година,[225] врз основа на повикот објавен на осми август 2023 година.[226] Согласно објавените огласи за избор во основните судови и доставените пријави од страна на кандидатите кои успешно ја завршиле почетна обука при АСЈО, генерален впечаток е дека нема интерес за нивна пријава на оглас за избор на судии за основен суд во помалите градови во земјата. Па, така, во голем дел од основните судови, каде што, согласно направената анализа на состојбите, ситуацијата е алармантна,[227] не се избраа потребните судии.

218 По истекот на последниот анекс на договорот на 16 декември 2022 година, поранешната претседателка на Судскиот совет побара мислење од Владата за продолжување на соработката, на што Институтот за акредитација рече дека горенаведената компанија и институт не се акредитирани и во земјата нема институција со потребната акредитација. Во продолжение, Министерството за правда му одговори на Советот дека проблемот е решен и дека психолошкиот тест и тестот за интегритет треба да се полагаат во АСЈО. Но, ставот на АСЈО беше дека нивните тестови се само за кандидати за судии и јавни обвинители и дека тие не можат да ги дадат тестовите на други институции (т.е. не се акредитирани). „Психолошките тестови – кочница за избор на нови судии“, Призма/БИРН Македонија, 7 јуни 2023, https://prizma.mk/psiholoshkite-testovi-kochnitsa-za-izbor-na-novi-sudii/?fbclid=IwAR17HMxWY8jMj3kADNMaVL9AiHolSUZrBopXUdEZcSDQDP0RjYMEQYgcLKQ.

219 „Соопштение од 445. седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 15 јуни 2023, https://avbc.me/Z9n9luMk.

220 „Судскиот совет ќе продолжи со истите тестови за судиите, иако во земјава нема акредитирана институција за нив“, 360 степени, 15 јуни 2023, https://360stepeni.mk/sudskiot-sovet-ke-prodolzhi-so-istite-testovi-za-sudiite-iako-vo-zemjava-nema-akreditirana-institutsija-za-niv/.

221 „Објавување на ранг-листата со конечни резултати од полагањето на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители за седмата генерација слушатели на почетна обука и конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KhfOul.

222 „Соопштение од 450. седница на Судскиот совет на РСМ – 25.07.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3FgKmKV.

223 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 73/2023.

224 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 112/2023.

225 „Соопштение од 455. седница на Судскиот совет на РСМ – 26.09.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3PWNRfz.

226 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 168/2023.

227 „Соопштение за 432. седница на Судскиот совет на РСМ – 28.02.2023 година“, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/481NKFQ.

Советот се обиде да го реши овој проблем преку привремено упатување во период од една година и согласно оваа одлука основните судови во Берово, Делчево, Кичево, Куманово, Прилеп и Струга добија судии.[228] Во следниот период ќе се види целисходноста на оваа мерка, имајќи го предвид нејзиниот привремен карактер. Освен судиите од седмата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО, во извештајниот период се избраа уште шест судии, четири претседатели на судови и 50 судии поротници.[229]

На 20 февруари 2023 година, Судскиот совет предложи нов уставен судија,[230] како резултат на завршувањето на мандатот на претходниот во декември 2022 година.[231] Поточно, беше донесен првиот предлог-кандидат, со потребен број гласови, но не и едногласно, како и без да им се даде шанса на преостанатите двајца предложени кандидати да бидат предмет на одлучување, спротивно на член 23 став 3 од Деловникот за работа на Судскиот совет. На ова се надоврзува и тоа што во оваа постапка не постои ранг-листа, односно нема постапка за пријавување, по која ќе се изготват ранг-листи и предлозите би биле ставени на гласање. Во оваа постапка, членовите на ССРСМ истакнуваат предлози за судии, а кои ги исполнуваат бараните услови предвидени согласно законот. Како резултат на тоа, предлозите се ставаат на гласање, по редоследот согласно кој тие биле истакнати за време на седницата.[232] Негласањето за преостанатите двајца кандидати предизвика јавно негодување и спротивставување од опозицијата при разгледување на предлогот.[233] Сепак, предлог-кандидатката на десетти април 2023 година беше избрана од страна на Собранието.[234]

Како резултат на отворените шест позиции за судии, од страна на Меѓународниот кривичен суд во Хаг, вклучително и две за источна и централна Европа, по првпат беше номиниран кандидат од Република Северна Македонија, судијка од ВСРСМ.[235]

228 „Соопштение од 453. итна седница на Судскиот совет на РСМ – 06.09.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3NeWRuD.

229 Судски совет на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 15 декември 2023.

230 Соопштение од 431. седница на Судскиот совет на РСМ – 20.02.2023 година, официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/47D8Iux.

231 „Заврши мандатот на судијата Вангелина Маркудова, Уставниот суд остана со 6 судии од предвидени 9", А1 on, 9 декември 2022, https://bit.ly/3K943pG.

232 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија".

233 „Собраниска расправа за изборот на Дуковска за судија на Уставен суд, за опозицијата прекршен е Уставот", А1 on, 22 март 2023, https://a1on.mk/macedonia/sobraniska-rasprava-za-izborot-na-dukovska-za-sudija-na-ustaven-sud-za-opozicijata-prekrshen-e-ustavot/.

234 „Елизабета Дуковска од скопска Апелација е нова уставна судијка", 360 степени, 10 април 2023, https://360stepeni.mk/elizabeta-dukovska-od-skopska-apelatsija-e-nova-ustavna-sudijka/.

235 „Од 138. владина седница: Одлука за замрзнување на цените на јајцата од кокошка и оризот; заклучок во насока на сигурност на снабдувањето на топлинска енергија во Град Скопје; Европска регионална конференција на Интерпол за прв пат ќе се одржи во земјава", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 21 март 2023, https://vlada.mk/node/32594.

Во извештајниот период се избраа 40 јавни обвинители во обвинителствата на Република Северна Македонија.[236] Меѓу изборот се и 24 јавни обвинители во основните јавни обвинителства (ОЈО) низ земјата, од кандидатите од седмата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО.[237] Во следниот период, од списокот на завршени академци, останува да се изберат уште двајца јавни обвинители во ОЈО Тетово, еден јавен обвинител во ОЈО Скопје и еден јавен обвинител во ОЈО Струга.[238]

Генерална констатација за сите избрани јавни обвинители е дека продолжи практиката тие да се избираат без образложение за причините за изборот и отсуство на дискусија, односно само со гласање „за" и „против". Во ретки случаи кога има дискусија за изборот, од страна на членовите на СЈОРСМ најчесто се користени генерални заклучоци со апстрактни образложенија. Списоците на кандидати за избор не се објавија јавно на интернет-страницата на Советот, освен кандидатскиот список од седмата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО.[239] Начинот на креирање на кандидатските списоци, од друга страна, е нејасен, со оглед на тоа што при изборот на јавни обвинители нема рангирање на кандидатите, а тие не се креираат ниту по азбучен ред на кандидатите.[240] Сепак, позитивен е пристапот на СЈОРСМ при изборот на јавните обвинители, за разлика од постапувањето на ССРСМ, имајќи предвид дека се гласа за сите кандидати на списокот, без разлика дали претходно некои кандидати веќе го добиле потребното мнозинство гласови за да бидат избрани.[241]

Неуспешниот избор на четири јавни обвинители во ОЈОГОКК) на 27 октомври 2022 година[242] предизвика преклопување на надлежностите помеѓу Јавниот обвинител на ЈОРСМ и СЈОРСМ.[243] Поточно, СЈОРСМ не избра ниту еден од шесте пријавени кандидати на повикот, двајца од кои дотогашни обвинители во истото обвинителство, со истечен

236 Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 5 декември 2023.

237 Исто.

238 Придонес кон Краткиот документ „Владеење на правото во контекст на пристапувањето кон ЕУ – јули-септември 2023 година" од страна на Коалицијата „Сите за правично судење", 02.10.2023.

239 „Кандидати за јавни обвинители, Оглас – Сл. весник, бр. 93/23 од 02.05.2023 година", официјална интернет-страница на Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/3ReoDsl; „Кандидати за јавни обвинители, Оглас – Сл. весник, бр. 93/23 од 02.05.2023 година", официјална интернет-страница на Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, https://bit.ly/47PbA7X.

240 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија".

241 „Реакција по повод избори на два члена на Судскиот совет на РСМ од редот на судиите и изборот на јавни обвинители од Советот на јавни обвинители на РСМ", официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 14 јули 2023, https://bit.ly/3Gc86jB.

242 „Од шест пријавени, Советот на јавни обвинители не избра ниту еден за ОЈО за гонење организиран криминал", 360 степени, 27 октомври 2022, https://360stepeni.mk/od-shest-prijaveni-sovetot-na-javni-obviniteli-ne-izbra-nitu-eden-za-ojo-za-gonene-organiziran-kriminal/.

243 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија".

мандат, притоа не образложувајќи го таквото гласање.[244] Повторен избор се спроведе на 12 јули 2023 година, каде што се избраа тројца јавни обвинители,[245] иако објавениот оглас се однесуваше за четирите отворени места за јавни обвинители. Во текот на овој осуммесечен вакуум, Јавниот обвинител на ЈОРСМ, без соодветно известување на Советот, упати еден од неизбраните јавни обвинители на прввиот споменат повик во ОЈОГОКК. Ваквото постапување на Јавниот обвинител на ЈОРСМ ги отвори прашањата за примената на начелата на хиерархија и субординација како основни начела на кои се темели функционирањето на јавното обвинителство во земјата.[246] Дополнително, може и негативно да влијание врз систематизацијата на бројот на јавни обвинители по јавните обвинителства во земјата, како и врз планот за избор на јавни обвинители и нивната соодветна распределба.[247]

По суспендирањето на Основниот јавен обвинител на ОЈОГОКК,[248] на седми ноември 2022 година, беше избран нов раководител на институцијата.[249] По првпат, изборот на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК го изврши сите јавни обвинители во земјата, применувајќи го член 66 од новиот Закон за јавни обвинители.[250] Овој начин на избор на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК е напреден процес што влијае врз зајакнувањето на независноста на јавните обвинители и на внатрешната контрола на јавнообвинителската професија. Сепак, пофалбите за напредниот процес на селекција брзо се претворија во критика од стручната јавност поради недостатокот на транспарентност и пропустите направени во текот на постапката за избор.[251] Имено, во процесот на селекција недостигаа податоци за професионалната кариера на четворицата кандидати.[252] Истовремено, не беа објавени ниту биографиите на кандидатите со нивните професионални надлежности на интернет-страницата на СЈОРСМ.[253] Покрај тоа, јавноста, а особено стручната јавност, немаше можност да се запознае со предложената програма на кандидатите, која би влеала доверба во процесот и би помогнала за зголемување на довербата во институцијата.[254]

244 „Од шест пријавени, Советот на јавни обвинители не избра ниту еден за ОЈО за гонење организиран криминал".
245 „Одлука за избор на два јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, два јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Скопје, три јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, еден јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Кавадарци, пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство Скопје" (Совет на јавни обвинители на Република Северна Македонија, 12 јули 2023), https://bit.ly/3t4t7cD.
246 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија".
247 Исто.
248 „Вилма Русковска суспендирана, дисциплинска за уште две обвинителки", 16 август 2022, https://netpress.com.mk/vilma-ruskovska-suspendirana-disciplinska-za-ushte-dve-obvinitelki/.
249 „Соопштение – Формално именување на новиот основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, 14 ноември 2022, https://bit.ly/3WhmrAS.
250 „Законот за јавно обвинителство", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/2020.
251 „Недоволна транспарентност и пропусти при изборот на основен јавен обвинител на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција", официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 10 ноември 2022, https://bit.ly/3GD1ydD.
252 Исто.
253 Исто.
254 Исто.

Реакции беа упатени и кон медиумите, поради објавување на неофицијални изборни информации.[255] Дополнително, имаше и забелешки за потенцијалните влијанија и поврзаноста на новиот раководител со една од партиите во владејачката коалиција,[256] како и за недоволно строгите правила и критериуми на изборниот модел.[257]

Реакциите на стручната јавност, особено на граѓанското општество, како што е Блупринт групата за реформи во правосудството, беа предмет на напади од страна на некои членови на СЈОРСМ,[258] што повторно укажа на неподготвеноста на институцијата да се справи со јавна критика по однос на нејзиното работење.

Генерална констатација за сите избрани судии и јавни обвинители е дека продолжи практиката тие да се избираат без образложение за причините за изборот и отсуство на дискусија. Во ретки случаи кога има дискусија за изборот, од страна на членовите на ССРСМ и СЈОРСМ најчесто се користени генерални заклучоци со апстрактни образложенија. Останува нејасно зошто членовите на ССРСМ не го образложуваат гласот ПРОТИВ, како и зошто постои можност членовите на СЈОРСМ да гласаат со ВОЗДРЖАН при избор на јавни обвинители;

Со цел отстргнување на сомнежите за тргување со влијание и политичко влијание при изборот на јавни обвинители од страна на СЈОРСМ, потребно е Советот да донесе интерен акт со кој детално ќе ги уреди постапката и потребните критериуми за избор на јавни обвинители, а особено креирањето на списокот со кандидати, кој моментално отсуствува;

Констатираното преклопување на надлежностите помеѓу Јавниот обвинител на ЈОРСМ и СЈОРСМ, во случај кога неизбрани јавните обвинители од страна на СЈОРСМ за друго јавно обвинителство, потоа се упатуваат од страна на Јавниот обвинител на ЈОРСМ во истото јавно обвинителство за кое не биле избрани, отвора потреба од стручна дебата за вистинската потреба од учеството на Јавниот обвинител на ЈОРСМ како член во Советот. Преклопувањето на надлежностите влијае и на систематизацијата на јавни обвинители во јавните обвинителства;

Потребна е брза реакција од страна на двата совета за избор на одредени судии и јавни обвинители со цел да се спречи одолжувањето на постапките и намалување на ажурноста и квалитетот на работа на судовите и на јавните обвинителства.

---

255 Исто.

256 Амбасадите на САД, ЕУ и Холандија, како докажани партнери на земјата во правосудните реформи и борбата против корупцијата, на барање и на прашањата поставени од програмата „360 степени“, изразија незадоволство од изборот. Американскиот амбасадор дури упати јасни и остри критики за изборот. „САД се збунети од изборот на Ислам Абази, особено по потрошени милиони долари за обука на обвинители“, 360 степени, 18 ноември 2022, https://360stepeni.mk/sad-se-zbuneti-od-izborot-na-islam-abazi-osobeno-po-potrosheni-milioni-dolari-za-obuka-na-obviniteli/.

257 „Изборот на Ислам Абази ставен на тест на јавноста“, Дојче веле, 9 ноември 2022, https://www.dw.com/mk/somnezi-i-osporuvana-na-izborot-na-islam-abazi-za-sef-na-organiziran-kriminal/a-63694136.

258 „Реакција по расправата на седницата на Советот на јавни обвинители во врска со јавно искажаниот став на Блупринт групата за избор на основен јавен обвинител на ОЈОГОКК“, официјална интернет-страница на Блупринт групата за реформи во правосудството, 14 ноември 2022, https://bit.ly/3H6p700.

# КВАЛИТЕТ НА ПРАВДА

Со истекот на мандатот на тогашниот Управен одбор на АСЈО, на 29 ноември 2022 година се одржа конститутивната седница на новиот Управен одбор на која се верификуваа мандатите на членовите и заменик-членовите, предложени од надлежните институции и здруженија.[259] На седницата се назначи и претседател и заменик-претседател на Управниот одбор, а се констатираше и престанокот на мандатот на директорката на АСЈО, со што се определи вршител на должност директор на АСЈО.[260] Поради судир на интереси и неможноста да се извршуваат три функции истовремено, објаснето погоре,[261] определениот вршител на должност поднесе оставка и беше избран нов вршител на должноста директор на АСЈО.[262]

Повикот за избор на нов директор на АСЈО беше објавен на 16 ноември 2022 година,[263] на кој се пријавија четворица кандидати,[264] вклучувајќи ја и актуелната директорка на АСЈО, која беше реизбрана за позицијата на деветти декември 2022 година.[265]

АСЈО останува единствена точка за влез во судството и јавното обвинителство, а тоа се загарантира и со новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители, донесен од страна на Собранието на 14 јуни 2023 година.[266] Конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители од седмата генерација на АСЈО беше објавена на 20 февруари 2023 година[267] (со објавување на дополнителната ранг-листа на први март заради правото

259 „Соопштение за одржана конститутивна седница на Управниот одбор на Академијата“.
260 Исто.
261 На седницата, членот на ССРСМ, Зоран Герасимоски, беше назначен за вршител на должноста директор на АСЈО до изборот на новиот претседател. Одлуката за именување на Зоран Герасимоски за вршител на должноста директор на АСЈО беше дури и повеќе критикувана од неговиот избор за член на Управниот одбор на АСЈО, која беше опишана погоре. Во таа насока, ДКСК објави дека тој не може да ги извршува трите функции истовремено, односно не може да биде член на Судскиот совет, член на Управниот одбор на Академијата и вршител на должноста директор на Академијата во исто време. Како резултат на опомените од страна на ДКСК, само неколку дена по изборот, тој поднесе оставка и беше избран нов вршител на должноста директор на АСЈО.
262 „Соопштение од 188. седница на АСЈО“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 5 декември 2022, https://bit.ly/3kAisCo.
263 „Одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на Академијата за судии и јавни обвинители ‘Павел Шатев‘ Скопје“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 245/2022.
264 Првично, изборот на новиот/новата директор/ка требаше да се одржи на седми декември 2022 година, но поради ненавремено добивање на документацијата по пошта на кандидатот, судијата Андреј Димовски од Основниот граѓански суд Скопје, изборот се одржа на 9 декември 2022 година. „Не се избра директор на Академијата за судии и обвинители: Пошта доцнела и во последен момент донесе кандидатура од судијата Димовски“, А1 on, 7 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/macedonia/ne-se-izbra-direktor-na-akademijata-za-sudii-i-obviniteli-poshtata-docnela-i-vo-posleden-moment-donese-kandidatura-od-sudijata-dimovski/?swcfpc=1.
265 „Наташа Габер-Дамјановска реизбрана за директорка на Академијата за судии и јавни обвинители“, Радио Слободна Европа, 9 декември 2022, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32169701.html.
266 „Закон за Академија за судии и јавни обвинители“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 129/2023.
267 „Објавување на ранг-листата со конечни резултати од полагањето на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители за седмата генерација слушатели на почетна обука и конечната ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители“, официјална интернет-страница на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KhfOul.

на кандидатите да го преполагаат завршниот испит),[268] по што ранг-листата се испрати до ССРСМ и СЈОРСМ за нивно соодветно распределување.[269] Претходно, на 30 јануари 2023 година, се објави јавен оглас за прием на 130 слушатели во деветтата генерација слушатели на почетна обука во АСЈО.[270]

Со цел усогласување на фазите од приемниот испит на новата, деветта генерација слушатели на почетна обука во АСЈО со новиот закон, се променија Правилникот[271] и временската динамика за полагање на понатамошниот дел од приемниот испит,[272] а се донесе и нов статут на АСЈО.[273] Меѓутоа, поради доцнење во спроведувањето на ревидираните постапки за приемниот испит од страна на преостанатите релевантни институции, психолошкиот тест за кандидатите од деветтата генерација беше презакажан двапати во септември 2023 година.[274] По второто презакажување, психолошкиот тест се очекува да се спроведе во октомври 2023 година.[275] Во следниот период, согласно новиот закон, се очекува да се донесат и преостанатите подзаконски акти.[276]

АСЈО континуирано работи во однос на унапредување на квалитетот и начинот на спроведување на обуките и воведување на потребните теми за обука на основа на спроведените евалуации на обуките и доставените предлог-теми од ССРСМ, СЈОРСМ, експерти и невладини организации, како и согласно одредбите од новиот закон.[277] Во извештајниот период постои зголемување на бројот на реализирани обуки. Односно, наспроти реализираните 214 обуки во 2021 година,[278] во 2022 година АСЈО реализирала 227 обуки во рамките на почетната, континуираната обука за судиите и јавните

268 „Објавување на дополнета ранг-листата со конечни резултати од полагањето на завршниот испит во Академијата за судии и јавни обвинители за седмата генерација слушатели на почетна обука и конечна ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 1 март 2023, https://bit.ly/3KGPlrB.

269 Седмата генерација заврши со 30 кандидати за судии и 28 за јавни обвинители. Советот на јавни обвинители објави соопштение за изборот на јавни обвинители во основните јавни обвинителства од кандидатите кои ја завршиле основната обука на 6 март 2023 година, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 48/2023. Судскиот совет објави соопштение за изборот на судии во основните судови од кандидатите кои ја завршиле основната обука на 29 март 2023 година, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 69/2023.

270 Јавен оглас за прием во почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 19/2023.

271 „Известување за усвојување на нов Правилник за полагање на приемен испит во Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 19 септември 2023, https://bit.ly/4a8bMkk.

272 „Известување за понатамошниот тек од приемниот испит за прием во IX генерација на почетна обука", официјална интернет-страница на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев", 23 мај 2023, https://bit.ly/46PMnIZ.

273 „Статут на Академијата за судии и јавни Обвинители", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 172/2023.

274 Првично беше планиран за 5 и 6 септември 2023 година, но датумите беа преместени за 23 и 24 септември 2023 година. „Известување за одложување на полагањето на психолошкиот тест", официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев", 22 септември 2023, https://bit.ly/46OWHSb.

275 Исто.

276 „Известување за нов Статут на Академијата за судии и јавни обвинители", официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев", 14 август 2023, https://bit.ly/4abm5Uv.

277 „Закон за Академија за судии и јавни обвинители", Службен весник на Република Северна Македонија бр. 129/2023.

278 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 12 април 2021.

обвинители и во рамките на доброволната обука на стручните служби во судовите и обвинителствата.[279] Дополнително, во првите девет месеци на 2023 година реализирани се вкупно 98 обуки.[280] Со цел подобрување на содржината и квалитетот на обуките е и почнувањето,[281] како и продолжувањето[282] на соработката со повеќе релевантни институции, меѓународни и невладини организации, како и размената на добри практики за концептуализација и организирање обуки со повеќе европски центри[283] и академии.[284] Во оваа насока, значително е и вклучувањето на директорката на АСЈО, како член во Консултативното тело на Академијата за европско право (ЕРА), како институција што игра клучна улога во унапредувањето на професионалната правосудна обука, особено во контекст на прашањата поврзани со ЕУ.[285] Едно од приоритетните прашања во програмата на ЕРА за следниот период е токму стратегијата за правосудна обука на земјите од Западен Балкан.[286]

Сепак, кадровското и техничкото доекипирање, како и обезбедувањето на соодветни просторни услови сè уште остануваат предизвик. Потребата за подобрување на просторните услови на АСЈО, пред сè просториите за обуки, но исто така и кадровско доекипирање и зголемување на буџетот, се утврдува како општа препорака и во извештајот од оценската мисија на ТАИЕКС.[287] Потребата од јакнење на капацитетите на АСЈО, особено подобрување на буџетот и автономијата на АСЈО е утврдена и во Планот на активности за реализација на итните реформски приоритети.[288] Во оваа насока, забележаното зголемување на буџетот, одобрен на АСЈО во последните две години, наспроти забележаните флуктуации на износите одобрени на годишно ниво во изминатите шест години,[289] се должи само поради приемот на осмата и отворањето на повикот за деветтата генерација кандидати за почетна обука во АСЈО. Па, така, буџетот

279 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 1 ноември 2022.
280 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 13 декември 2023.
281 „Потпишан меморандум за соработка со Центарот за меѓународна правна соработка (CILC) од Кралството Холандија“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, 15 ноември 2022, https://bit.ly/46IKFt1.
282 „Потпишан Меморандум за соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители и Мисијата на ОБСЕ во Скопје“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, 27 февруари 2023, https://bit.ly/3t33uJB.
283 „Размена на добри практики за концептуализација и организирање судски обуки: шпанскиот и македонскиот модел Шпанија, 13-16 февруари 2023 година“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3RtElBi.
284 „Претставници на Академијата за судии и јавни обвинители на студиска посета на Академијата за европско право (ERA)“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, 9 мај 2023, https://bit.ly/3GsyHJc.
285 „Директорката на Академијата е нов член на Консултативното тело (Board of Trustees) на Академијата за европско право (ЕРА)“, официјална интернет-страница на Академијата за судии и обвинители „Павел Шатев“, 19 септември 2023, https://bit.ly/48Y0Bd6.
286 Исто.
287 Извештај од спроведената оценска мисија на ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинителни во Република Македонија, судија Ленарт Јохансон и судија Драгомир Јорданов (необјавен).
288 „План на активности за реализација на итните реформски приоритети 2015 (работен документ)“, https://www.sep.gov.mk/post/?id=862.
289 Ардита Абази Имери и др. „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“ (Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022), http://blueprint.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/%D0%90%D0%9D%D0%90%D0%9B%D0%98%D0%97%D0%90_mk-1-1.pdf.

на АСЈО изнесуваше 131.793.000,00 денари за 2022 година и 124.285.222,00 денари за 2023 година,[290] во однос на 2021 година, каде што изнесуваше 72.200.000,00 денари.[291] Затоа, потребно е и реално зголемувањето на расположливиот буџет на АСЈО, согласно преостанатите потреби за непречено работење и одржување на квалитетно ниво на работа.[292]

Во однос на изедначувањето на судската практика, Одделот за судска практика при ВСРСМ во 2022 година има одржано четири седници,[293] а од јануари до септември 2023 година има одржано две седници.[294]

Намален интензитет е констатиран при одржувањето на работни средби помеѓу судиите и претставниците од четирите апелациски подрачја и ВСРСМ за хармонизирање на судската практика. Поточно, за време на извештајниот период, одржана е само една средба за хармонизирање на судската практика,[295] наспроти три во претходниот извештаен период (септември 2021 – октомври 2022).[296] Финансиската поддршка за организација на овие средби останува со надворешна помош и реализација на проекти преку што е и вклучен граѓанскиот сектор во средбите.[297] Со цел поголема изедначеност на судската практика, потребно е поголем број средби на ВСРСМ со апелациските судови, како и зголемување на активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика.[298] Дополнително, процесот на објавување на судските одлуки се одвива непречено и сите судски одлуки се објавуваат на судскиот интернет-портал sud.mk, но нема можност одлуките да се користат налесен и пристапен начин. Ова е од причина што не постои можност за прецизно и брзо пронаоѓање на специфична судска практика, ниту постои методологија за издвојување на клучни одлуки во однос на креирање на судската практика.[299]

290 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 13 декември 2023.
291 Академија за судии и јавни обвинители, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 26 август 2022.
292 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.
293 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 14 декември 2023.
294 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 7 ноември 2022.
295 „Работна средба на Врховниот суд и четирите апелациони судови за хармонизирање на судската практика", официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 27 март 2023, https://bit.ly/46LYaIn.
296 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 7 ноември 2022.
297 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", (Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022), https://bit.ly/3X2noxB.
298 Душко Георгиевски, „Анализа на квалитетот и изедначеноста на судските одлуки во граѓанско-правната област", Институт за европска политика и Асоцијација „Зенит", август 2021, <https://bit.ly/3UfOKPz>.
299 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022", (Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022), https://bit.ly/3X2noxB.

Во извештајниот период продолжи проактивната улога на Одделот за судска практика за донесување на начелни ставови и начелни правни мислења. Имено, Одделот за судска практика, утврдените начелни ставови и начелни правни мислења на Општата седница на ВСРСМ, правните мислења и заклучоци на специјализираните оддели и прифатени сентенции на советите ги евидентираше со систематизирање по правни области и ги објавуваше на интернет-страницата на ВСРСМ во делот за судската практика. Па, така, во текот на извештајниот период, на интернет-страницата на ВСРСМ се објавени четири начелни ставови.[300] Поточно, освен горespоменатите начелни ставови за јавно објавување на неправосилни одлуки од страна на судовите што се однесуваат на предмети од јавен интерес[301] и акредитација на медиумите во врска со одобренијата за снимање и фотографирање по конкретен предмет,[302] значајно е и донесувањето на начелен став за директната примена на одредбите од Уставот и Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)[303] во жалбени постапки против одлуките на Судскиот совет за разрешување судии или претседатели на судови.[304] Дополнително, донесени се и едно начелно правно мислење, осум правни мислења, дванаесет заклучоци и седум сентенции.[305]

За време на извештајниот период нема значителни промени, ниту подобрувања во областа на медијацијата. На шести јуни 2023 година се изготвија подзаконски акти за уредување на начинот на вршење на работите од делокругот на Националниот совет на медијација како: Деловник за начинот на вршење на работите на Националниот совет за медијација, Правилник за начинот на издавање и укинување лиценци во медијација, Правилник за форма и содржина на лиценца за медијатор, Тарифник за висината на реално направените трошоци за издавање лиценци за медијатори, лиценци за медијатори во специфични области, лиценци за обучувачи на медијатори и акредитација на програми за обука на медијатори и Правилник за методологијата и начинот на вршење следење и евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите согласно прилози за правилникот.[306] Меѓутоа, изготвените подзаконски

300 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 14 декември 2023.
301 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Начелен став за објавување на донесените судски одлуки на интернет-страниците на судовите“.
302 „Врховниот суд утврди начелен став за акредитациите на медиумите“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 14 јули 2023, https://bit.ly/3rY1C4n.
303 Поточно амандманот XXI (член 15) и член 50 од Уставот на Република Северна Македонија, како и член 6 и член 13 од Европската конвенција за човековите права.
304 „Врховниот суд утврди начелен став за директна примена на Уставот и Европската конвенција за заштита на човековите права“, официјална интернет-страница на Врховниот суд на Република Северна Македонија, 23 февруари 2023, https://bit.ly/3RFRBDb.
305 Врховен суд на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер“, 14 декември 2023.
306 „Подзаконски акти – медијација“, Официјална интернет-страница на Министерството за правда, https://www.pravda.gov.mk/resursi/3/7.

акти до крајот на извештајниот период сѐ уште не беа донесени од Владата[307] и, во практиката, Советот сѐ уште е нефункционален. Во следниот период, потребна е доследна и навремена примена на законските измени, но и подобрување во системот за постигнување квалитет во работата на медијаторите.

Предлог-законот за парнична постапка, поднесен до Собранието во август 2021 година,[308] конечно, на десетти април 2023 година помина во фаза на второ читање.[309] Во рокот утврден со Деловникот на Собранието не беа поднесени амандмани од овластени предлагачи, по што Комисијата за европски прашања и Законодавно-правната комисија во мај 2023 година, предлог-законот го проследија на понатамошна постапка во Собранието.[310] Предлог-законот предвидува сеопфатна реформа во голем број правни институти, ефикасно остварување на правата и интересите на сите учесници во постапката, како и негово прецизирање и усогласување со поврзаните закони. Неговото донесување е од исклучителна важност, за што повторно реагира и Европската комисија.[311] Затоа, потребно е Собранието без дополнително одложување да го донесе законот, со цел навремено почнување на обемните активности неопходни за подготовка на капацитетите на судството за негова примена.[312]

На 18 јули 2023 година се донесе новиот Закон за вештачење.[313] Клучна реформа што ја носи законот е укинување на Бирото за судски вештачења како посебен орган на државата што врши вештачења. Дополнително, се унапредува правната рамка за функционирање на Комората за вештаци, се доуредуваат одредбите за дисциплинска одговорност на вештаците и се прави обид да се отстранат другите недостатоци. Потребно е со реформите во системот за вештачење, меѓу другото, да се обезбеди и пристап до вешти лица за корисниците на правото на бесплатна правна помош.[314]

Измените во казненото право се објаснети подолу во делот „Корупција“.

307 Наведените подзаконски акти се објавија по одобрението од страна на Владата на 16 ноември 2023 година.
308 „Новиот Закон за парничната постапка – реформа која сѐ уште е во собраниска процедура“, Академик, 3 мај 2022, https://akademik.mk/noviot-zakon-za-parnichnata-postapka-reforma-koja-se-ushte-e-vo-sobraniska-protsedura/.
309 „Детали на материјал – Предлог на Законот за парничната постапка“, официјална интернет-страница на Собранието на Република Северна Македонија, https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=d1d44644-0f3a-4f12-b3da-bea6154d4f87.
310 Исто.
311 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај Северна Македонија 2023 година (COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT – North Macedonia 2023 Report)“, 8 ноември 2023, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.
312 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, (Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022), https://bit.ly/3X2noxB.
313 „Закон за вештачење“, Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/2023.
314 Ардита Абази Имери и др., „Анализа – Сеопфатна оценка на спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022“, (Институт за европска политика – Скопје, 10 ноември 2022), https://bit.ly/3X2noxB.

Кадровското, техничкото и инфраструктурното доекипирање сè уште остануваат предизвик, а се од исклучителна важност за унапредување на квалитетот на обуките што ги спроведува АСЈО. Потребно е обезбедување на нови простории на Академијата за судии и јавни обвинители со цел целосно да може да ги извршува своите примарни надлежности, поточно да организира обуки во рамките на континуираната обука, како и да има доволно можности да ги прима новите кандидати на почетна обука; Потребно е и реално зголемувањето на расположливиот буџет на АСЈО, согласно потребите за непречено работење и одржување на квалитетно ниво на работа;

Продолжи проактивната улога на ВСРСМ за донесување на начелни ставови и начелни правни мислења. Со цел поголема изедначеност на судската практика, потребно е поголем број средби на ВСРСМ со апелациските судови, како и зголемување на активноста на одделите за судска практика. Заради следење на насоките и ставовите што ги заземаат апелациските судови на своите средби, заклучоците од овие средби треба да бидат потранспарентни, со што ќе се поедностави примената на судската практика;

Потребно е дополнително унапредување на концептот на медијација преку промотивни активности. Потребна е и доследна и навремена примена на законските измени, со запазување да нема преклопување на надлежностите помеѓу Комората на медијатори и Националниот совет за медијација, но и подобрување во системот за постигнување квалитет во работата на медијаторите;

Потребно е Собранието без одложување да го донесе новиот Закон за парнична постапка, со цел навремено почнување на обемните активности неопходни за подготовка на капацитетите на судството за негова примена.

# ЕФИКАСНОСТ

Според податоците од Годишниот извештај на Судскиот совет за 2022 година, судовите во 2022 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 11.785 предмети.[315] Од статистичките извештаи за работата на судовите, ССРСМ констатира дека во 2022 година од 34 суда, ажурни биле 19 суда, додека неажурни биле 15 суда, и тоа два апелациски суда и 13 основни суда.[316]

Потребно е да се утврди ефикасноста и ефективноста на повеќегодишната преземена мерка за намалување на заостатокот на стари предмети во судството, постари од три, седум и десет години,[317] поради делумна целисходност на мерката. Имено, темпото со коешто се решаваат старите предмети не е доволно брзо за да се совлада приливот на нови предмети што стануваат стари предмети, поради што апсолутната бројка на стари предмети што судовите ги имаат во работа останува низ годините иста.[318] Така, во 2022 година, согласно податоците од извештајот, судовите го зголемиле заостатокот на стари судски предмети за над 10% кај судските предмети постари од три и седум години, а го зголемиле и заостатокот од 6% кај предметите постари од десет години.[319]

Со донесување на одлуката за утврдување на ориентационен број предмети за 2023 година од страна на Судскиот совет, на 30 мај 2023 година,[320] се утврди ретроактивност во дејството, спротивно на член 52 став 4 од Уставот на Република Северна Македонија. Дополнително, задоцнетото донесување на оваа одлука го доведува во прашање и спроведувањето на контролата над остварувањето на ориентационата норма од страна на судовите, како и квалитетот на извршеното оценување на тримесечните извештаи за работата на судовите.[321]

315 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година", февруари 2023, https://bit.ly/3RbFZGq.

316 Исто.

317 За да се намали бројот на постари предмети од три, седум и десет години, ССРСМ со одлука, преку претседателите на судовите, ги задолжува судиите кои постапуваат по ваков вид предмети, да изготват план и проекција за решавање на секој предмет. Планот и проекцијата се составен дел од извештаите на работните тела што месечно се доставуваат до ССРСМ.

318 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија".

319 Судски совет на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за работата на Судскиот совет на Република Северна Македонија за 2022 година", февруари 2023, https://bit.ly/3RbFZGq.

320 „Соопштение за 443. седница на Судскиот совет на РСМ – 30.05.2023 година", официјална интернет-страница на Судскиот совет на Република Северна Македонија, https://bit.ly/483rcoB.

321 Петковска и Тутиќ, „Годишен мониторинг извештај за работата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија".

За време на извештајниот период, поточно 25 ноември и 16 декември 2022 година, Апелацискиот суд Скопје ги уважи жалбите на обвинетите во предметите „Трезор“[322] и „Таргет-Тврдина“,[323] со што ги поништи првостепените пресуди и предметите ги врати во Основниот кривичен суд Скопје на повторно судење. Со тоа, главниот обвинет во двата случаи беше ослободен од изречените казни (казна затвор во траење од осум години,[324] односно дванаесет години[325]). Наведена причина за поништување на првостепените пресуди беше утврдувањето на суштински повреди на одредбите од Законот за кривична постапка од страна на Основниот кривичен суд Скопје, со што биле доведени во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот закон.[326] Со оваа одлука на Апелацискиот суд Скопје, се отвори можност за застарување на делото на првообвинетиот во предметот „Таргет-Тврдина“, доколку до 2025 година не биде донесена нова правосилна пресуда.[327] Последователно, на 23 март 2023 година, Апелацискиот суд ја потврди ослободителната пресуда од Основниот кривичен суд за истиот првообвинет во предметот „Тортура“,[328] а еден ден подоцна, затворската казна на истиот првообвинет во предметот „Плацевите на Водно“ ја замени со условна осуда.[329] Дополнително, со одлагање на рочиштето на 30 март 2023 година, поради отсуството на голем број од странките и закажување на ново рочиште на 13 април 2023 година, предметот „Титаник 2“ за истиот првообвинет застари.[330] Истакнатото доведе до критики од стручната јавност и дипломатските претставништва,[331] како и иницирање истрага за ефикасноста на Апелацискиот суд Скопје во разгледувањето на жалбите во два од наведените предмети, [332] објаснето подетално во делот „Одговорност“.

322 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3R0Z2m5.
323 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 16 декември 2022, https://bit.ly/3Rg4S3H.
324 „Апелација укина пресуда за Мијалков со која требаше да лежи 8 години во затвор и во буџетот да се вратат 860 илјади евра“, А1 on, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3wkMi0e.
325 „Апелација ја укина пресудата за прислушувањето, Мијалков ослободен од 12-годишната затворска казна“, А1 on, 16 декември 2022, https://a1on.mk/macedonia/apelacija-ja-ukina-presudata-za-prislushkuvanjeto-mijalkov-osloboden-od-12-godishnata-zatvorska-kazna/.
326 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 25 ноември 2022, https://bit.ly/3R0Z2m5; Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 16 декември 2022, https://bit.ly/3Rg4S3H.
327 „Поништени пресуди – застарена правда“, Радио Слободна Европа, 19 декември 2022, https://bit.ly/3QXUzAC.
328 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 23 март 2023, https://bit.ly/3RijFLl.
329 „Соопштение за јавност“, Апелационен суд Скопје – Судски портал на Република Северна Македонија, 24 март 2023, https://bit.ly/3TgYLyz.
330 Втората пресуда на Основниот кривичен суд беше донесена на 23 јануари 2023 година, со која првообвинетиот беше осуден на казна затвор од две години. Обвинителството нагласи дека нема да ја обжали пресудата со цел да не ја одолжи постапката и да не застари предметот. „Од денеска делото на Мијалков во ’Титаник 2’ е застарено“, 360 степени, 7 април 2023, https://360stepeni.mk/od-deneska-deloto-na-mijalkov-vo-titanik-2-e-zastareno/.
331 „Американскиот амбасадор ги прекори правосудните институции“, Алсат М, 25 април 2023, https://alsat.mk/mk/amerikanskiot-ambasador-gi-prekori-pravosudnite-institutsii/.
332 „Ќе се истражува зошто апелационите судии ги држат во фиока предметите за прислушувањето со кои Мијалков неправосилно е осуден на 20 години затвор“, Сакам да кажам, 23 ноември 2022, https://sdk.mk/index.php/makedonija/ke-se-istrazhuva-zoshto-apelatsionite-sudii-gi-drzhat-vo-fioka-predmetite-za-prislushuvaneto-so-koi-mijalkov-nepravosilno-e-osuden-na-20-godini-zatvor/.

Според Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства за 2022 година,[333] во предметното работење на ЈОРСМ, на вишите јавни обвинителства, на основните јавни обвинителства и на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во 2022 година е постапувано ажурно и стручно. И покрај проблемите со кои се соочуваат, како значително намален број на јавни обвинители, нецелосно пополнетата јавнообвинителска служба и недоволните финансиски средства за работа, јавните обвинителства, генерално, успеале да го совладаат приливот на нови кривични пријави и да го намалат бројот на нерешени предмети. Односно, решени се 61,6% од кривичните пријави во текот на 2022 година, што е мал пад во споредба со 2021 година, кога биле решени 62,8% од кривичните пријави. Последователно, се бележи и благ пораст на нерешени кривични пријави до крајот на 2022 година, каде што останале 38,4% кривични пријави, наспроти 2021 година, кога останале 37,2% од нерешените кривични пријави.

Проблемот со недостигот на кадар, како еден од главните проблеми со кои се соочуваат судството и јавното обвинителство, иако благо ублажен со соодветната распределба на 58 завршени кандидати за судии и јавни обвинители од седмата генерација на АСЈО, беше присутен и во текот на извештајниот период. Во следниот период потребно е да се направи анализа со веродостојни статистички податоци за работата на судството и обвинителството, со цел навремено планирање за потребниот персонал, а во согласност со препораките и методологијата на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ).[334]

Во извештајниот период со недостиг на кадар продолжи да работи и Уставниот суд. Иако, на 28 октомври 2022 година се избраа двајца уставни судии,[335] а на десетти април 2023 година се избра уште еден уставен судија,[336] поради истекот на мандатот на еден уставен судија,[337] судот останува да работи со двајца судии помалку. Во Собранието е блокирана расправата за предлогот, републичкиот јавен обвинител да стане уставен

333 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година“, јули 2023, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/izveshtaj-za-rabotata-na-javnite-obvinitelsta_2022_2_mail-2-3.pdf

334 Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), „Евалуација на судските системи (2020-2022): Северна Македонија (Evaluation of the judicial systems (2020-2022): North Macedonia)“ (Совет на Европа, 30 септември 2022)“, https://rm.coe.int/north-macedonia-2020-en/1680a85c90.

335 „Фатмир Скендер и Татјана Васиќ-Бозаџиева избрани за нови уставни судии“, Слободен печат, 28 октомври 2022, https://www.slobodenpecat.mk/fatmir-skender-i-tatjana-vasikj-bozadzhieva-izbrani-za-novi-ustavni-sudii/.

336 „Елизабета Дуковска од Скопска Апелација е нова уставна судијка“.

337 „Претседателката на Уставниот суд, Добрила Кацарска, со писмо ја извести претседателката на Судскиот совет, Павлина Црвенковска за истекот на мандатот на судијата Вангелина Маркудова“, официјална интернет-страница на Уставен суд на Република Северна Македонија, 7 октомври 2022, http://ustavensud.mk/?p=22787.

судија,[338] додека предлогот за другото испразнето место од јануари 2022 година, сè уште не е утврден од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.[339]

Донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за судска служба[340] и Законот за јавнообвинителска служба,[341] не предизвикаа големо задоволство кај судските и јавнообвинителските службеници,[342] пред сè поради одлуката на Уставниот суд за укинување на член 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија од 2010 година[343] и член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија од 2014 година,[344] кои утврдуваа фиксен износ што служеше како основа за утврдување на платите на функционерите.[345] Поточно, укинувањето на овие одредби резултира од двојството во уредувањето на основата на платата на избраните и именуваните лица преку истовремено постоење на две норми (другата норма е член 11) во истиот закон.[346] Член 11 и понатаму е на сила, според кој основата се определува според просечната плата остварена во претходната година што ја утврдува Државниот завод за статистика (ДЗС), се множи со утврдениот коефициент и се зголемува за процентот на работното искуство од 2,2 до 4,5 проценти.[347]

338 „Десетици закони и одлуки во Собрание чекаат „брзи прсти", Радио Слободна Европа, 8 декември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/desetici-zakoni-i-odluki-vo-sobranie-chekaat-brzi-prsti-/32721155.html.

339 Утврдување предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Северна Македонија беше ставено како точка на дневен ред на седницата на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на шести ноември 2023 година. Работно тело: Комисија за прашања на изборите и именувањата, детали на Комисија, https://www.sobranie.mk/detali-na-komisija.nspx?param=e048a1e0-0892-46ec-8af0-e20d0667fc60

340 Закон за изменување на Законот за судска служба, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 235/2022.

341 Закон за изменување на Законот за јавнообвинителска служба, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 235/2022.

342 Со измените на Законот за судска служба се постигнува еднаквост меѓу вработените во приватниот и во јавниот сектор, преку утврдување на ист износ на законска минимална плата и усогласување (во нивоа) на другите надоместоци на судските службеници на сите нивоа, а исто така се обезбедува континуитет на промените во платите на вработените во судската администрација во однос на минималната плата на национално ниво, како долгорочна цел. Со усогласувањето на Законот за судска служба со Законот за минимална плата, платите на вработените во судската служба се зголемуваат за 15%. Подобрувањето на капацитетите на јавнообвинителската служба има цел да се усогласување на Законот за јавно обвинителската служба со Законот за вработени во јавниот сектор и Законот за административни службеници од причина што во досегашното законско решение постојат непрецизности во начинот на дефинирање и исплата на додатоци на плата на јавнообвинителските службеници. Со предлог-законот за изменување на Законот за јавно обвинителска служба се воспоставува ист износ на законската минимална плата и скалесто усогласување на преостанатите плати на јавнообвинителските службеници од сите нивоа, како и да се обезбедува континуитет на промените на платите во јавнообвинителската администрација во однос на минималната плата на национално ниво.

343 „Закон за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија", Службен весник на Република Македонија, бр. 97/2010.

344 „Закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија", Службен весник на Република Македонија, бр. 139/2014.

345 „У. бр. 113/2022-1", официјална интернет-страница на Уставниот суд на Република Северна Македонија, 21 март 2023, https://ustavensud.mk/?p=23879.

346 У. бр. 113/2022-1.

347 Исто.

Односно, со одлуката, повисока плата за 78% од април 2023 година добиваат 1.060 функционери.[348] Одлуката, која предизвика бурни реакции кај јавноста,[349] последователно беше истакната и како причина од страна на судските и јавнообвинителските службеници за кратење и неисплата на додатоците на плата. Итно решавање на проблемот со додатоците на плата и зголемување на платите за вработените во двете служби беше првично побарано во јуни 2023 година.[350] Проблемот ескалираше со несогласувањата и одбивањето на барањето, испратено од Судскиот буџетски совет до Министерството за финансии за пренамена на средства за исплата на додатоци на плати,[351] што на 28 септември 2023 година резултираше со генерален штрајк на судската[352] и јавнообвинителската служба.[353] Штрајкот, предводен главно од Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија (УПОЗ) се води од барањата за зголемување на платите за 78% и враќање на додатоците на плата од 35%.[354]

348 „Повисоки плати за 78 проценти добиле 1060 функционери", Радио Слободна Европа, 15 мај 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32412337.html.

349 „За 78% ќе се зголеми платата на функционерите, градоначалниците, судиите, пресметаа синдикатите", Телма ТВ, 31 март 2023, https://telma.com.mk/2023/03/31/za-78-kje-se-zgolemi-platata-na-funkcionerite-gradonachalnicite-sudiite-presmetaa-sindikatite/.

350 „Сè поизвесен е штрајкот во судовите доколку не се реши проблемот со додатоците на плата и висината на платите на вработените во Судската служба", официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците од администрацијата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија, 6 јуни 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/353-se-poizvesen-e-strajkot-vo-sudovite-dokolku-ne-se-resi-problemot-so-dodatocite-na-plata-visinata-na-plat-na-vrabotenite-vo-sudskata-sluzba.

351 На седницата одржана на 07.07.2023 година, Судскиот буџетски совет донесе одлука за обезбедување средства за исплата на додатоците на плата за јуни 2023 година во висина од 15% за судските службеници и вработените во Судскиот совет и во Академијата за судии и јавни обвинители. Но, Министерството за финансии извести дека нема фискален простор за исплата на додатоци на плата за јуни, со образложение дека согласно прописите од буџетското работење не треба да се преземаат обврски над лимитот на одобрените средства од буџетот. „Известување од Министерство за финансии", 11 јули 2023, https://bit.ly/48RsOCs.

352 „Судската служба, повторно на улица", официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани (УПОЗ), 29 септември 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/368-sudskata-sluzba-povtorno-na-ulica.

353 „Започнат штрајк во јавните обвинителства", официјална интернет-страница на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани (УПОЗ), 29 септември 2023, https://www.upoz.org.mk/mk/novosti/367-zapocnat-strajk-vo-javnite-obvinitelstva.

354 „Или повисоки плати или штрајк – вработените во Обвинителствата и судовите со ултиматум", Телма ТВ, 19 септември 2023 година, https://telma.com.mk/2023/09/19/ili-povisoki-plati-ili-shtrajk-vrabotenite-vo-obvinitelstvata-i-sudovite-so-ultimatum/.

Потребно е да се донесе методологија за водење на единствена и апсолутно точна статистика за обемот на работа на судовите и обвинителствата со цел навремено планирање за потребниот персонал и вршење на точни анализи и преземање на соодветни активности за надминување на неажурноста на судовите и обвинителствата, со заедничка координација и соработка помеѓу ССРСМ и ВСРСМ од една страна и СЈОРСМ и ЈОРСМ од друга страна;

Потребно е да се утврди ефикасноста и ефективноста на повеќегодишната преземена мерка од страна на Судскиот совет за намалување на заостатокот на стари предмети во судството, постари од три, седум и десет години, поради делумна целисходност на мерката;

За зголемување на ефикасноста на судството и на јавното обвинителство потребни се повеќе финансиски средства, зголемување на човечките ресурси, како и зголемување на просторните и техничките услови за работа. Неопходно е да се замени и дотраената ИТ-опрема на поголемиот број од јавнообвинителската служба;

Потребно е соодветно решавање на проблемот со додатоците на плата и зголемување на платите на судската и јавнообвинителската служба, правопропорционално со донесување на соодветни законски измени за намалување на платите на избрани и именувани лица во РСМ.



# 2. Борба против корупцијата

Република Северна Македонија покажа подобрување во борбата против корупцијата, а сепак проблемот со корупцијата останува главен предизвик за граѓаните. Извештаите од различни извори, вклучувајќи ги Транспаренси Интернешнл,[355] Стејт Департментот на САД[356] и „Фридом хаус",[357] покажуваат напредок, но укажуваат и на потребата за подобрување во борбата против корупцијата, со фокус на зголемување на ресурсите и поддршката за институциите што ги спроведуваат мерките за борба против корупцијата.

Извештајот на ЕК[358] и Скрининг извештајот[359] за Република Северна Македонија ја нагласуваат потребата од зголемување на ресурсите за борба против корупцијата и судирот на интересите, како и поддршка за институциите што ги спроведуваат мерките за борба против корупцијата.

Препораките вклучуваат зголемување на ресурсите на институциите, вклучително и финансиски експерти, спроведување на препораките на ГРЕКО и обезбедување на ефективна одговорност за случаите на корупција на високо ниво. Исто така, се нагласува потребата за зголемување на бројот на правосилни пресуди во овој тип случаи на корупција.

355 Транспаренси Интернешнл, „Индекс за перцепција на корупцијата за 2022" (2023), https://www.transparency.org/en/cpi/2022/index/mkd.

356 Стејт Департмент на САД, „Извештај за состојбата со човековите права за Северна Македонија за 2022", 21 март 2023, https://www.state.gov/reports/2022-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

357 „Извештај на 'Фридом хаус': За Македонија, најниска оценка за корупција", 24 вести, 24 мај 2023, https://24.mk/details/izveshtaj-na-fridom-khaus-za-makedonija-najniska-ocenka-za-korupcija.

358 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај Северна Македонија 2022 година", 12 октомври 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

359 Европска комисија, „Скрининг извештај – Северна Македонија", 24 јули 2023, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/screening-report-north-macedonia_en.

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

## ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

ДКСК во текот на 2022 година примила 698 пријави од граѓани за случаи на корупција и злоупотреба на јавна функција. Оформила 127 предмети по сопствена иницијатива и издала 403 прекршочни платни налози. Од областа на корупцијата донесе одлуки по 509 предмети, од областа судир на интереси донесе одлуки по 161 предмет, во делот на финансирање на изборни кампањи одлучи по 14 предмети, а во однос на имотна состојба одлучи по 372 предмети (вкупно 1.056 одлуки).[360] Годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси за 2022 година, покажа дека само 10% од активностите планирани за 2022 година се целосно реализирани, 35% се во процес на спроведување, а 55% воопшто не се спроведени, со најголем напредок во правосудството и образованието.[361] Беа иницирани работилници за изменување на Стратегијата, а ДКСК оствари соработка со други институции за размена на информации за случаи на корупција и судир на интереси.[362]

На средината на февруари 2023 година беше спроведена експертска мисија на ТАИЕКС за формирање на аналитички центар во рамките на ДКСК, чија цел би била да се унапредат капацитетите на институциите и на организациите за борба против корупцијата и зголемување на интегритетот и довербата на граѓаните.[363]

Во извештајниот период, ДКСК предизвика значително внимание поради низа истраги што се водеа против актуелни и поранешни функционери. Истрагите опфатија недоставување на анкетни листови од страна на неколку функционери, а Комисијата заклучи дека во ниту еден случај не може да се докаже материјален интерес.[364] Дополнително, ДКСК отфрли една пријава против работата на поранешен

360 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупција за 2022 година“, март 2023, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/03/GI-2022-конечен.pdf.

361 Државна комисија за спречување на корупција, „Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 за период 01.01.2022 година до 31.12.2022 година“, март 2023, https://dksk.mk/wp-content/uploads/2023/03/Годишен-извештај-НССКСИ_финален.pdf.

362 „Работилници за изменување и дополнување на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 8 мај 2023, bit.ly/3MxuX5k.

363 „TAIEX експертската мисија за формирање на Аналитички центар во рамки на ДКСК“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 14 февруари 2023, https://bit.ly/3KotXGf.

364 „ДКСК затвори повеќе предмети за недоставување на анкетен лист од функционери“, Правдико, 14 октомври 2022, https://www.pravdiko.mk/dksk-zatvori-poveke-predmeti-za-nedostavuvane-na-anketen-list-od-funktsioneri/.

заменик-министер за култура во врска со наводна злоупотреба на службена должност и пари,[365] но сè уште се води кривична постапка против друг поранешен министер за култура за истото кривично дело,[366] а при истрагата за положениот правосуден испит на синот на сегашниот претседател на Собранието беше заклучено дека постои можност да м–у се одземе потврдата за положен правосуден испит, бидејќи му било дадено право да полага со дискрециона одлука на поранешен министер за правда, без да ги исполни пропишаните услови за образование.[367] Меѓутоа, тој успеа да се запише и да ја заврши Академијата за судии и јавни обвинители со таа потврда, па неговото име беше на списокот на идни јавни обвинители објавена од Академијата во средината на февруари 2023 година.[368]

Истрагите на ДКСК се проширија и кон други случаи на потенцијална корупција, вклучувајќи го градоначалникот на Струга, чија вклученост во коруптивни практики го доведе на црната листа на САД.[369] Оваа постапка кулминираше со кривична пријава против градоначалникот и поврзани лица за сомнежи во врска со продажба на државен имот и потенцијално перење пари.[370] Други истраги открија случаи на нерегуларност во јавните набавки[371] и невалидни договори со компании поврзани со политички фигури,[372] што предизвика сериозни прашања околу транспарентноста на јавните набавки во земјата. Овие акции на ДКСК предизвикаа значителни реакции и дискусии за потребата за засилување на надзорот и транспарентноста на владините институции и процесите во Република Северна Македонија.

Иако ДКСК и ЈОРСМ остварија средба за зајакнување на нивната соработка,[373] истрагата на ДКСК во случајот „Труст“ ја наруши оваа соработка, бидејќи откри многубројни

365 „ДКСК затвори повеќе предмети за недоставување на анкетен лист од функционери“, Правдико, 14 октомври 2022, https://www.pravdiko.mk/dksk-zatvori-poveke-predmeti-za-nedostavuvane-na-anketen-list-od-funktsioneri/.

366 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.

367 „Синот на Џафери избран за обвинител иако Антикорупциска води случај за него“, Алсат М, 21 февруари 2023, https://alsat.mk/mk/sinot-na-dhaferi-izbran-za-obvinitel-iako-antikoruptsiska-vodi-sluchaj-za-nego/.

368 „Синот на Џафери меѓу избраните кандидати за обвинители, иако антикорупциска води случај за него“, Телма, 22 февруари 2023, https://telma.com.mk/2023/02/22/sinot-na-dzhaferi-izbran-za-obvinitel-iako-antikorupciska-vodi-sluchaj-za-nego/.

369 „Мерка за Мерко – непожелен во САД, прв на проширената ’црна листа‘“, Slobodnaevropa.mk, 21 јуни 2023, https://bit.ly/3JIaXD7.

370 „ДКСК иницира кривична постапка против Мерко, заверил фалсификуван документ за отуѓување државно земјиште во Струга“, 360 степени, 11 септември 2023, https://360stepeni.mk/dksk-initsira-krivichna-postapka-protiv-merko-zaveril-falsifikuvan-dokument-za-otuguvane-na-drzhavno-zemjishte-vo-struga/.

371 „ДКСК ќе отвори предмет за ’Еуровиа‘ – фирмата што го доби тендерот од МНР за адаптација на салата ’Борис Трајковски‘, 360 степени, 29 август 2023, https://360stepeni.mk/dksk-ke-otvori-predmet-za-eurovia-firmata-shto-go-dobi-tenderot-od-mnr-za-adaptatsija-na-salata-boris-trajkovski/.

372 „Антикорупциска ќе ги стави ’на тапет‘ внуците на Ахмети“, 360 степени, 3 јули 2023, https://360stepeni.mk/antikoruptsiska-ke-gi-stavi-na-tapet-vnutsite-na-ahmeti/.

373 „Интензивирање на соработката меѓу ДКСК и Јавното обвинителство“, официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 17 јули 2023 г., https://bit.ly/3Mqx7v9.

неправилности и злоупотреби од значајни чинители, вклучително и од ОЈОГОКК.[374] Потоа, ДКСК поднесе иницијатива до ЈОРСМ за испитување на намерно оштетување на доверителите преку фалсификување документација и други прекршоци, а ЈОРСМ одговори дека оваа истрага е непотребна и служи за влијание врз истрагата што ја води ОЈОГОКК.[375] Иако активностите предвидени во меморандумот за соработка помеѓу ДКСК и ЈОРСМ беа привремено замрзнати,[376] ДКСК продолжи да комуницира со ЈОРСМ по повод потенцијалните кривични постапки поттикнати од случаи на корупција.[377]

ДКСК потпиша договори за електронско користење на податоците од Централниот регистар на Република Северна Македонија,[378] од Агенцијата за катастар на недвижности[379] и од Централниот депозитар за хартии од вредност,[380] додека со Министерството за внатрешни работи (МВР) потпиша договор за соработка и размена на податоци во електронска форма и меморандум за соработка.[381] ДКСК, исто така, склучи меморандум за соработка со Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА)[382] и со ЈОРСМ.[383]

374 „Антикорупциска го одмота клопчето на Сеад Кочан, Трансмет и Пуцко Петрол, државата оштетена за милионски суми, вмешани обвинители, судии, нотари, извршители и проценители", Слободен печат, 19 јули 2023 г., https://bit.ly/3QM2Yc8.

375 „Соопштение од 23.07.2023 г.", официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 23 јули 2023 г., https://jorm.gov.mk/soopshtenie-119/.

376 „Труст" ги замрзна односите на ЈО и ДКСК: Антикорупционерите се обидуваат да влијаат врз постапките на обвинителството", Слободен печат, 21 јули 2023 г., https://bit.ly/47kb0yg.

377 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година", официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.

378 „Потпишан договор за електронско користење на податоци со Централниот регистар на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 6 октомври 2022, https://bit.ly/3ZVQfWF.

379 „ДКСК добива електронски пристап до податоците на Агенцијата за катастар на недвижности", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 28 октомври 2022, https://bit.ly/3iVdPSZ.

380 „ДКСК електронски ќе добива податоци од Централниот депозитар за хартии од вредност", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 26 јули 2023, https://bit.ly/48OMIOF.

381 „Претседателката на ДКСК, Билјана Ивановска, и министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, потпишаа Договор за соработка и размена на податоци во електронска форма и Меморандум за унапредување на системот на заштита на укажувачите, како ефективна алатка во борбата против корупцијата", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 14 октомври 2022, https://bit.ly/3HqgJbU.

382 „Потпишан Меморандум за соработка со Министерството за информатичко општество и администрација", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупција, 3 ноември 2022, https://bit.ly/3wqsFUF.

383 „Потпишан меморандум за соработка со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија", официјална интернет-страница на Државната комисија за спречување на корупцијата, 20 февруари 2023, https://bit.ly/3KqDc8J.

## ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Последниот извештај за јавните обвинителства укажува на предизвикот со кој тие се соочуваат во растењето на бројот на предмети во однос на намалениот број на јавни обвинители, каде што секој обвинител се справува со околу 170 нови предмети годишно. Недостатокот на техничка опременост и финансиска независност, заедно со ограничената екипираност на јавните обвинителства, остануваат главни предизвици за овие институции. Интензивни напори се преземаат за подигнување на јавната доверба преку зголемување на транспарентноста на постапките и меѓуинституционалната и меѓународната соработка за зајакнување на капацитетите.[384]

Иако се формираа четири истражни центри во Јавното обвинителство досега, вклучително и во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, од 2018 година не се отворени нови центри.[385]

Во септември 2023 година, ЈОРСМ потпиша декларација за учество во Глобалната оперативна мрежа на антикорупциски органи (GlobE), заедно со антикорупциските органи на други земји во регионот. Учеството во оваа мрежа е значајно за поттикнување размена на искуства и меѓународна соработка во гонење случаи на корупција.[386]

Измените на Кривичниот законик, со кои се предвидува намалување на казните за кривичните дела, злоупотреба на службената положба и овластување и злосторничко здружување, беа ставени на тест во неколку истакнати случаи на корупција. Јавниот обвинител во завршните зборови за случајот „Титаник“[387] најави повлекување на обвинението за злосторничко здружување, при што судењето би продолжило поради дополнителни обвиненија што не се застарени.[388] Судењето за случајот „Траекторија“ следеше сличен тек, при што главната расправа не ги опфати измените на Кривичниот законик.[389] Спротивно на тоа, јавните обвинители во случајот „Таргет-Тврдина“ побараа

384 Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, „Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2022 година“, јули 2022, https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2023/09/izveshtaj-za-rabotata-na-javnite-obvinitelsta_2022_2_mail-2-3.pdf.

385 Исто.

386 „Јавното обвинителство – потписник на Декларацијата за формирање на регионална компонента на GlobE-мрежата за Западен Балкан“, официјална интернет-страница на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, 5 септември 2023, https://bit.ly/46XCdqI.

387 „Измените на Кривичниот законик денеска на тест на рочиштето за ’Титаник‘“, Телма ТВ, 18 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/18/izmenite-na-krivichniot-zakonik-deneska-na-test-na-rochishteto-za-titanik/.

388 „Обвинителката во ’Титаник‘ во завршен збор ќе го повлече обвинението за злосторничко здружување, судењето продолжува зашто обвинетите одговараат и за други кривични дела што не застаруваат“, Телма ТВ, 18 септември 2023, https://bit.ly/3FOb39V.

389 „Додека се чека Обвинителството да каже што по измените на КЗ, судските процеси течат со различен ритам“, 360 степени, 22 септември 2023, https://360stepeni.mk/dodeka-se-cheka-obvinitelstvoto-da-kazhe-shto-po-izmenite-na-kz-sudskite-protsesi-techat-so-razlichen-ritam/.

одложување на рочиштето за да го анализираат влијанието на измените врз правната квалификација на кривичните дела за кои се товарат обвинетите.[390]

Пред донесување на наведените измени на Кривичниот законик имаше забележлив напредок во случаите на висока корупција. Во случајот „Титаник“, поранешниот министер за транспорт и врски доби затворска казна од три години и шест месеци.[391] Во предметот „Софтвери“ заврши доказната постапка,[392] по што поранешниот генерален секретар на Владата доби затворска казна од осум години.[393]

На осми март 2023 година беше потпишан договорот за изградба на коридорите 8 и 10 од страна на Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта и конзорциумот „Бехтел и Енка“. Со договорот се регулира владина инвестиција во вредност од 1,3 милијарди евра, чија цел е подобрување на квалитетот на патната инфраструктура и сообраќај преку изградба на четири делници автопат во вкупна должина од 110 километри.[394] По наводите за низа нерегуларности,[395] ОЈОГОКК[396] и ДКСК[397] отворија истраги во врска со горепосочениот договор, по што Владата им го достави текстот на договорот,[398, 399] но во редактирана верзија поради клаузулата за доверливост.[400]

390 „'Таргет-Тврдина' се одложи додека обвинителите анализираат кои дела застаруваат, а кои остануваат“, Телма, 19 септември 2023, https://telma.com.mk/2023/09/19/target-tvrdina-se-odlozhi-dodeka-obvinitelite-analiziraat-koi-dela-zastaruvaat-a-koi-ostanuvaat/.

391 „Поранешниот министер Јанакиески замина во 'Идризово' со спакувани торби на грб и под седативи“, Mkd.mk, 6 јули 2023, https://mkd.mk/node/519894.

392 „Рашковски тврди дека софтверот бил набавен само за анализи и бара од судот да го тестира во живо“, 360 степени, 1 ноември 2022, https://360stepeni.mk/rashkovski-tvrdi-deka-softverot-bil-nabaven-samo-za-analizi-i-bara-od-sudot-da-go-testira-vo-zhivo/; „Спасовски: Не бев запознаен со софтверот на Рашковски, МВР правеше свои анализи за надградба на 'Сејф сити' на барање на Заев“, 360 степени, 1 ноември 2022, https://bit.ly/3Dq47if.

393 „Рашковски осуден на осум години казна затвор“, Макфакс, 6 јули 2023, https://bit.ly/3FkYi6C.

394 „Потпишан договорот за изградба на Коридорот 8 и 10 д, започнува реализацијата на еден од најголемите инфраструктурни проекти“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 8 март 2023, https://vlada.mk/node/32389.

395 Најголемата опозициска политичка партија ВМРО-ДПМНЕ посочи низа наводни нерегуларности во врска со овој договор, на пример, една од ангажираните компании ја добила својата дозвола во текот на постапката за јавни набавки, дека истата компанија има друга регистрирана главна дејност, а не изградба на патишта и дека износот што ќе се плати за надзор на проектот ќе биде седум пати поскап во споредба со други проекти.

396 „Обвинителството отвори предмет за надзорот врз коридорите 8 и 10 д“, Нова Телевизија, 28 март 2023, https://novatv.mk/obvinitelstvoto-otvori-predemet-za-nadzorot-vrz-koridorite-8-i-10-d/.

397 „Антикорупциска отвора предмет за изградбата на коридорите 8 и 10“, Република, 9 март 2023, https://republika.mk/vesti/makedonija/antikoruptsiska-otvara-predmet-za-izgradbata-na-koridorite-8-i-10/.

398 „Договорот со 'Бехтел и Енка' доставен до Јавното обвинителство“, Слободен печат, 5 мај 2023, https://bit.ly/3QPbqaF.

399 „Договорот со 'Бехтел и Енка' на биро кај Антикорупционерите“, Телма ТВ, 19 мај 2023, https://telma.com.mk/2023/05/19/dogovorot-so-behtel-i-enka-na-biro-kaj-antikorupcionerite/.

400 „Груби – Антикорупциска доби редактирана верзија од договорот со 'Бехтел и Енка'“, Слободна Европа, 1 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32438910.html.

Во меѓувреме, Собранието донесе[401] измени на закони[402] со цел изградбата да биде побрза и поевтина.[403] Законите беа обележани со европското знаменце, што предизвика загриженост од Делегацијата на ЕУ, наведувајќи дека измените на законите можеби не се во согласност со законодавството и стандардите на ЕУ.[404] Покрај сите наведени укажувања, подготвителните активности за изградбата на коридорите продолжија[405], а таа почна на средината на септември 2023 година.[406]

Краткиот документарец насловен „Убиство во Тетово", подготвен од Истражувачката новинарска лабораторија (ИРЛ) откри дека првичниот тендер за избор на изведувач на модуларни болници за време на пандемијата на Ковид-19 бил откажан поради сомневање за постапни недоследности и фаворизирање. Потоа, Владата му ја доверила набавката на Министерството за здравство. Документите презентирани во филмот сугерираат дека и Министерството за здравство и избраниот изведувач биле запознаени со неквалитетните објекти, кои подоцна изгорея.[407] ЈОРСМ предупреди за ширење на потенцијално лажни информации и апелираше на одговорно новинарство поради тековните жалби и отворените случаи на кои може да се влијае негативно.[408] Во меѓувреме, Платформата за борба против корупцијата повика на оставка на Јавниот обвинител на ЈОРСМ, наведувајќи ги сомнежите што ги иницираше филмот, дека на истрагата на ЈОРСМ можеби ѝ недостига темелност и соодветно разгледување на

401 „На денот резервиран за пратенички прашања, парламентарното мнозинство ги донесе петте закони за градбата на автопатите од 'Бехтел и Енка'", Сакам да кажам, 26 мај 2023, https://bit.ly/3QL2dA6.

402 Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи; Закон за изменување и дополнување на Законот за експропријација; Закон за изменување и дополнување на Законот за градење; Закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање и Закон за изменување и дополнување на Законот за утврдување на јавниот интерес и за именување на стратешки партнер за реализација на Проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8 (дел: Тетово-Гостивар-Букојчани и проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 г (дел од автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 111/2023.

403 „Груби: Нови пет предлог-закони за коридорите 8 и 10 д, од пратениците зависи дали ќе биде побрза и поевтина и побавна и поскапа", Brif.mk, 5 мај 2023, https://www.brif.mk/grubi-novi-pet-predog-zakoni-za-koridorite-8-i-10d-od-pratenicite-zavisi-dali-izgradbata-ke-bide-pobrza-i-poevtina-ili-pobavna-i-poskapa/.

404 „Од Делегацијата на ЕУ: за 'Слободен печат': Не е оправдано европското знаме на предлог-законите за коридорите", Слободен печат, 5 мај 2023, https://www.slobodenpecat.mk/od-delagacijata-na-eu-za-sloboden-pechat-ne-e-opravdano-evropskoto-zname-na-predlog-zakonite-za-koridorite/.

405 „Потпишан договорот со 'Бехтел и Енка' за коридорите 8 и 10-д: За Владата ова е историски проект", 360 степени, 8 март 2023, https://360stepeni.mk/video-potpishan-dogovorot-so-behtel-i-enka-za-koridorite-8-i-10-d-za-vladata-ova-e-istoriski-proekt/.

406 „'Бехтел и Енка' почна со градежните работи на Коридорот 8", 360 степени, 12 септември 2023, https://360stepeni.mk/behtel-i-enka-pochna-so-gradezhnite-raboti-na-koridorot-8/.

407 „Документарецот на ИРЛ повторно го распламте огнот за трагедијата во модуларната болница во Тетово", 360 степени, 14 август 2023, https://360stepeni.mk/video-dokumentaretsot-na-irl-povtorno-go-rasplamte-ognot-za-tragedijata-vo-modularnata-bolnitsa-vo-tetovo/.

408 „ЈО за аудиоснимката од ИРЛ: Итно да престане злоупотребата на овој процес, лага е дека била прикриена експертизата од германските стручни лица", 360 степени, 18 август 2023, https://360stepeni.mk/jo-za-audiosnimkata-od-irl-itno-da-prestane-zloupotrebata-na-ovoj-protses-laga-e-deka-bila-prikriena-ekspertizata-od-germanskite-struchni-litsa/.

стручните наоди.[409] ОЈОГОКК ги затвори отворените предмети[410] против поранешниот директор на Управата за финансиска полиција (УФП), бидејќи утврди дека обвинетиот не ги сторил кривичните дела злоупотреба на службената положба, примање поткуп, насилство и вознемирување.[411] Ослободениот поранешен директор ја обвини поранешната шефица на ОЈОГОКК за злоупотреба на функцијата јавен обвинител во овие предмети и најави граѓански тужби против неа за изнесување лажни информации и клевета против него.[412]

На 29 јуни 2023 година, поранешен градоначалник и уште неколку други лица беа приведени во истрагата „Феникс“ за перење пари при јавна набавка на споменици.[413] Меѓу осомничените има и претставници од власта,[414] а судот одреди мерка притвор за некои од нив.[415]

409 „Платформата за борба против корупција бара оставка од јавниот обвинител Љубомир Јовески“, ТВ 21, 17 август 2023, https://mk.tv21.tv/platformata-za-borba-protiv-koruptsija-bara-ostavka-od-javniot-obvinitel-lubomir-joveski/.

410 „Каква расврска ќе има битката на Муареми со Русковска и Стафа“, Слободна Европа, 29 јули 2022, https://bit.ly/3ryiXQX.

411 „ОЈОГОКК ги затвори предметите за Арафат Муареми отворени во мандатот на претходната шефица Русковска“, 360 степени, 9 јуни 2023, https://360stepeni.mk/ojo-gokk-gi-zatvori-predmetite-za-arafat-muaremi-otvoreni-vo-mandatot-na-prethodnata-shefitsa-ruskovska/?fbclid=IwAR0_HzGmnPFM56dxXRuFJJmJRUcklDUCMO-uhJ7m-mDzHWH0LqjksR6Gi7Y.

412 „Муареми ја тужи Русковска“, Сител ТВ, 10 јуни 2023, https://sitel.com.mk/muaremi-ja-tuzhi-ruskoska.

413 „Тодоровиќ и уште десетина лица приведени на скопскиот аеродром“, Скопје инфо, 30 јуни 2023, https://bit.ly/3FL0FjI.

414 „’Феникс‘: Споменици од ’Скопје 2014‘ биле плаќани драстично поскапо од цените за кои биле направени во Италија“, 360 степени, 30 јуни 2023, https://360stepeni.mk/video-feniks-spomenitsi-od-skopje-2014-bile-plakani-drastichno-poskapo-od-tsenite-za-koi-bile-izleani-vo-italija/.

415 „Притвор за Владимир и Александар Здравев, осомничени за перење пари од спомениците од ’Скопје 2014‘, поранешниот градоначалник Тодоровиќ доби куќен притвор“, Сакам да кажам, 30 јуни 2023, https://bit.ly/3OhYCIl.

# ПРАВНА РАМКА

Во февруари 2023 година беа донесени измените на Кривичниот законик што воведуваат нови кривични дела поврзани со родовото насилство, се реформира конфискацијата на имот и се приспособуваат делата за безбедност на новинарите.[416] Сепак, шест месеци подоцна следуваше нова измена на Кривичниот законик, со која се намалија казните за кривичните дела злоупотреба на службената положба и овластување и злосторничко здружување,[417] која предизвика загриженост поради забрзаниот законодавен процес и употребата на европското знаме без да се развие сеопфатен јавен дискурс, експертска дебата или анализа на потенцијалните последици.[418]

Во ноември 2022 година, предлог-верзијата на новиот Закон за кривична постапка беше објавена, чија цел е усогласување со новите директиви на ЕУ поврзани со правото на толкување и превод во кривичната постапка, заштита на личните податоци при соработка во кривичната материја и поддршката и заштитата на жртвите на кривични дела.[419]

Во април 2023 година, почна расправата во Собранието за нацрт-законот за борба против сериозните форми на организиран криминал и високопрофилната корупција, кој предвидува формирање на независна агенција за борба против организираниот криминал.[420]

Иако постојат одредени механизми за откривање на незаконски стекнат имот, предлог-законот за потеклото на имотот сè уште не е објавен.[421]

416 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 36/2023.

417 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 188/2023.

418 „Европската комисија е загрижена поради измените на Кривичниот законик“, Слободна Европа, 12 септември 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32589801.html.

419 Министерство за правда, „Предлог на Законот за кривичната постапка“, ЕНЕР, 9 ноември 2022, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=76038.

420 „Собранието денеска треба да почне со расправа за формирање на Агенција за борба против висока корупција“, Телма ТВ, 19 април 2023, https://telma.com.mk/2023/04/19/sobranieto-deneska-treba-da-pochne-so-rasprava-za-formiranje-na-agencija-za-borba-protiv-visoka-korupcija/.

421 „Тупанчески: Постојат инструменти и механизми за докажување и откривање на состојбата со незаконски стекнатиот имот“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 25 октомври 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6430.

За успешна борба против корупцијата и напредок потребно е следење на препораките на ЕК;

Важно е да се поддржат напорите на државните институции за спроведување на Националната стратегија за борба против корупцијата и судирот на интереси;

Спроведувањето на препораките на ГРЕКО е клучна, како и обезбедување на доволно ресурси за ДКСК и ОЈОГОКК, вклучувајќи финансиска независност, за обезбедување на ефективна одговорност за случаите на висока корупција;

Неопходно е да се работи на подобрување на екипираноста и техничката опременост на јавните обвинителства, како и да се изврши напредок во формирањето на нови истражни центри;

Новите измени на Кривичниот законик треба внимателно да се спроведат и да се следи дали тие негативно ќе влијаат на исходот на случаите на висока корупција;

Неопходно е донесување на нови закони и процеси за борба против организираниот криминал и корупцијата, како и подготовка на закон за потекло на имотот.



# 3. Фундаментални права

Додека во областа на фундаменталните права може да се забележи одреден напредок во Република Северна Македонија, сè уште се присутни следните проблеми, кои ги забележува и Извештајот на Стејт Департментот на САД: нечовечно и понижувачко постапување и пренатрупаност во некои затворски установи, насилство и закани со насилство против новинари, отсуство на отчетност за родово-базирано и семејно насилство и кривични дела со насилство и закани против лица од ЛГБТИ+ заедницата.[422]

422 Стејт Департмент на САД, „Извештај за состојбата со човековите права за Северна Македонија за 2022", 21 март 2023, https://www.state.gov/reports/2022-country-reports-on-human-rights-practices/north-macedonia/.

# СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во текот на 2022 година, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) одлучил по 314 апликации против Република Северна Македонија, од кои 302 беа отфрлени или прогласени за недопуштени. Судот донесе шест пресуди во четири случаи, утврдувајќи повреди на правото на правично судење, заштитено со член 6 од Европската конвенција за човекови права.[423] Во првите седум месеци од 2023 година, ЕСЧП донесе одлука по 163 апликации против Република Северна Македонија.[424]

Во првата половина на 2023 година, Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред ЕСЧП го објави Годишниот извештај за својата работа во 2022 година,[425] во кој беше наведено дека и оваа година продолжува трендот на зголемување на бројот на апликации поднесени пред ЕСЧП против Република Северна Македонија, но во 2022 година бројот на апликации против државата по кои е донесена одлука е намален за 54 апликации. Извештајот покажува дека, како и претходните години, во 2022 година овој број е над европскиот просек според Индексот на поднесени апликации на 10.000 жители, кој во државата изнесува 2,00, а на европско ниво е 0,54.[426] Истовремено беше објавен и Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2022 година.[427]

Во еден од случаите против Република Северна Македонија пред Судот, барателката Димчевска се пожалила дека не успеала да добие повторен судски процес откако била осудена во нејзино отсуство. ЕСЧП утврди дека таа не добила доволна сигурна можност да добие нова одлука од судот за основаноста на обвиненијата против неа и целосно право на одбрана, што резултирало со повреда на нејзиното право на правично судење.[428]

423 Европски суд за човекови права – Краток преглед за земјата (2023), https://echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf, пристапено на 15 септември 2023 година.
424 Исто.
425 Министерство за правда, „Годишен извештај за работата на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП за 2022 година“, мај 2023, https://bit.ly/48e4quu.
426 Исто.
427 Министерство за правда, „Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за 2022 година“, мај 2023, https://bit.ly/3LoqpFp.
428 ЕСЧП, „Случај Димчевска против Северна Македонија“, Апликација бр. 13919/18, 4 април 2023, https://bit.ly/43HqGK6.

Во друг случај, барателите Китановска и Барбуловски, се жалеле на одбивањето на нивните приговори против платните налози од страна на судот. ЕСЧП делумно ја прифати жалбата за пристапот до суд, утврдувајќи повреда на нивните права.[429]

На средината на јули 2023 година, ЕСЧП донесе одлука во случајот Д.Х. и другите против Република Северна Македонија, што е значаен случај за правата на сексуалните работнички во државата. Во овој случај, барателите поднеле барања за проверка на законитоста на нивното лишување од слобода. Тие тврделе дека биле неоправдано приведени; дека не биле информирани за причините за нивното апсење; дека не им била доставена официјална евиденција за одземените предмети; дека не им биле обезбедени храна, вода и користење тоалет; дека не била укажана медицинска нега и дека земањето примероци од крв им било извршено без судски налог. Врз основа на овие наводи, ЕСЧП одлучи дека постои повреда на член 3 и член 8 од ЕКЧП и одлучи државата да ги обесштети барателите.[430]

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Според податоците во Годишниот извештај за 2022 година, Народниот правобранител во претходната година постапувал/разгледувал вкупно 3.482 претставки, од кои 3.209 претставки се од 2022 година, додека другите 273 предмети беа пренесени од претходната година. Од вкупниот број претставки, Народниот правобранител почнал постапка во 2.173 случаи (или 62,41%). Во оваа извештајна година најголем број на констатирани повреди беа од областа за заштита на правата на децата (103 случаи), од областа на правосудството (89 случаи), од областа на граѓанските услови и други внатрешни работи (58 предмети), потрошувачките права (53 предмети), социјалната заштита (47 предмети), заштитата на правата што произлегуваат од работните односи (44 предмети), пензиско и инвалидско осигурување (42 предмети) и други.[431]

429 ЕСЧП, „Случај Китановска и Барбуловски против Северна Македонија“, Апликации бр. 53030/19 и 31378/20, 9 мај 2023, https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-224560%22]}.

430 ЕСЧП, „Случај Д.Х. и други против Северна Македонија“, Апликација бр. 44033/17, 18 јули 2023, https://bit.ly/3LBRUv2.

431 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедување почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2022“, март 2023, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf.

Во Годишниот извештај на Националниот превентивен механизам за 2022 година,[432] Народниот правобранител ги истакна итните проблеми присутни во психијатриските болници и во казнено-поправните установи и изрази загриженост за лошата хигиена и присуството на опрема за мачење во психијатриските болници во Скопје и Демир Хисар.[433] Беше истакнато дека нема доволно вработени. Во затворот во Идризово се пронајдени нехумани услови, пренатрупаност и недостиг на затворски персонал, вклучително и медицински персонал. Постојат примери за затвореници кои делат кревет и спијат на земја, со ограничен пристап до соодветни санитарни капацитети.[434]

Во ноември 2022 година, Народниот правобранител го објави Извештајот за следење на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2021 година.[435] Според него, во оваа извештајна година, во споредба со минатата, се забележува намалена процентуална застапеност кај мнозинската заедница за 5%, а најголем пораст од 4% има албанската заедница. Сепак, Народниот правобранител повторно укажува дека постојат институции во кои воопшто не се застапени помалите заедници, а особено упати апел до МАНУ, Вишиот управен суд и Советот на јавни обвинители да ги спроведуваат годишните планови за вработување со примена на начелото на соодветна и правична застапеност. Со формирањето на новото Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, Извештајот забележува промена во соодносот на застапеност во корист на помалобројните заедници во однос на мнозинската заедница за 3,2%.[436]

Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) потпишаа Меморандум за соработка, во кој се нагласува заложбата на двете страни да работат заедно на унапредување и заштита на сите права на граѓаните.[437]

432 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај на националниот превентивен механизам за 2022 година", 26 јуни 2023, https://bit.ly/3K2IdWN.
433 „Во психијатриска болница во Демир Хисар Народниот правобранител нашол каиши за врзување, синџири со катанци и дебел кабел", Сакам да кажам, 26 јуни 2023, https://sdk.mk/index.php/makedonija/vo-psihijatriskata-bolnitsa-demir-hisar-narodniot-pravobranitel-nashol-kaishi-za-vrzuvane-sindhiri-so-katantsi-i-debel-kabel/.
434 „Лоши услови и нечовечки третман во психијатриските болници и затворите констатира омбудсманот", Слободна Европа, 26 јуни 2023, https://www.slobodnaevropa.mk/a/32476533.html.
435 Народен правобранител на Република Северна Македонија „Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2021 година", ноември 2022, https://bit.ly/3PCPhf0.
436 Исто.
437 „Потпишан Меморандум за соработка со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", официјална интернет-страница на народниот правобранител на Република Северна Македонија, 7 март 2023, https://bit.ly/3MlElkN.

# ТОРТУРА ИЛИ ДРУГ ВИД НА СУРОВО, НЕЧОВЕЧНО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ ИЛИ КАЗНУВАЊЕ

Во текот на 2022 година, Народниот правобранител постапувал по 11 претставки во однос на тортура, нехумано и нечовечко постапување од страна на полициски службеници и припадници на затворската полиција.[438] Од поднесените претставки, две се однесуваат на употреба на прекумерна сила и физичко малтретирање, сторени од страна на припадници на затворската полиција, а девет се однесуваат на малтретирање во вршење служба од полициски службеници.[439] При постапувањето, Народниот правобранител доставил три барања за утврдување на казнена одговорност, при што по едно од тие барања е донесена правосилна осудителна пресуда од страна на Основниот кривичен суд Скопје, со која обвинетиот е прогласен за виновен за сторено кривично дело, малтретирање во вршење на служба, додека за преостанатите предмети постапката е во тек.

Во текот на 2022 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР презеде мерки за испитување на вкупно 1.269 случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, од кои за четири кривични дела – малтретирање во вршење на службата, се поднесени кривични пријави.[440] За споредба, во првите девет месеци од 2023 година, Одделот презеде мерки за испитување на вкупно 866 случаи на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработените во Министерството, од кои две се однесуваат на малтретирање во вршење на службата.[441]

Кон крајот на 2022 година, Судот осуди двајца полициски службеници кои беа прогласени за виновни за малтретирање при извршување на службена должност. Двајцата полицајци му пришле на едно лице и побарале лична карта. Лицето

438 Народен правобранител на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за степенот на обезбедување почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2022", март 2023, https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf.

439 Исто.

440 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2022 година", јануари 2023, https://bit.ly/40iZkcP.

441 Министерство за внатрешни работи, „Извештај за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во првите девет месеци од 2023 година", 25 октомври 2023, https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/png2pdf.pdf.

одговорило, по што грубо го пребарале и го удриле по главата. Потоа го врзале со лисици и повторно почнале да го удираат, по што го подигнале повредениот за да го однесат во полициска станица.[442] Двајцата полицајци беа осудени на една година затвор и суспендирани на три години.

До Управата за извршување на санкциите веќе три години не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице.[443]

442 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Нова судска одлука што ја санкционира полициската бруталност", 19 декември 2022, https://mhc.org.mk/news/nova-sudska-odluka-shto-ja-sankcionira-policiskata-brutalnost/.

443 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2022 година", декември 2022, https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/MYLA-Годишен-Извештај-2022-WEB_compressed.pdf.

# ЗАТВОРИ И ПРИТВОРИ

На средината на септември 2023 година, Министерството за правда (МП) подготви нов предлог-закон за амнестија, кој има цел ублажување на алармантната состојба во затворите во земјава, која е истакната во многубројни меѓународни извештаи, вклучително и на Советот на Европа.[444] Со предлог-законот се предлага целосно ослободување на осудените на затвор до шест месеци, додека за осудените на казна затвор над шест месеци се предлага да бидат ослободени од издржување на 30 отсто од целата казна.[445] На 26 септември предлог-законот беше изгласан во Владата, по што влезе во собраниска постапка.[446]

Истовремено, Владата ги одобри измените на Законот за основно образование, со цел да се обезбеди редовно образование за малолетните лица во воспитно-поправните и казнено-поправните установи. Овие измени беа направени заради усогласување со препораките од страна на Народниот правобранител[447] и КСЗД.[448]

Следејќи ја препораката на Народниот правобранител по посетата на Казнено-поправната установа „Идризово“,[449] министерот за правда потврди дека малолетните девојчиња кои ги издржуваат своите казни во таа установа, ќе бидат преместени во поправниот дом „Волковија“.[450]

Воедно, КСЗД издаде Општи препораки за подготовка на акциски планови за реконструкција или изградба на отворени и полуотворени институции за осуденици, бидејќи сите жени-осуденици во земјата издржуваат затворски казни само во Казнено-поправната установа „Идризово“. Оваа ситуација ги става жените

444 „Министерството за правда го подготви предлог-законот за амнестија: сторителите на лесни кривични дела ќе се ослободат од затвор или ќе добијат помали казни“, 360 степени, 13 септември 2023, https://360stepeni.mk/pravda-go-podgotvi-predlog-zakonot-za-amnestija-storitelite-na-lesni-krivichni-dela-ke-se-oslobodat-od-zatvor-ili-ke-dobijat-pomali-kazni/.

445 „Лога: Состојбата во затворите е алармантна, ги замолувам сите политички партии да го поддржат предлог-законот за амнестија“, 360 степени, 14 септември 2023, https://360stepeni.mk/loga-sostojbata-vo-zatvorite-e-alarmantna-gi-zamoluvam-site-politichki-partii-da-go-poddrzhat-predlog-zakonot-za-amnestija/.

446 „Законот за амнестија го помина владиниот филтер, утре влегува во собраниска процедура“, Канал 5, 26 септември 2023, https://kanal5.com.mk/zakonot-za-amnestija-go-pomina-vladiniot-filter-utre-vleguva-vo-sobraniska-procedura/a602552.

447 „За истата мерка, момчињата во казнено-поправниот дом, девојчињата во затвор“, 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/za-ista-merka-momchinjata-vo-vospitno-popraven-dom-devojchinjata-vo-zatvor.

448 „КСЗД со општа препорака кон МОН и Управата за извршување санкции за обезбедување задолжително образование во воспитно-поправните установи и казнено-поправните домови“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 29 март 2023, https://bit.ly/3nQdtyY.

449 „За иста мерка, момчињата во воспитно-поправен дом, девојчињата во затвор“, 24 Вести, 2 април 2022, https://24.mk/details/za-ista-merka-momchinjata-vo-vospitno-popraven-dom-devojchinjata-vo-zatvor.

450 Министерство за правда, „Тупанчески: Во ’Волковија‘ ќе се издржува мерката ’упатување во ВПД‘ за малолетничките на кои име е изречена“, официјална интернет-страница на Министерството за правда, 20 октомври 2022, https://pravda.gov.mk/vest/6424.

во нееднаква положба, во споредба со мажите-осуденици, кои имаат можност да издржуваат казни во други полуотворени и отворени казнени установи.[451]

КСЗД исто така објави и мислење и друга општа препорака за Министерството за образование и наука (МОН) за извршена дискриминација на децата кои издржуваат воспитно-поправна мерка во Воспитно-поправната установа во Тетово. Имено, КСЗД утврди директна и континуирана дискриминација од страна на МОН заради тоа што установата немала пристап до задолжително образование. Општата препорака бара од МОН да соработува со Управата за извршување санкции за да обезбеди систематски, одржлив и континуиран пристап до задолжително образование за сите осудени лица или деца за време на издржувањето на затворските казни или воспитно-поправните мерки.[452]

На 12 јуни 2023 година беа објавени измените и дополнувањата на Правилникот за распоредување, класификација и сместување на осудените лица во казнено-поправните установи, со цел да им се обезбедат на жените кои издржуваат затворски казни исти права и бенефиции како и на мажите.[453] Спроведувањето на измените почна веднаш, со пет барања за користење бенефиции од страна на осуденичките доставени во првите две недели,[454] по објавувањето во Службен весник на Република Северна Македонија.

На почетокот на 2023 година, Управата за извршување санкции спроведе мерки и активности за формирање, развој и унапредување на пробациска служба.[455] Управата најави дека формирале функционална пробациска служба во земјата со вкупно 11 функционални пробациски канцеларии, за областите на основните судови во Скопје, Куманово, Тетово, Битола, Штип, Велес, Струмица, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Гевгелија и вкупно 33 пробациски службеници биле ангажирани во Секторот за пробација. Нивните податоци покажуваат дека бројот на предмети расте секоја година. Додека бројот на пробациски предмети во 2019 година бил 165, во 2020 година тој изнесувал 276.

451 „Општа препорака“, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 23 март 2023, https://bit.ly/3UxOddn.

452 „КСЗД со општа препорака кон МОН и Управата за извршување санкции за обезбедување задолжително образование во Воспитно-поправните установи и Казнено-поправните домови“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 29 март 2023, https://bit.ly/3nQdtyY.

453 „Правилник за дополнување на Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи“, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 120/2023.

454 „По скоро три години, Јанкулоска за првпат на викенд отсуство – пет жени излегоа од 'Идризово' со измената на Правилникот“, Макфакс, 1 јули 2023, https://bit.ly/3ZuELtq.

455 „Преземени мерки и активности на Управата за извршување на санкциите во насока на воспоставување, развој и унапредување на пробациската служба“, официјална интернет-страница на Управата за извршување на санкции, 2 јануари 2023, https://bit.ly/40biTTs.

Во 2021 година имало 451, а во 2022 година имало 475 предмети.[456] За понатамошно подобрување на пробациската служба во земјата, Управата најави соработка со различни државни институции и неколку законски измени и дополнувања.[457]

На почетокот на декември 2022 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) го објави својот извештај за состојбата и условите во казнено-поправните установи и поправните домови за 2022 година.[458] Наодите во извештајот покажуваат подобрени материјални услови во некои казнено-поправни установи, како и напори за едукација на кадарот, но и постоење на системски недостатоци, како што се: ниско ниво на мултисекторска соработка меѓу надлежните институции, немање пристап до здравствена заштита и образование, постоење корупција, супстандардни услови за живот во некои казнено-поправни установи, како и недостаток на соодветни услови за спроведување програми за ресоцијализација, како и слободни и стручни активности на осудените лица.

Како најгорливи проблеми во пенитенцијарниот систем и понатаму остануваат лошите материјални услови во најголемиот затвор „Идризово", пристапот до здравствената заштита, корупцијата, поставувањето на нестручни кадри на менаџерски позиции и директори на установи, како и недоволно ефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување со осудените лица.[459]

456 Исто.
457 Исто.
458 Ина Џугуманова, „Извештај за состојбите и условите во казнено-поправните установи и воспитната установа за 2022 година", Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 6 декември 2022, https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/borba-protiv-tortura-i-nehuman-tretman.pdf.
459 Македонско здружение на млади правници, „Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија – 2022 година", декември 2022, https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/12/MYLA-Годишен-Извештај-2022-WEB_compressed.pdf.

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во однос на бројот на претставки, во 2022 година биле поднесени вкупно 300 претставки пред Агенцијата за заштита на лични податоци (АЗЛП), од кои 232 претставки (77%) се за злоупотреби на социјалните мрежи. Другите се по други основи, на пример директен маркетинг, неможноста за повлекување согласност, необезбедување услови за остварување на правата на субјектите, поврзани со личните податоци и друго. Во врска со злоупотребата на социјалните мрежи, повеќето претставки се однесуваат на лажни профили, неовластен упад во профили, објавување на видео- и аудио-снимки на други лица, навреди, клевети и уценување на интернет. Најчестата социјална мрежа на која се однесувале претставките е „Фејсбук“ (116), потоа „Инстаграм“ (103), додека другите претставки се за „Јутјуб“, „Тикток“, „Твитер“, „Снепчат“ и други.[460]

Во 2023 година, МВР пријави зголемување на случаите на злоупотреба на туѓи лични податоци за добивање на брзи заеми, во однос на минатата година кога биле евидентирани 43 случаи, додека 76 случаи биле евидентирани помеѓу 2019 и 2021 година. Иако Министерството за финансии ги надгледува трговските друштва што работат со финансии, сепак не ги решава нерегуларностите поврзани со злоупотребата на податоците, припишувајќи ја одговорноста на МВР и АЗЛП. Тие, пак, изјавија дека софтверот за идентификација од далечина што го користат овие компании може да ја олесни злоупотребата на податоците и ги повика лицата да ги пријавуваат злоупотребите со цел да се спроведе истрага.[461] Во таа насока, кон крајот на јули, АЗЛП изрече пет прекршочни санкции во вкупен износ од 1.318.384 денари, меѓу кои и санкција за компанија што одобрила онлајн-заеми на физички лица кои направиле злоупотреба на туѓи лични податоци.[462]

ДКСК иницираше постапка против двајца поранешни директори на Управата за водење на матичните книги (УВМК) поради сомневање за тргување со лични податоци на македонски граѓани, поврзано со дигитализацијата на милиони документи во матичните книги за умрени, родени и венчани. Според нив, во две тендерски постапки не биле обезбедени соодветни заштитни мерки за зачувување на приватноста на личните податоци на граѓаните. АЗЛП изврши вонреден надзор на УВМК, при што

460 Агенција за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за 2022“, 31 март 2023, https://bit.ly/43hA8oe.
461 „Брзи кредити на туѓ грб“, Призма, 29 мај 2023, https://prizma.mk/brzi-krediti-na-tug-grb/.
462 „Агенцијата за заштита на личните податоци изрече пет прекршочни санкции во вкупен износ од 1.318.384 денари“, официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци, 26 јули 2023, https://bit.ly/3RDPvUy.

беше констатирано дека тие не ги утврдиле целосно процесите и постапките што овозможуваат почитување на прописите за заштита на личните податоци во однос на управувањето со системот за заштита на личните податоци и во однос на безбедноста на личните податоци обработени во процесот на дигитализација на регистрите што се водат во хартиена или во електронска форма.[463]

Во октомври 2022 година, АЗЛП заврши со спроведување на твининг-проектот „Поддршка во имплементација на модернизираната национална рамка за заштита на личните податоци", финансиран од Европската унија, чија главна цел беше да се подобри заштитата на основните човекови права и системот за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија согласно стандардите на законодавството на Европската унија.[464]

Преку ТАИЕКС, на крајот од 2022 година, на АЗЛП ѝ беа одобрени серија настани преку кои ќе се почне со подготовка на новата Стратегија за спроведување на правото за заштита на личните податоци (2024-2030), која претставува клучен документ за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија и инструмент што ќе ја опишува состојбата на системот за заштита на личните податоци на национално ниво и ќе предвидува целосен и модернизиран пристап кон заштитата на правото на заштита на личните податоци.[465]

Потребно е да се спроведат препораките на Народниот правобранител за проблемите што итно треба да се адресираат, а се присутни во психијатриските болници и во казнено-поправните установи: лоша хигиена, присуство на опрема за мачење во психијатриските болници, недостаток на вработени, нехумани услови и пренатрупаност на затворите;

Потребно е да се обезбеди финансиска автономија на Канцеларијата на Народниот правобранител за да го користи својот буџет без да бара одобрение од Министерството за финансии;

Неопходно е судовите да го следат позитивниот пример на Основниот кривичен суд Скопје за изрекување на ефективна казна затвор за полициски службеници, поради малтретирање при вршење на службена должност;

Неопходна е соработка помеѓу надлежните институции за надминување на негативниот тренд на злоупотреба на туѓи лични податоци за добивање на брзи заеми.

463 „Информација за вонредната супервизија во Управата за водење на матичните книги", официјална интернет-страница на Агенцијата за заштита на личните податоци, 21 јули 2023, https://bit.ly/3Pya567.
464 Агенција за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 2 декември 2023.
465 Исто.

## СЛОБОДА НА МИСЛА, СОВЕСТ И РЕЛИГИЈА

Во Извештајот за верските слободи во Република Северна Македонија за 2022 година на Стејт департментот се нотира дека Основниот граѓански суд добил шест апликации во текот на годината за регистрирање цркви и религиозни заедници/групи. По две од нив судот донел одлука, а по преостанатите четири апликации сѐ уште се постапува.[466] Исто така, во Извештајот се истакнува дека ХКЧП регистрирал два инцидента на говор на омраза со религиозна компонента во текот на годината, со што се бележи значајно намалување во однос на претходната година.[467]

## СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ

На 17 ноември 2022 година, Собранието го донесе новиот Закон за граѓанска одговорност за клевета и навреда, со кој казните за новинари, уредници и правни лица за клевета и навреда се намалуваат до петпати во споредба со претходниот закон.[468]

Во втората половина на јули беа донесени измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,[469] кои се однесуваат на финансирањето на јавниот сервис, Македонската радио-телевизија (МРТ) и на регулирање на мултимедијалните содржини, кои содржат текст, аудио и видео, додека интернет-порталите ќе бидат опфатени во идните подзаконски акти.[470]

ОЈО Скопје назначи еден од нивните јавни обвинители како лице за контакт во врска со предмети поврзани со безбедноста на новинарите, кои се во надлежност на оваа институција.[471] Оваа позиција има цел да послужи како директна врска за комуникација помеѓу нападнатите новинари и ОЈО Скопје и да ги координира постапките во врска со уништувањето на имотот што им припаѓа на новинарите и на медиумските работници, а кога тоа е поврзано со нивната работа.[472]

466 Канцеларија за меѓународна религиска слобода при Стејт Департментот на САД, „Извештај за меѓународна верска слобода: Северна Македонија 2022" (2023) <https://www.state.gov/reports/2022-report-on-international-religious-freedom/north-macedonia/>.

467 Исто.

468 Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 251/22.

469 Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 154/23.

470 „Од 149. седница на Владата: Продолжен е рокот за замрзнување на цените на определени продукти; утврден е предлогот на Законот за АВМУ; заклучоци околу предметот на терминалот во Александрополис", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 25 април 2023, https://vlada.mk/node/33034.

471 „ЗНМ: 'ОЈО Скопје назначи јавен обвинител како лице за контакт за предмети поврзани со безбедноста на новинарите'", официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 4 октомври 2022, https://bit.ly/3QtqZmw.

472 „Почна соработката на ЗНМ со обвинителката за нападнати новинари, се активираат и старите нерешени истраги", официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 31 октомври 2022, https://bit.ly/3ivQHKw.

Меѓународната мисија за процена на медиумската состојба во организација на ЗНМ изрази загриженост поради доцнењето во назначувањето членови на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ААВМУ) и на Програмскиот совет на МРТ од страна на Собранието. Поради недостаток на политички консензус, овие тела моментално функционираат со членовите на кои им е истечен мандатот, а сè уште работат и функционираат како вршители на должност.[473]

Република Северна Македонија има подобрување во рангирањето според Индексот за слобода на медиумите на „Репортери без граници“. Земјата е моментално на 38. позиција од 180 земји, што е значително зголемување во однос на претходното рангирање на 57. позиција. Сепак, извештајот ги нагласува предизвиците, како што се широкораспространетите дезинформации, недостатокот на професионализам и намалената доверба во медиумите, кои ги изложуваат независните новинари на закани и напади. Извештајот, исто така, го забележува постојаниот проблем со непријателско и понижувачко однесување на државните претставници кон новинарите.[474]

Во извештајниот период, ЗНМ потпиша меморандум за соработка со МРТ[475] и со Судско-медиумскиот совет.[476]

## ПРИТИСОК ВРЗ НОВИНАРИ

На 13 февруари 2023 година беа донесени долгоочекуваните измени и дополнувања на Кривичниот законик,[477] со кои се овозможува поголема заштита на новинарите и медиумските работници, бидејќи нападите врз нив ќе се третираат како напади врз службени лица.[478]

473 Здружение на новинари на Македонија, „Слободата на медиумите во Северна Македонија: Напредок на стаклени нозе Извештај од Мисијата за процена на состојбата со слободата на медиумите“, (2023) <https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/11/MK-Fact-Finding-PFM-Report-251023-web-final.pdf>.

474 „С. Македонија напредува според слободата на медиумите“, Дојче веле, 3 мај 2023, https://www.dw.com/mk/s-makedonija-napreduva-spored-slobodata-na-mediumite/a-65500645?maca=maz-rss-maz-pol_makedonija_timemk-4727-xml-mrss.

475 „Меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и МРТ: Постојани обуки за новинарите и снимателите во јавниот сервис“, официјална интернет-страница на Здружението на новинарите на Македонија, 15 ноември 2022, https://bit.ly/3XmEFSx.

476 „Потпишан меморандум за соработка помеѓу ЗНМ и Судско-медиумскиот совет“, официјална интернет-страница на Здружението на новинари на Македонија, 24 февруари 2023, https://bit.ly/3lfYY6R.

477 „Минаа измените на Кривичниот законик“, 24.mk, 13 февруари 2023, https://24.mk/details/minaa-izmenite-na-krivichniot-zakonik.

478 „Новинарите бараат итно усвојување на измените на Кривичниот законик за нивна поголема заштита“, Радио МОФ, 2 ноември 2022, https://www.radiomof.mk/novinarite-baraat-itno-usvojuvanje-na-izmenite-na-krivichniot-zakonik-za-nivna-pogolema-zashtita/.

ЗНМ регистрирало вкупно седум напади и посериозни закани во текот на 2022 година, со што се забележува благо зголемување во однос на 2021 година, кога биле забележани пет вакви инциденти.[479] Сепак, новинарите и медиумските работници сè уште не пријавуваат голем број инциденти и се чувствуваат несигурни поради инертноста на обвинителството и судството во решавањето на минатите случаи на напади.[480]

Индексот на безбедноста на новинарите на Западен Балкан бележи благо уназадување во однос на претходната година. Од 3,95 во 2021 година на 3,92 во 2022 година, што се должи на зголемувањето на бројот на судски предмети за клевета или навреда против новинари и медиуми во 2022 година, како и на зголемениот број на физички напади и закани кон новинари, по што следуваат бавни истраги и висок степен на неказнивост.[481]

Многубројните инциденти помеѓу медиумите и претставниците од Владата[482] кулминираа со протестниот марш за одбрана на новинарското достоинство организиран од ЗНМ и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) на средината на февруари 2023 година. Во оваа пригода, новинарите бараа итно донесување на релевантни закони, важни за нивните права и за работата на медиумите и нивното доследно спроведување. Дополнително, тие бараа јавните функционери и политичари да ги почитуваат новинарите и медиумските работници и да се стави крај на агресивниот државен пи-ар, поголема поддршка за локалните новинари и медиуми и почитување на работничките права и безбедни услови за работа на новинарите и медиумските работници.[483] Последователно, Европската федерација на новинари го осуди несоодветното однесување на државните функционери кон новинарите и ги потсети на моралните обврски што ги носи јавната функција.[484]

479 Здружение на новинари на Македонија, „Северна Македонија: Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2022“, (2023) <https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/03/MK-MK-2022.pdf>.

480 Исто.

481 Милан Спировски, „Индекс на безбедноста на новинарите на Западен Балкан, Република Северна Македонија – Наративен извештај 2022“ (Здружение на новинарите на Македонија, 2023), https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2023/06/MK-MK.pdf.

482 Претседателот на политичката партија Демократска унија за интеграција јавно етикетираше две телевизиски станици како непријателски за време на неговото обраќање кога се обиде да изрази незадоволство со медиумското покривање на партиските активности, при што ги нарече „непријатели на Албанците“; За време на конференција за печат министерот за економија обвини новинар дека поставува прашања во име на други и потсети друг новинар дека неговата улога била да поставуваат прашања, а не да дава коментари на одговорите; Според ЗНМ и ААВМУ друг инцидент се случил на 151-годишнината од раѓањето на македонски револуционер, кога Владата применила селективен приод во акредитирањето на одредени медиуми што ќе го покривале настанот.

483 „Марш за одбрана на новинарското достоинство“, Канал 5, 17 февруари 2023, https://kanal5.com.mk/marsh-za-odbrana-na-novinarskoto-dostoinstvo/a569044.

484 „Северна Македонија: ЕФН го осуди несоодветното однесување на државните функционери кон новинарите“, Европска федерација на новинари, 8 февруари 2023, https://europeanjournalists.org/blog/2023/02/08/north-macedonia-efj-condemns-inappropriate-behaviour-of-state-officials-towards-journalists/.

Потребно е итно да се изберат новите членови на Советот на ААВМУ и на Програмскиот совет на МРТ;

Потребно е надлежните институции доследно да ги применуваат измените на Кривичниот законик, со кои нападот врз новинар се казнува како напад врз службено лице, како и да постапуваат поефективно при пријава на загрозување на безбедноста на новинарите и медиумските работници;

Потребно е сензибилизирање на претставниците на политичките партии и јавните институции за работата на новинарите и за начелото на слобода на изразување, со цел овозможување на исполнување на јавниот интерес за информирање, но и избегнување на ширење на говор на омраза и напади против медиумските екипи.

# РАНЛИВИ ГРУПИ И НАЧЕЛОТО НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

На 118. седница, Владата на Република Северна Македонија го разгледа и го одобри акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација од 2022 до 2026 година, кој вклучува временска рамка и финансиски елементи со цел да се обезбеди Стратегијата да биде целосно спроведена до 2026 година.[485]

## КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

На почетокот на ноември 2022 година, по оставката на претседателот и член на КСЗД, членовите на Комисијата избраа нов претседател и заменик-претседател[486], а на средината на февруари 2023 година, КСЗД објави јавен оглас за избор на два члена: еден со мандат од пет години и еден со мандат од една година, два месеца и осум дена.[487]

Извештајот на ЕК за Република Северна Македонија за 2022 година[488] ги посочи истите проблеми наведени во претходниот извештај за земјата, односно наведе многубројни логистички и финансиски предизвици што ја попречуваат работата на КСЗД. Понатаму, беше наведено дека Владата повторно го скратила годишниот буџет на КСЗД, а сè уште постои недостаток на административен кадар. Забелешка има и за недостатокот на независност на КСЗД во однос на буџетот поради недоследност во актуелната законска рамка и недостаток на разновидност во составот на КСЗД, особено во однос на полот и лицата со попреченост.[489]

Според годишниот извештај за 2022 година, КСЗД постапила по вкупно 248 поднесени претставки, што претставува зголемување за 188,37% во споредба со 2021 година, и по седум предмети по сопствена иницијатива. Постапувајќи по поднесените претставки,

485 „Се одржа 118. седница на Владата: Второто полугодие ќе започне на 23 јануари, усвоен Акциски план за реализација на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација за 2022-2026 година", официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 10 јануари 2023, https://vlada.mk/node/31667.

486 „КСЗД со нов претседател", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 3 ноември 2022, https://bit.ly/3klkxls.

487 „Одлука за објавување на јавен оглас за избор на членови на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 34/2023.

488 Европска комисија, „Работен документ на комисијата – Извештај Северна Македонија 2022 година (COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT – North Macedonia 2022 Report)", 12 октомври 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en.

489 „КСЗД во Извештајот на Европската комисија", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 18 октомври 2022, https://bit.ly/3ZEAS50.

КСЗД утврдила дискриминација во 70 случаи, додека кај 64 се утврдило дека нема основа за дискриминација; за 17 претставки е донесен заклучок за непостапување, неповедување или запирање на постапката, а 63 претставки биле отфрлени поради утврдена ненадлежност, неуредност, застареност и недопуштеност. Пријавените случаи се однесуваат на областите на работата и работните односи (86 случаи), јавно информирање и медиуми (78 случаи), пристап до добра и услуги (26 случаи), образование, наука и спорт (21 случај), социјално осигурување (18 случаи), правосудство и јавна администрација (11 случаи), домување (9 случаи) и други области. Најчесто пријавена основа за дискриминација била националната или етничка припадност (124 случаи), потоа личното својство и општествениот статус (75 случаи), пол (56 случаи), припадност на маргинализирана група (51 случај), родов идентитет (45 случаи) и сексуална ориентација (43 случаи).[490]

Исто така, во извештајниот период, КСЗД потпиша меморандуми за соработка со Народната банка на Република Северна Македонија и со ААВМУ.[491]

## ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Националната нацрт-стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030, која има цел да ги промовира и да ги заштити правата на лицата со попреченост и да обезбеди нивно целосно учество и достоинство, беше објавена во април 2023 година,[492] по што следуваа завршни консултации во јуни 2023 година.[493] Сепак, Коалицијата „Менуваме“ ја критикуваше инклузивноста на процесот на изготвување,[494] додека Министерството за труд и социјална политика (МТСП) одговори дека се вклучени неколку здруженија на лица со попреченост во процесот.[495]

490 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Годишен извештај на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) за 2022 година“ (2023) <https://bit.ly/3oPWOfM> пристапено на 30 октомври 2023 година.

491 „КСЗД и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потпишаа меморандум за соработка“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 24 август 2023, https://bit.ly/3PTZIjQ.

492 Министерство за труд и социјална политика, „Нацрт-национална стратегија за правата на лицата со попреченост 2023-2030 со Акциски планови 2023-2026“, ЕНЕР, 3 април 2023, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=newdocumentdetails&detalisId=61.

493 „Завршна консултација за нацрт-стратегијата за правата на лицата со попреченост“, официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 9 јуни 2023, https://bit.ly/3NJfc2o.

494 „Коалицијата 'Менуваме' ги поздравува предлог законските измени во Собранието, но бара лицата со попреченост да бидат наведени во Уставот“, Опсервер, 12 јуни 2023, https://opserver.mk/politika/koalicija-menuvame-gi-pozdravuva-predlog-zakonskite-izmeni-vo-sobranieto-no-bara-licata-so-poprechenost-da-bidat-definirani-vo-ustavot/.

495 „Коалицијата 'Менуваме' не ја прифаќа нацрт-националната стратегија за правата на лицата со попреченост“, Телма ТВ, 12 јуни 2023, https://telma.com.mk/2023/06/12/koalicijata-menuvame-ne-ja-prifakja-nacrt-nacionalnata-strategija-za-pravata-na-licata-so-poprechenost/.

На 22 мај 2023 година беше објавен нацрт-законот за системот за процена на лица со попреченост на ЕНЕР, кој опфаќа различни аспекти на процесот на процена на лицата со попреченост, како и функционирањето на Централното координативно тело за процена на лица со попреченост.[496]

Откако беше утврдено дека на 23 лица со попреченост им е одбиена финансиска помош од државата поради нивната возраст, Народниот правобранител побара измена на Законот за социјална заштита.[497] Тој лоцираше дискриминаторски елементи во овој закон затоа што е предвидено лицата постари од 65 години да немаат право на финансиска помош, иако според Народниот правобранител, тогаш им е најпотребна.[498]

На 12 јануари 2023 година, министерката за труд и социјална политика, министерот за здравство и министерот за образование и наука го потпишаа Правилникот за функционална процена на деца и млади со попреченост, кој го регулира функционирањето на стручните тела за оценка, методот за оценка и обезбедувањето на дополнителна поддршка во образованието, здравството, социјалната заштита и детската заштита.[499]

До крајот на учебната 2022/2023 година, Народниот правобранител продолжи да добива петиции од родителите на учениците во врска со недостатокот на образовни асистенти.[500] Како долгорочно решение, Народниот правобранител препорача МОН да ги интензивира активностите за донесување на нов Закон за средно образование и да го усогласи со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, а дотогаш Народниот правобранител препорача МОН да овозможи непречено образование и поддршка од образовен асистент за секое дете со попреченост.[501]

Пред почетокот на новата учебна 2023/2024 година, Народниот правобранител подготви Информација за инклузивното образование со фокус на остварување на правото на образовна и лична асистенција за учениците со попреченост во општинските основни училишта во учебната 2022/2023 година. Имено, Народниот правобранител

496 Министерство за труд и социјална политика, „Нацрт на Законот за системот за процена на лица со попреченост“, ЕНЕР, 22 мај 2023, https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=79449.
497 Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/22 и 65/23.
498 „Омбудсманот бара измени во законот за социјална заштита на лицата со попреченост“, Телма ТВ, 23 ноември 2022, https://bit.ly/3D9R7x8.
499 „Потпишан Правилникот за функционална процена на деца и млади со попреченост“, официјална интернет-страница на Владата на Република Северна Македонија, 12 јануари 2023, https://vlada.mk/node/31688.
500 „Министерството за образование станува најпроблематичен и најнефункционален ресор, Омбудсманот Зибери ги објави сите поплаки на родители и ученици“, Сакам да кажам, 30 септември 2022, https://bit.ly/3kS434B.
501 „Народен правобранител: 'Има ученици за кои не се обезбедени образовни асистенти'“, Радио МОФ, 3 декември 2022, https://www.radiomof.mk/naroden-pravobranitel-ima-uchenici-za-koi-ne-se-obezbedeni-obrazovni-asistenti/.

констатираше дека МОН го зголемил бројот на образовни асистенти што изнесува 720, а кои давале услуга на вкупно 775 ученици со попреченост запишани во општинските основни училишта. Основните училишта со ресурсен центар вршеле рационализација на распределените образовни асистенти, така што над 55 образовни асистенти истовремено давале поддршка на повеќе од еден ученик. Но, и покрај напорите секој ученик да ја добие потребната поддршка, вкупно 61 ученик со попреченост, во претходната учебна година, следеле настава без поддршка од образовен асистент. Народниот правобранител ја достави оваа информација до МОН, Министерството за здравство и МТСП со препорака за преземање мерки за надминување на констатираните недостатоци и остварување на ефикасна и непречена инклузија на децата со попреченост и целосно учество во наставниот процес во новата учебна година.[502]

Друга област каде што пристапноста останува предизвик е високото образование, според новата анализа подготвена од Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, во соработка со Народниот правобранител.[503] Имено, ниту еден факултет не обезбедува соопштенија и документи во достапни формати како што се Брајово писмо, аудио или зголемен текст, физичкиот пристап до предавалните и библиотеките е ограничен во многу случаи, при што на 55% од факултетите им недостигаат лифтови, а само 10% од факултетите нудат литература во достапни формати.[504]

Во извештајниот период, Основниот граѓански суд, по примерот на првата,[505] донесе уште една пресуда со која ја истакна директната дискриминација на лицата со попреченост во остварувањето на нивното право на глас, нагласувајќи ја потребата од пристапни избирачки места.[506]

502 Народен правобранител на Република Северна Македонија „Извештај за состојбата и препораки на Народниот правобранител за обезбедување на образовни и лични асистенти за учениците со попреченост“, официјална интернет-страница на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, 22 август 2023, https://bit.ly/3SbsSXJ.

503 „Презентација на клучните наоди од анализата за пристапноста до високо образование за лицата со попреченост“, официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 25 јули 2023, https://bit.ly/3PXwuvb.

504 „Високото образование е недостапно за многу лица со попреченост во земјава, не се запишуваат на факултет бидејќи нема соодветен пристап“, Слободен печат, 21 јули 2023, https://bit.ly/49mWRCh.

505 „Владата и Државната изборна комисија сториле директна дискриминација врз лицата со попреченост при остварување на нивното право на глас“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 1 септември 2022, https://bit.ly/3hHEqSk.

506 „Основниот граѓански суд утврди дека Владата и ДИК ги дискриминирале лицата со попреченост“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија, 19 април 2023, https://mhc.org.mk/news/osnovniot-graganski-sud-utvrdi-deka-vladata-i-dik-gi-diskriminirale-licata-so-poprechenost/.

# РОД

На 17 ноември 2022 година, Собранието го донесе Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите на насилни кривични дела, кој стапи на сила на 17 мај 2023 година. Паричниот надоместок е предвиден со цел да се спречи можна виктимизација и секундарна виктимизација како дополнително страдање предизвикано од пристапот на надлежните органи.[507]

Измените на Кривичниот законик од 13 февруари 2023 година вклучуваат одредби за спроведување на Истанбулската конвенција со кои по првпат се наведува родово базираното насилство како поим, се додаваат нови кривични дела, а се предвидуваат и повисоки казни за кривичните дела извршени или кои произлегуваат од родово базирано насилство.[508]

На почетокот на декември 2022 година, Владата го претстави новиот Концепт за даночни реформи, во кој една од иницијативите е намалување на стапката на ДДВ од 18% на 5% за производите за менструална хигиена.[509] Оваа мерка, наменета да придонесе за борбата против менструалната сиромаштија и да овозможи поголема достапност на овие производи за сите жени и девојки, без оглед на нивната економска положба и куповна моќ, беше реализирана со измената на Законот за данок на додадена вредност кон крајот на септември 2023 година.[510]

Во јануари 2023 година, ААВМУ промовираше специјализирана интернет-страница за родот и медиумите, достапна на македонски, албански и англиски јазик: www.rodotimediumite.mk. Целта на оваа интернет-страница е да биде ресурсен центар за медиумите каде што ќе можат да најдат ресурси, информации и линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучително и родово-заснованото насилство, но исто така и место каде што граѓаните можат да најдат корисни линкови и информации, вклучително и институции и организации од кои можат да побараат помош во случај да се изложени на родово-засновано насилство.[511]

507 „МЗМП: 'Донесен е Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство'", Академик, 2 декември 2022, https://bit.ly/40iBsWj.

508 Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 36/2023.

509 „Ковачевски најави намалување на данокот на менструалните производи од 18% на 5%", Радио МОФ, 1 декември 2022, https://www.radiomof.mk/kovachevski-najavi-namaluvanje-na-danokot-na-menstrualnite-proizvodi-od-18-na-5/.

510 Закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност, Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 199/2023.

511 „МТСП и АВМУ со заеднички заложби за унапредување на родовите прашања", официјална интернет-страница на Министерството за труд и социјална политика, 7 март 2023, https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-mtsp-i-avmu-so-zaednicki-zalozbi-za-unapreduvanje-na-rodovite-prashanja.nspx.

Во март 2023 година, ААВМУ ја презентираше „Анализата на родовите прашања и начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите во 2022 година", која покажа дека во дел од анализираните телевизиски програми отсуствува родова сензитивност, а наспроти тоа, забележани беа содржини во кои се преиспитуваа традиционално поставените родови улоги и норми, а жените се промовираа во различните општествени сфери. Иако генералниот заклучок е дека поголем дел од содржините беа родово неутрални, сепак можеа да се забележат и двете крајности на содржини со впечатливо традиционални аспекти и со впечатливо прогресивни и современи ставови во поглед на родовата рамноправност.[512]

По реакциите на земјоделските организации[513] и други НВО[514] во однос на системскиот проблем со нерегулираното платено породилно отсуство за жените кои работат во земјоделскиот сектор, Владата донесе програма за обезбедување на социјална сигурност за жените кои се занимаваат со земјоделска дејност.[515]

На почетокот на март 2023 година, КСЗД објави мислење за утврдена дискриминација по ова прашање,[516] по што следуваше донесување на предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување од страна на Собранието во првата фаза од законодавната постапка, но измената сѐ уште останува во собраниска постапка.[517]

Потенцијалното донесување на Законот за матична евиденција и на Законот за родова еднаквост предизвика загриженост кај лидерите на верските заедници во Република Северна Македонија за иднината на нивните членови, особено жените и децата.[518] Тврдејќи дека промовирањето на различни родови идентитети и флуидност меѓу нив може да предизвика штета, верските заедници организираа протест против овие

512 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер", 28 ноември 2023.
513 „Земјоделките произведуваат храна за сите и одгледуваат генерации, а немаат платено породилно отсуство", Радио МОФ, 12 декември 2022, https://www.radiomof.mk/zemjodelkite-proizveduvaat-hrana-za-site-i-odgleduvaat-generacii-a-nemaat-plateno-porodilno-otsustvo/.
514 „Жените земјоделки бараат законско решение за породилно отсуство", Сител, 20 февруари 2023, https://sitel.com.mk/zhenite-zemjodelki-baraat-zakonsko-reshenie-za-porodilno-otsustvo.
515 „Програма за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2023 година", Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 31/2023.
516 „Мислење" (Комисија за спречување и заштита од дискриминација, 2 март 2023), https://bit.ly/3KFxukJ.
517 „Собранието на РСМ го изгласа предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување со кој се овозможува платено породилно отсуство за земјоделки", официјална интернет-страница на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, 12 мај 2023, https://bit.ly/3MYjwKU.
518 „Лидерите на петте верски заедници предлагаат повлекување на предлог-законите за матична евиденција и за родова еднаквост", 24 Вести, 5 мај 2023, https://24.mk/details/liderite-na-pette-verski-zaednici-predlagaat-povlekuvanje-na-predlog-zakonite-za-matichna-evidencija-i-za-rodova-ednakvost.

закони.[519] Граѓанското општество реагираше, при што ХКЧП изрази загриженост за безбедноста на лезбиската, геј, бисексуалната, транс и интерсексуалната заедница (ЛГБТИ) за време на протестот,[520] а Платформата за родова еднаквост и Мрежата за заштита од дискриминација го осудија протестот како обид за притисок за повлекување на предлог-законите.[521]

На почетокот на јануари 2023 година, МП објави Оперативен план за 2023 година, за спроведување на акцискиот план за Истанбулската конвенција за 2018-2023 година, кој содржи активности во оваа област под надлежност на МП, заедно со временската рамка за 2023 година и буџетот за нивното спроведување.[522] Истовремено, МП го објави својот Годишен оперативен план за 2023 година за спроведување на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за спроведување на Резолуцијата 13/25 на ОН „Жени, мир и безбедност“ (2020-2025) – стратешка рамка, која исто така ги вклучува и активностите што се планирани под надлежност на МП, заедно со временската рамка за 2023 година и буџетот за нивното спроведување.[523]

На средината на декември 2022 година, МТСП објави дека отвориле центар за жени-жртви на семејно насилство во полошкиот регион, бидејќи тоа е единствениот регион во земјата каде што немаше објект што обезбедува услуги на привремен престој, заштита, психосоцијална помош и поддршка за жртвите кои доживеале насилство и злоупотреба.[524]

Во април 2023 година, Националниот совет за родова рамноправност отвори советувалиште за жртви на семејно насилство и потпиша Меморандум за соработка со Министерството за внатрешни работи за унапредување на превенцијата и заштитата од семејно и родово базирано насилство.[525]

519 „МПЦ-ОА организира протест против Законот за родова еднаквост и измените за матична евиденција“, Слободен печат, 23 јуни 2023, https://bit.ly/44NTgdh.
520 „Хелсиншки објави препораки за ЛГБТИ-лицата бидејќи е загрижен за нивната безбедност за време на утрешниот протест“, 360 степени, 28 јуни 2023, https://360stepeni.mk/helsinshki-objavi-preporaki-za-lgbti-litsata-bidejki-e-zagrizhen-za-nivnata-bezbednosta-za-vreme-na-utreshniot-protest/.
521 „Платформа за родова еднаквост: Стоп за омразата и насилството врз жените“, Радио МОФ, 28 јуни 2023, https://www.radiomof.mk/platforma-za-rodova-ednakvost-stop-za-omrazata-i-nasilstvoto-vrz-zhenite/.
522 „Оперативниот план за 2023 година за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство (Истанбулска конвенција) за 2018-2023 година“ (Министерство за правда, 3 јануари 2023), https://pravda.gov.mk/Upload/Documents/NAP%20GREVIO%202023.PDF.
523 „Годишен оперативен план на МП за 2023 година за имплементација на Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија за имплементација за Резолуцијата на ООН 13/25 „Жени, мир и безбедност“ (2020-2025) – стратегиска рамка“ (Министерство за правда, 16 јануари 2023), https://bit.ly/3JttfHc.
524 „Полошкиот регион го доби првиот Центар за жени-жртви на семејно насилство“, Радио МОФ, 13 декември 2022, https://bit.ly/3XGSwn5.
525 „Отворено советувалиште за жртви на семејно насилство и потпишан Меморандум за соработка помеѓу МВР и НСРР“, Слободен печат, 13 април 2023, https://bit.ly/3J1MKYd.

# ГОВОР НА ОМРАЗА

ХКЧП, во 2022 година, регистрираше 150 случаи на говор на омраза на социјалните медиуми на порталот www.govornaomraza.mk, од кои 61 се случаи на говор на омраза врз основа на политичка припадност, 52 случаи врз основа на етничка припадност, 39 случаи врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет и осум случаи врз основа на пол и род. Сепак, сѐ уште не се иницирани обвиненија за пријавите поднесени од страна на ХКЧП поврзани со говорот на омраза во текот на 2022 година.[526]

## ДЕЛА ОД ОМРАЗА

Во текот на 2022 година, од страна на ХКЧП се забележани околу 160 настани поврзани со криминал од омраза, што претставува речиси двојно зголемување во однос на претходната година. Најголемиот број од нив се поврзани со кривичното дело насилство, телесна или тешка телесна повреда, оштетување имот, кражба, сериозна закана и уништување симболи. Најголем дел од кривичните дела се мотивирани од етничката припадност на жртвата, а како други мотиви се нотираат и мигрантскиот статус, политичките убедувања, религиозната определба и сексуалната ориентација.[527]

Три години по одржувањето на првата Парада на гордоста во Скопје, поднесено е обвинение за злосторство од омраза против припадник на ЛГБТИ-заедницата во Република Северна Македонија.[528]

Друг позитивен пример за реакција од страна на судскиот систем на кривично дело од омраза против припадниците на ЛГБТИ-заедницата е пресудата донесена од Основниот суд Струмица во ноември 2022 година, врз основа на признание на обвинетиот.[529] Во пресудата, Судот го прогласи обвинетиот виновен за сторено кривично дело од омраза врз претседателот на здружението ЛГБТИ „Јунајтед“,

526 Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија, „Годишен извештај за состојбата со човековите права во 2022 година“ (2023), https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2023/09/godishen-izveshtaj-2022-mk-fin.pdf.

527 Наташа Петковска, „Годишен извештај за криминалот од омраза во 2022 година: злосторства од омраза“, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Северна Македонија (2023), https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2023/08/godisen-izvestaj_zlostorstva-od-omraza-2022_mk_alb_eng_po653136_23.08.2023-1.pdf.

528 „По три години обвинение за напад врз член на ЛГБТ-заедницата“, Дојче веле, 30 ноември 2022, https://bit.ly/3W0Ngt6.

529 „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година“, официјална интернет-страница на Институтот за европска политика – Скопје, 22 декември 2023, https://epi.org.mk/post/25506.

што претставува важен чекор за правдата и се очекува дека овие позитивни промени во кривичниот систем конечно ќе ја прекинат практиката на неказнивост за сторителите на кривични дела од омраза против ЛГБТИ-заедницата.[530]

Постапувајќи по обвинителен предлог на ОЈО Скопје, Основниот кривичен суд Скопје го прогласи обвинетиот за виновен за насилство од омраза поради сексуална ориентација и припадност кон ЛГБТ-заедницата, при што го нагласи значењето на концептот на делата на омраза, што резултираше со затворска казна од две години.[531]

530 „ЛГБТИ Јунајтед: 'Казна затвор од 6 месеци за лицето кое физички го нападна активистот Беким Асани'", Радио МОФ, 6 декември 2022, https://www.radiomof.mk/lgbti-junajted-kazna-zatvor-od-6-meseci-za-liceto-koe-fizichki-go-napadna-aktivistot-bekim-asani/.

531 „Две години затвор за лицето што го нападна активистот Беким Асани на плоштадот 'Скендербег' во Скопје", официјална интернет-страница на LGBTI United, 5 септември 2023, https://lgbtiunited.mk/2023/09/05/dve-godini-zatvor-za-liceto-shto-go-napadna-aktivistot-bekim-asani-na-ploshtadot-skenderbeg-vo-skopje/.

# ЛГБТИ+

Во изминатата година, Владата ја повлече претходната верзија на предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција,[532] заради неопходноста за финализирање на законот.[533] Оваа одлука предизвика различни реакции од националните организации[534] и меѓународни засегнати страни.[535] Оттука МП промовираше иницијатива за подготовка на нов предлог на Законот за матична евиденција.[536] Предлогот на Законот треба да вклучува одредби во врска со видовите и содржината на матичните книги, дополнителната регистрација во матичната книга на родени по утврдениот рокот и дополнителното регистрирање на лица кои се родени во домашни услови, меѓународната правна соработка во областа на матичната евиденција, постапките за правно признавање на родот и дигитализацијата и интероперабилноста.[537]

Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминацијата и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешките документи во оваа област на крајот на 2022 година одржа конститутивна седница на втората компонента од ова тело. На конститутивната седница беше повторена потребата за донесување на  национален акциски план за унапредување на правата на ЛГБТИ+ заедницата во Република Северна Македонија.[538]

На шести март 2023 година, во Собранието на Република Северна Македонија беше одржан состанок на претставниците на граѓанските организации што работат на теми поврзани со ЛГБТИ+ со пратениците од Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ+ лицата. На средбата се дискутираше за акцискиот предлог-план и соработката со невладиниот сектор. Се разговараше за чекорите што треба да следуваат за донесување на изменување и дополнување на Законот за матична евиденција што ќе овозможат правно признавање на родот.[539]

532 „Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција“, ЕНЕР, 2019, https://bit.ly/3kGlCVo.
533 „Повлечен владиниот предлог-закон за промена на полот со нотарска изјава“, ТВ 24, 22 март 2022, https://bit.ly/3ra8FTQ.
534 „Мрежата за борба против хомофобија и трансфобија ја осудува одлуката за повлекување на предлогот за изменување и дополнување на Законот за матична евиденција“, ТВ 21, 22 март 2022, https://bit.ly/3raynaR.
535 „Писмо: Европратениците се обратија до Владата на Северна Македонија во врска со правното признавање на родот и Законот за матична евиденција“, официјална интернет-страница на Коалицијата „Маргини“, 21 април 2022, http://coalition.org.mk/archives/12152.
536 „Ќе се изготвува нов Закон за матичната евиденција“, Правдико, 16 јануари 2023, https://www.pravdiko.mk/85386-2/.
537 „Предлог на Законот за матичната евиденција“, ЕНЕР, 2023, https://bit.ly/3Zsh3Nq.
538 „Конституиран вториот состав на Националното координативно тело за недискриминација“, официјална интернет-страница на LGBTI United, 16 јануари 2023, https://lgbtiunited.mk/2023/01/16/konstituiran-vtoriot-sostav-na-nacionalnoto-koordinativno-telo-za-nediskriminacija/.
539 „Правното признавање на родот за трансродовите лица се враќа во фокусот на властите и законодавниот дом“, официјална интернет-страница на LGBTI United, 6 март 2023, https://lgbtiunited.mk/2023/03/06/pravnoto-priznavanje-na-rodot-za-transrodovite-lica-se-vrakja-vo-fokusot-na-vlastite-i-zakonodavniot-dom/.

Република Северна Македонија доживеа мало назадување во однос на правата на ЛГБТИ+, според Мапата и Индексот на виножитото на ИЛГА-Европа. Земјата е рангирана на 32. место од 49 европски земји, едно место подолу од претходната година. За да се подобри состојбата, ИЛГА-Европа препорачува донесување на фер и транспарентна правна рамка за признавање на родот, развој на акциски планови што конкретно се однесуваат на сексуалната ориентација и родовиот идентитет и распределба на средства за нивно спроведување. Дополнително, извештајот предлага воведување законодавство за говор на омраза насочено кон кривични дела мотивирани од сексуална ориентација и родов идентитет, заедно со механизми за нивно ефикасно спроведување.[540]

Годишната парада на гордоста, организирана од Националната мрежа против хомофобија и трансфобија, се одржа на 24 јуни со тема „Гласно и гордо“. Парадата имаше цел да создаде поддржувачка и славеничка средина за лицата ЛГБТК+ и привлече околу 1.500 до 2.000 учесници, меѓу кои и функционери и странски дипломати.[541] Настанот се одвиваше мирно, при што зголеменото полициско присуство гарантираше безбедност.[542] Сепак, се организираше и еден мал контрапротест на група студенти, кој не успеа да добие масовност.[543]

540 „С. Македонија назадуваше едно место според ЛГБТ+ правата, останува меѓу најлошите во регионот“, Радио МОФ, 17 мај 2023, https://www.radiomof.mk/s-makedonija-nazaduvashe-edno-mesto-spored-lgbt-pravata-ostanuva-megju-najloshite-vo-regionot/.

541 „На 24 јуни под слоганот 'Гласни и горди', се организира четврта Парада на гордоста во Скопје“, Алфа, 4 јуни 2023, https://bit.ly/45LNlHf.

542 „Мирно, со полиција и поддршка од амбасадите: Барања за слободно родово самоопределување упатени од скопската Парада на гордоста“, Гласот на Америка, 25 јуни 2023, https://mk.voanews.com/a/7151637.html.

543 „Протест против 'Парадата на гордоста' – слаб интерес, присуствуваа само четворица луѓе“, ТВ 21, 24 јуни 2023, https://mk.tv21.tv/protest-protiv-paradata-na-gordosta-slab-interes-prisustvuvaa-samo-chetvoritsa-luge/.

# РОМИ

Беше донесена пресуда на 13 декември 2022 година, кога ЕСЧП утврди дека две основни училишта, „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола и „Гоце Делчев“ во Штип, го прекршиле правото на недискриминација (член 14) во однос на правото на образование (член 2 од Протокол 1) на ромските деца. Ромските деца веќе неколку години учат во сè повеќе сегрегирани паралелки, тренд што веќе доведува до постоење на одделенија целосно составени од ромски деца поради тоа што нeромските родители ги запишуваат своите деца во училишта на други места. Имајќи го тоа предвид, родителите на ромските деца сметаат дека опаѓа квалитетот на образованието што им се нуди на децата во училиштата со мнозинско ромско население. Оттука, ЕСЧП утврди дека постои дискриминаторски третман и им додели надоместок на домаќинствата каде што живеат овие деца.[544]

Македонското здружение на млади правници (МЗМП) информираше за смртта на млад Ром, кој не можел да добие лична карта, поради што немал пристап до здравствена заштита. Мажот, на возраст од дваесет години, почина поради нелекуван дијабетес тип 1. МЗМП истакна дека фактори што придонеле за трагичниот исход се административните пречки, непочитувањето на конвенциите во законите и подзаконските акти и општата институционална небрежност кон поединците без соодветна идентификација.[545] Поврзано со овој случај КСЗД донесе мислење со кое се утврдува индиректна дискриминација врз основа на имотна состојба и социјално потекло, со препорака МВР да предложи измена на Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните, со која ќе се овозможи пријавување на живеалиште/престојувалиште на лицата кои не поседуваат имот, ниту имаат имот по закуп.[546]

На почетокот на јуни 2023 година беа пронајдени навредливи графити со кукести крстови и навредливи натписи на куќи во сопственост на ромската заедница во Битола. ХКЧП остро го осуди овој чин и ги повика властите да го истражат инцидентот, да ги идентификуваат сторителите и да го класифицираат како злосторство од омраза.[547]

544 ЕСЧП, „Случај Елмазова и други против Северна Македонија“, Апликации бр. 11811/20 и 13550/20, 13 декември 2022, https://bit.ly/3i92CxS.
545 „Почина нашиот сограѓанин Мемет Камбер, дваесетгодишник кој не доби право да има права“, официјална интернет-страница на Македонското здружение на млади правници, 30 мај 2023, https://myla.org.mk/49083/.
546 Комисија за спречување и заштита од дискриминација, „Мислење“, 29 август 2023, http://www.errc.org/uploads/upload_en/file/5522_file2_errc-МИСЛЕЊЕ-08-401.pdf.
547 „Кукастите крстови врз куќите на Ромите е злосторство од омраза“, официјална интернет-страница на Хелсиншкиот комитет за човекови права, 8 јуни 2023, https://bit.ly/3Xi5yZ8.

